РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВНО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ РЕГИОНАЛЕН ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА КОЛЕ НЕДЕЛКОВСКИ
Бр. 01-623/1
31.08.2026 год.
ВЕЛЕС

СОДРЖИНА

ТИМОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА САМОЕВАЛУАЦИЈАТА	4
ЛИЧНА КАРТА НА УЧИЛИШТЕТО	5
МИСИЈА НА УЧИЛИШТЕТО	7
ВИЗИЈА	7
ПОДАТОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ ВО РЕГИОНАЛНИОТ ЦЕНТАР	8
ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА НА УЧИЛИШТЕТО - ОРГАНОГРАМ	9
ОБРАЗОВНИ ПРОГРАМИ	10
ОБРАЗОВНИ СТРУКИ И ПРОФИЛИ	13
ФАЗИ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА САМОЕВАЛУАЦИЈАТА	
ОБЛАСТ 1: ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА	14
ОБЛАСТ 2: ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ	92
ОБЛАСТ 3: ПРОФЕСИНАЛЕН РАЗВОЈ	140
ОБЛАСТ 4: УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ	157
ОБЛАСТ 5: КОМУНИКАЦИИ И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА	191
ОБЛАСТ 6: УЧИЛИШНА КЛИМА И КУЛТУРА	229
ОБЛАСТ 7: СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИТЕ И ЛОКАЛНАТА СРЕДИНА	259
ОБЛАСТ 8: СОРАБОТКА СО ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ	282
ИЗВЕШТАЈ	296

02-668/3
31-08-26

Врз основа на член 145 од Статутот на Државно средно училиште Регионален центар за стручно образование и обука „Коле Неделковски" од Велес, Наставничкиот совет на ДСУ РЦСОО "Коле Неделковски"- Велес на седницата одржана на ден 31.08.2026 година ја донесе следната

О Д Л У К А

За усвојување на предлог извештај за самоевалуација за работата на ДСУ РЦСОО „Коле Неделковски"-Велес за учебната 2024/2026 година

Член 1

Наставничкиот совет на ДСУ РЦСОО „Коле Неделковски"-Велес, го разгледа предлог извештајот за самоевалуација за работата на ДСУ РЦСОО „Коле Неделковски"-Велес за учебната 2024/2026 година

Член 2

Предлог извештајот за самоевалуација за работата на ДСУ РЦСОО „Коле Неделковски"-Велес за учебната 2024/2026 година беше едногласно прифатен од Наставничкиот совет.

Член 3

Одлуката стапува на сила од денот на донесувањето.

Одлуката е доставена до:
1. Членови на Управен одбор
2. Архив на училиштето

Датум
31.08.2026

Директор
Горан Богоевски

02-669/6
31.08 26

Врз основа на член 153 од Статутот на Државното средно училиште Регионален центар за стручно образование и обука „Коле Неделковски" од Велес, Советот на родители на ДСУ РЦСОО "Коле Неделковски"- Велес на седницата одржана на ден 31.08.2026 година ја донесе следната

ОДЛУКА

Разгледување и усвојување на Предлог-Извештај од самоевалуација 2024-2026 година на ДСУ РЦСОО"Коле Неделковски" Велес.

Член 1

Советот на родители на ДСУ РЦСОО "Коле Неделковски"- Велес едногласно го усвои Предлог-извештајот од самоевалуација 2024-2026 година на ДСУ РЦСОО"Коле Неделковски" -Велес

Член 2

Одлуката стапува на сила од денот на донесувањето.

Одлуката е доставена до:
-Архива на училиштето

Датум
31.08.2026 год

Претседател на Совет на родители
Горанчо Крстиќ

ДСУ РЦСОО „Коле Неделковски“
ул. „Андон Шурков“ 4а
1400 Велес



www.kolenedelkovski.edu.mk
e-mail: kolenedelkovski@yahoo.com
facebook.com/rcsookolenedelkovski

Врз основа на член 89-а од Законот за средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016 и 67/2017), и член 123 од Статутот на ДСУ РЦСОО “Коле Неделковски”-Велес, Управниот одбор при ДСУ РЦСОО “Коле Неделковски”-Велес на состанокот одржан на 31.08.2026 година ја донесе следната

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВНО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ РЕГИОНАЛЕН ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА КОЛЕ НЕДЕЛКОВСКИ
Бр. 02-67016
31.08 2026 год.
ВЕЛЕС

ОДЛУКА

Се усвојува Предлог Самоевалуација на ДСУ РЦСОО „Коле Неделковски“-Велес за период 2024-2026 година .

Член 1

Одлуката стапува во сила со денот на донесувње.

Доставено до
-архива
-Министерство за образование и наука -Скопје

Во Велес, 31.08.2026 година

Претседател
на Управен одбор
Магдалена Иванова

ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈАТА ЗА РАБОТАТА НА ДСУ РЦСОО „КОЛЕ НЕДЕЛКОВСКИ“ ВО ПЕРИОДОТ ОД 2024 ДО 2026 ГОДИНА

ВОВЕД

Самоевалуацијата на училиштето е процес насистематско и континуираноследење,анализирањеи вреднувањенаостварениото во изминатитегодини соединственацел:дасеанализираквалитетотнасевкупнатаработанаучилиштето.СоприменанаSWOTанализасеанализираиопределија силнитеислабитестранинаучилиштето,расположливитересурсии неговотоокружувањеисепоставијаглавнитетези заизготвувањенаизвештај одсамоевалавацијата.

Врз основа на овие предности и слабости произлегоа одредени приоритети од кои потоа ќе се развиваат развојни цели со задачи и активности.

Самоевалуацијатаеспроведенавопериодотоддвенаставнигодини(2024/2025г.и2025/2026г.)согласно Законот за средно образование и Правилник за начинот на спроведување на самоевалуацијата,формата,содржината и начинот на изготвување на извештајот за извршена самоевалуација ги опфаќаследнивеобласти:

- **организација иреализацијананаставатаи учењето,**
- **постигања на учениците,**
- **професионален развој на наставниците,стручните соработници и на раководниот кадар,**
- **управувањеи раководење,**
- **комуникации и односисојавноста,**
- **училишна клима и култура,**
- **соработка со родителите и со локалната средина**

Самоевалуацијата во средните училишта се спроведе во четири фази:
- подготовка;
- собирање податоци;
- анализа на податоците и
- изготвување на извештај.

Во фазата на подготовка :
- На вработените во ДСУ РЦСОО Коле Неделковски им беше објаснета целта на самоевалуацијата и текот напроцесот и беа формирани тимови во кои беа вклучени сите наставници и стручната служба заедно со раководните органи

Во фазата собирање податоци беа:
- определени методите за собирање податоци, беа обезбедени докази и
изработени инструментите за самоевалуација .На одржаните состаноци со координаторите беа определени примероци за анкети, фокус групи, испитаници за длабински интервјуа.Беа дистрибуираниелектронски анкети за учениците, родителите/старателите, наставниците, стручнитесоработници и членовите на заедницата, беа спроведени интервјуа и дискусиии беа собрани и прегледани релевантни документи.

Во фазата анализа на податоците се изврши обработка и анализа на квантитативните и квалитативните податоци, беше организирани собраните податоци на системски начин, според индикаторите и темите, идентификување силни страни, слаби страни и приоритети на ДСУ РЦСОО Коле Неделковски по подрачја.

Во фазата на изготвување на извештај, се изготви извештајот, врз основа на кој ќе се подготвуваат акциски планови за унапредување на работата на училиштето.

ТИМОВИЗАРЕАЛИЗАЦИЈАНАСАМОЕВАЛУАЦИЈАТА:

Подрачје 1: Наставни планови и програми	Подрачје 2: Постигањанаученици те	Подрачје 3: Учењеинаста ва	Подрачје 4: Поддршканаученици те	Подрачје 5: Училишнаклиma и односи во училиштето	Подрачје6: Ресурси	Подрачје7: Управување, Раководењеикреирањеполит ика	Подрачје 8 Соработкасо пазарот на трудот
Координатор	***Координатор***	***Координатор***	***Координатор***	***Координатор***	***Координатор***	***Координатор***	***Координатор***
Орданче Амбарков	**Гордана Мулева**	**Цветанка Ѓакова Панова**	**Верица Анѓушева**	**Мира Ташкова**	**Славица Карбева**	**Горан Богоевски**	**Пандорче Јорданова**
членови	**членови**	**членови**	**членови**	**членови**	**членови**	**членови**	**Членови**
Тања Пауновска	Ивева Биљана	Оливер Петков	Јане Гонев	Јордан Палашев	Елена Јосифовска	Марјанче Панов	Василија Јорданова
Боро Ристовски	Зоран Пасламушков	Бојана Темелковска	Кристинка Пачукова	Даниел Арсов	Јованче Талаков	Валентина Шкрекова	Ивана Димовска
Дуле Банев	Силвана Петрова	Влатко Панов	Марина К. Филипова	Леонид Таневски	Марјанчо Малинов	Катерина Стојадиновиќ	Александра Климкарова
Ванчо Костадинов	Олгица Минова	Илија Танев	Марија Голубовиќ	Мимоза Панова Тодоровска	Марјан Малинов	Горан Бузалковски	
Иван Иванов	Снежана Софијанова	Марија Јанушева	Илија Трчилов	Сашо Ѓоргов	Митхат Мемиќ	Магдалена Иванова	
Леонид Кодовски	Маја Живанова	Мариче Стојанова	Игор Теов	Валентин Елисковски	Сара Бочваров	Христина Трајкова	
Никола Дечев	Златко Здравковски	Елена Миткова Јованова	Горан Атансков/Наталија Ашиковска	Даниел Здравевски	Љубе Бабунски	Ангелче Гушев	
Стојанче Иванов				Симонче Мајсторов	Емил Петрушев		
				Димче			

				Зврцинов			

ЛИЧНАКАРТАНА УЧИЛИШТЕТО

ДСУ РЦСОО „КолеНеделковски“ одВелес е образовнаустановаодјавенкарактер во која се образуваат ученици од трети и четврти степен. Истотака училиштето реализира и образование за возрасни и валидација на стекнати знаења и вештини.


Како правен субјект е формирана со одлука наосновачотСобрание на ОпштинаВелес, со седиште воВелес, Решение бр.11952/1 од 28.09.1965 година од страна на Собранието на Општина Велес и од 01.01.2024 прераснува во Државно средно училиште Регионален центар за стручно образование и обука (Одлука на Влада на Република Северна Македонија Бр.41-11135/5 од 7 ноември 2023 година.

ОПШТИ ПОДАТОЦИ

Име на училиштето:	Државно средно училиште Регионален центар за стручно образование и обука„Коле Неделковски“
Адреса на Регионалниот	ул. „Андон Шурков“ бр. 4а, 1400 Велес, Република Северна Македонија
E-mail	kolenedelkovski@yahoo.com,ssou-kolenedelkovski@schools.mk
WEB	www.kolenedelkovski.edu.mk
Facebook страна на училиштето	https://www.facebook.com/rcsookolenedelkovski
Основање на Регионалниот Центар	Решение бр.11952/1 од 28.09.1965 година од страна на Собранието на Општина Велес 01.01.2024(Одлука на Влада на Република Северна Македонија Бр.41-11135/5 од 7 ноември 2023 година
Јазик на кој се изведува наставата	Македонски јазик
Површина на објектот	6 800 m²
Површина на двор	5 182 m²
Број на спортски сали и спортски терени, патеки	1+3(за футсал, одбојка, кошарка)+1 патека за лесно рекреативно трчање
Број на вработени	77

Сектори во регионалниот Центар	Машинство/Електротехника/Сообраќај транспорт и складирање/Угостителство и туризам
Број на училници	- 35 кабинети според стандарди пропишани од соодветните струки; - 1 специјализирана машинска работилница со помошни простории; - 11кабинети од машинската, електротехничката, сообраќајна и угостителска струка за практична настава; тренинг центар во склоп на машинска работилница
Број на помошни простории	8

МАПА НА УЧИЛИШТЕТО



Градот Велес се наоѓа во централното подрачје на Република Македонија, на главниот патен правец Е-75 кој ја поврзува северната и јужната граница на државата. Градот Велес е лоциран 50 km јужно од главниот град Скопје.

Државното средно училиште Регионален центар за стручно образование и обука „Коле Неделковски“ е лоцирано во индустриската зона на градот наречена „УЗУС“. Пристапот до училиштето е можен од неколку патни правци (два од Скопје и еден од Гевгелија).

МИСИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

НУДИМЕ КУЛТУРНА И БЕЗБЕДНА СРЕДИНА, КАДЕ СОВРЕМЕНАТА НАСТАВА ПРЕКУ МЕЃУСЕБЕН НАТПРЕВАР ВО ТЕОРЕТСКАТА И ПРАКТИЧНАТА НАСТАВА, ВОДИ КОН ПОВИСОКИТЕ ОБРАЗОВНИ ИНСТИТУЦИИ, СОЦИЈАЛНИТЕ ПАРТНЕРИ И ЛОКАЛНАТА СРЕДИНА.

ВИЗИЈА

САКАМЕ УЧИЛИШТЕТО ДА ПРЕРАСНЕ ВО ПРЕПОЗНАТЛИВА СРЕДИНА КОЈА ПРЕКУ ОБУКА ЗА ПОДОБАР ЖИВОТ И РАБОТА ВО РЕАЛНАТА КОМПАНИЈА ЌЕ ПОБУДИ ИНТЕРЕС КАЈ УЧЕНИЦИТЕ.

УСПЕХОТ, РЕДОВНОСТА И ДИСЦИПЛИНАТА НА УЧЕНИЦИТЕ САКАМЕ ДА ПРЕТСТАВУВААТ ПРЕПОЗНАТЛИВ ПРИМЕР СО КОЈ ЌЕ СЕ ГОРДЕЕМЕ НИЕ, ЛОКАЛНАТА СРЕДИНА И ПОШИРОКО СО ШТО МНОГУ БРЗО ЌЕ ПРЕРАСНЕМЕ ВО ЕФЕКТИВНО УЧИЛИШТЕ.

2.ПОДАТОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ ВО РЕГИОНАЛНИОТ ЦЕНТАР

2.1 НАСТАВЕН И НЕНАСТАВЕН КАДАР

Наставен и ненаставен кадар	Вкупно	Етничка и полова структура на вработените											
		Македонци		Бошњаци		Албанци		Роми		Турци		Власи	
		м	ж	м	ж	м	ж	м	ж	м	ж	м	ж
Број на вработени	**77**	42	33	1	0	0	0	0	0	0	0	0	0
Директор	**1**	1	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0
Број на наставен кадар	**61**	35	25	1	0	0	0	0	0	0	0	0	0
Број на стручни соработници	**4**	0	4	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0
Административни соработници	**1**	0	1	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0
Техничка служба	**11**	6	3	0	0	0	0	0	0	0	0	1	1

**Во периодот од месец март 2026 година училиштето е без административен соработник*

- Степен на стручна подготвеност на наставен и стручен кадар

Профил	Д-р	М-р	VII-1	VI
Директор			1	
Педагог			1	
Психолог			1	
Социјален работник			1	
Библиотекар			1	
Наставници		5	54	2
Секретар/благајник			1	

III ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА НА УЧИЛИШТЕТО – ОРГАНОГРАМ



ОБРАЗОВНИПРОГРАМИ

Наставата се реализираше согласно наставни планови и програми одобрени од МОН. Учениците од прва, втора и трета година(со тригодишно траење) и четврта година наставата ја реализираа по модуларно дизајнирани наставни планови и програми.За сите видови настава на почетокот на учебната година беше изготвен распоред за реализација на часовите. За учениците кои беа упатени на поправен испит, испит на годината согласно Календарот за работа по завршување на наставната година, се реализираше продолжителна настава. За учениците со посебни образовни потреби беше изготвен ИОП и истите се реализираа.

Редовна настава со следните содржини:

- Задолжителни предмети.
- Изборни предмети во трета и четврта година на образование во сите струки.
- Содржини програмирани од училиштето
- Дополнителна настава, организирана од училиштето за сите образовни профили и струки согласно потребите на учениците.
- Додатна настава организирана од училиштето за сите образовни профили и струки согласно потребите на учениците.
- Практична настава.
- Слободни часови на училиштето според препораките на Центарот за стручно образование и обука за сите струки и образовни профили.
- Феријална практика.
- Индивидуални програми за деца со посебни образовни потреби

Задолжителни предмети/модули - неделниот фонд на часови по задолжителните предмети е утврден во наставниот план, а целите и активностите се содржани во наставните програми донесени од БРО.

Изборни предмети – според наставен план изборни предмети се изучуваат во трета и четврта година од образованието. Изборот на предмети се врши по пат на анкета во месец мај.

За сите видови на наставни предмети беше изготвен распоред за часови,со додатна и дополнителна настава, годишни и тематски планирања и истите во целост се реализираа.

Дополнителна настава - организирана за учениците кои имаа потешкотии во совладување на наставните содржини, биле отсутни од настава поради болест или од други причини со примена на индивидуална и групна форма на работа. Секој наставник има доставено годишни планирања за реализирање на дополнителна настава.

Додатна настава - организирана за учениците кои пројавуваа посебен интерес кон некоја област, особено додатната настава се организираше за ученици кои земале учество на натпревари од општинско, регионално и државно ниво.

Практична настава и учење преку работа кај работодавач

Практичната настава и учење преку работа кај работодавач учениците ја реализираа во училиштето, во кабинети, училишни работилници и компании.

- Електротехничка струка - според наставниот план, практична настава/учење преку работа кај работодавач е планирана во трета и четврта година освен во профилите кои се дуална паралелка Електротехничар енергетичар и Техничар за индустриска мехатроника. Практичната настава се реализира во училиште во специјализирани кабинети по практична настава.

- Машинска струка - според наставниот план, практична настава/учење преку работа е планирана во трета и четврта година освен во образовниот профил автомеханичар и заварувач, каде што со практична настава се започнува од прва година и дуалната паралелка Техничар за производно машинство во втора година и Машински техничар за моторни возила Практичната настава се реализираше во компании, автомеханичарски работилници и во специјализирани машински работилници во училиштето.

- Сообраќајна струка - според наставниот план, практична настава/учење преку работа кај работодавач е планирана и реализирана во трета и четврта година. Истата е реализирана во училиштето, шпедиции, осигурителни компании и транспортни претпријатија.

- Угостителско туристичка струка-според наставниот план за профилот (Готвач – Келнер) практичната настава е планирана во прва, втора и трета година и во четврта година за учениците од образовниот профил (Хотелско туристички техничар). Практичната настава се реализира во угостителски објекти и специјализиран кабинет во училиштето за угостителска струка.

Содржини програмирани на училиштето се реализираа со цел да им се излезе во пресрет на учениците кои сакаат да истражуваат и да напредуваат во следните подрачја и теми: Ученички компании и Планирање на кариера,Подготовка за вработување и работа. За истите има програма утврдена од ЦСОО. Менторски тип на водење на истражувачка работа во училиштето, особено изразена во некои проектни задачи изработени од ученици во завршните паралелки и форми кои се реализираат во додатната настава при работа со ученици кои се талентирани и надарени. Со оваа програма беа опфатени учениците од втора,трета и четврта година.

Феријалната практика

Во периодот од 13 јуни до 31 август учениците од прва, втора, и трета година, од сите образовни профили реализираа феријална практика како услов за запишување во наредната година. Времетраењето на феријалната практика е во зависност од струката/секторот.За реализација на феријалната практика направени се претходни подготовки односно реализирана обука на учениците за Безбедност при работа, потпишување договор за соработка помеѓу училиштето и компанијата и потпишување договор за секој ученик поединечно.

За реализација на феријална пракса потпишани се договори со компании од градот и пошироко. Учениците кои доаѓаат од други општини феријалната пракса ја реализираа во нивните општини.

Индивидуални програми за деца со посебни образовни потреби

Директорот на училиштето формираше Инклузивен тим на училиштето кој имаше задача да ја спроведува инклузијата на ученици со посебни образовни потреби. Формирани се и два Инклузивни тима за ученици кои изготвија ИОП и истите ја реализираа наставата. Училиштето имаше поддршка од специјален едукатор рехабилитатор кој помогна во изготвување на ИОП.Во текот на годината имаше континуирана соработка со стручната служба и родителите на учениците.На крајот на годината беа разгледани поединечните постигања на учениците и се дадоа насоки за наредната година со цел нивна успешна социјализација и едукација во согласност со нивните можности и способности.

Продолжителна настава

Продолжителна настава се организираше за учениците упатени на поправен испит согласно Календарот за работа по завршувањето на наставната година. Учениците упатени на поправен испит полагаа во два испитни рока јуни и август, односно мај и јуни за учениците од завршните паралелки.

Воннаставни активности

Воннаставните активности се организираа со цел да се задоволат потребите, интересите и афинитетите на учениците.

ОБРАЗОВНИ СТРУКИ И ПРОФИЛИ

Во училиштето Коле Неделковски ,во рамките на редовната настава се образуваат кадри за машинска, електротехничка, сообраќајна и угостителско-туристичка струка:

Машинскаструка:

Образовен профил	Времетраење на школувањето
Машински техничар	Четиригодишно
Техничар за компјутерско управување	Четиригодишно
Машински техничар за моторни возила	Четиригодишно
Техничар за производно машинство	Четиригодишно
Автомеханичар	Тригодишно
Заварувач	Тригодишно

Електротехничкаструка:

Образовен профил	Времетраење на школувањето
Електротехничар за компјутерска техника и автоматика	Четиригодишно
Електротехничар за електроника и телекомуникации	Четиригодишно
Електротехничар енергетичар	Четиригодишно
Техничар за индустриска мехатроника	Четиригодишно

Сообраќајнаструка:

Образовен профил	Времетраење на школувањето
Техничар за транспорт и шпедиција	Четиригодишно

Угостителско- туристичкаструка:

Образовен профил	Времетраење на школувањето
Келнер	Тригодишно

Готвач	**Тригодишно**
Хотелско-туристичкитехничар	**Четиригодишно**

ОБЛАСТ 1

НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

Бр.	Индикаторзаквалитет	Теми:
1.1	Реализација на наставните планови и програми	• Применувани годишни програми • Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми • Изборна наставни програми • Планирање на активности за реализација на слободните часови
1.2	Квалитет на наставните планови и програми	• Родова и етничка рамноправност и мултикултурнасензитивноствонаставнитепрограми и учебнипомагала • Соработкасолокалнатасрединавонаставнитепрограми и наставнитепомагала • Интегрирањенаопштитецелинаобразованието и определувањеприоритетизаподобрување • Влијаниенанаставниците и родителитеврзнаставнитепланови и програми
1.3	Воннаставни активности	• Обем и разновидностнапланираните и реализиранитевоннаставниактивности • Опфатеностнаученицитесовоннаставнитеактивности • Вклученостнаученицитевоизборот и планирањетонаработатавовоннаставнитеактивности • Афирмирањенаучениците и научилиштетопрекувоннаставнитеактивности

Област:1.Наставни планови и програми	
Индикатор:1.1Реализацијананаставнитепланoвиипрограми	
Коисеизвори идокументизаувид	**Информациикоисесобирани**
• Наставнипланови и програмиод МОН • Годишнапрограмазаработа • Годишниглобални и тематскипланирањаодстрананаставниците • Оперативнипланирањазачаснанаставниците • Е - дневник • Програмазакласенчас • Програмазадополнителна и додатнанаставазаучениците • Разменанаискуства и информацииприпланирањата • Програма за инклузија на деца со попреченост • Изјави за изборни предмети во III и IV годиназа ученици • Индивидуални образовни планови за деца со попреченост • Анкетисонаставници, ученици и родители • Извештајзаработатана ДСУ РЦСОО „КолеНеделковски“- Велесзаучебната 2024-2025година • Извештајзаработатана ДСУ РЦСОО „КолеНеделковски“-Велесзаучебната 2025-2026 година	Наставата во нашето училиште се организира и реализира според Наставни планови и програми коисеодобренисопрограмскидокументиодМинистерствотозаобразование и наука. Тиесереализираатспоредпропишаниотобем и бројначасови, соодветно за секоја струка и секој образовен профил кои се застапени во нашето училиште. За реализација на наставните планови и програми од МОН наставниците подготвуваат годишно планирање, планирање за модуларна единица, планирање за наставен час. Подготвените годишни и тематски планирања наставниците ги доставуваат на почетокот на секоја учебна година до педагошко-психолошката службаи до претседателоите на активи. Во планирањата на наставниците, опфатена е примена на ИКТ во наставата. За примена на ИКТ во наставата во сите кабинети се користат LCD уреди за проектирање, ЛЦД телевизори и лаптопи за наставниците и компјутери за учениците со што значително се подобрува нејзиниот квалитет на изведување. Во училиштето се користат различни начини за информација на родителите и учениците за наставните планови и програми за секој образовен профил поединечно. Родителите добиваат информација на почетокот на новата учебната година преку родителска средба на која има претставување на сите предметни наставници кои предаваат во секоја паралелка поединечно и запознавање со наставната програма за секој предмет посебно. Класните раководители на паралелките ги информираат учениците и родителите за наставниот план на образовниот профил на почетокот на секоја учебна година. Учениците се информираат преку предметните наставници за содржината и целите на наставната програма за секој предмет поединечно, на почетокот на учебната година. За наставните планови и програми за тригодишното и четиригодишното образование, учениците, родителите и наставниците имаат можност да се информираат и преку веб страната на училиштето и веб страната на Центарот за

• Извештајзапревземениактивностивоучилиштетовоучебната 2024/2025 • Извештајзапревземениактивностивоучилиштетово учебната 2025/2026 • Вебстранина ДСУ РЦССО „КолеНеделковски“-Велес,БРО и ЦСОО (Центаротзастручнообразование и обука) • Годишна програма и извештаи за работа на активите • Програма за работа со родители • Планирања за модуларни единици во Содржини програмирани од училиштето	стручно образование и обука. Понатаму во текот на учебната година родителите имаат можност непречено и континуирано да се информираат за успехот, поведението и дисциплината на своите деца преку индивидуални средби со предметните наставници, како и од сајтот на е-дневник, Советот на родители, состаноци на Училишен одбор итн. Реализацијата на наставните планови и програми е во пропишаниот обем и обезбедува постигање на целите. Учениците имаат можност да се определат за 4 (четири) струки и 14 (четирнаесет) образовни профили од четиригодишни и тригодишно образование: 1. Машинство сектор/струка со 4 образовни профила со четиригодишно образование : -Машински техничар (четиригодишно образование), Решение УП1 13-2391-11/12 од 10.06.2020 година за реализација на НПП (четиригодишно образование) -Техничар за комјутерско управување (четиригодишно образование), Решение УП1 13-2391-8/9 од 10.06.2020 година за реализација на НПП за образовниот профил Техничар за компјутерска техника и автоматика од машинска струка(четиригодишно образование) -Машински техничар за моторни возила (четиригодишно образование), Решение УП1 13-2391-10/14 ОД 10.06.2020 година за реализација на НПП (четиригодишно образование) -Техничар за производно машинство (четиригодишно образование), Решение УП1-13-2391-8/9 од 10.06.2020 година за реализација на НПП (четиригодишно образование дуално) 1.1.Машинство сектор/струка со 2 образовни профила со тригодишно образование: -Автомеханичар (тригодишно образование), Решение УП1 13-948 од 05.05.2021 година за реализација на НПП (тригодишно дуално) -Заварувач(тригодишно образование),Решение УП1 13-882 од 04.07.2019 година за реализација на НПП (тригодишно дуално). 2. Електротехника сектор/струка со 4 образовни профила со четиригодишно образование:

	-Електотехничар за електоника и телекомуникации (четиригодишно образование), Решение УП1 13-2391-12/13 од 10.06.2020 година за реализација на НПП (четиригодишно образование) -Електротехничар за комјутерска техника и автоматика (четиригодишно образование), Решение УП1 13-2391-8/9 од 10.06.2020 година за реализација на НПП (четиригодишно образование) -Електротехничар-енергетичар (четиригодишно образование), Решение УП1 13-968 од 06.10.2022 година за реализација на НПП (четиригодишно образование/дуално) -Електротехничар-енергетичар (четиригодишно образование), Решение УП1 13-103/0401 од 10.06.2020 година за реализација на НПП (четиригодишно образование) по оваа верификација се учениците од трета и четврта година кои не се дуални -Техничар за индустриска мехатроника (четиригодишно образование), Решение УП1 13-968 од 15.03.2023 година за реализација на НПП (четиригодишно образование-дуално) 3. Сообраќај,транспорт и складирање сектор/струка со 1 образовен профил со четиригодишно образование: -Техничар за транспорт и шпедиција (четиригодишно образование), Решение УП1 13-2391-5/6 од 10.06.2020 година за реализација на НПП (четиригодишно образование). 4. Угостителство и туризам сектор/струка со 1 образовни профила со четиригодишно образование: -Хотелско – туристички техничар (четиригодишно образование), Решение бр. 11-4148/5 од 21.10.2013 година за реализација на НПП (четиригодишно образование). 4.1 Угостителство и туризам сектор/струка со 3 образовни профила со тригодишно образование: -Келнер (тригодишно образование), Решение бр. 11-11066/7 од 05.09.2014 година за реализација на НПП (тригодишно дуално) -Готвач (тригодишно образование), Решение бр. 11-11606/6 од 05.09.2014 година за реализација на НПП (тригодишно дуално)

	-Слаткар (тригодишно образование), Решение УП1 13-968 од 06.10.2022 година за реализација на НПП (тригодишно дуално) нема запишани ученици во овој образовен профил. 5. Образование за возрасни -Решение бр.12-305 од 27.04.2017 година за реализација на образовниот профил професионален пожаржаникар (постсредно образование) од хемиско технолошка струка -Решение бр.11-2216/4 од 23.08.2013 година за стручно оспособување (прво ниво на стручни квалификации) за занимањето монтажер на метални конструкции и производи од машинска струка -Решение бр.11-10203/31 од 10.06.2014 година за стручно оспособување (прво ниво на стручни квалификации) за занимањето изработувач на браварски производи -Решение бр.03-6/1 од 13.01.2026 година за стручно оспособување, посебна програма, за монтер за фотонапонски централи (образование за возрасни) -Решение бр.10-330/3 од 27.04.2026 година за стручно оспособување, посебна програма, за Пожарникар (образование за возрасни) 6. Специјалистичко образование -Решение бр.09-3655/3 од 03.09.2002 година за специјалистичко образование од електротехничка струка со 6 образовни профили и машинска струка со 21 образовен профил -Решение бр.09-3655/3 од 03.09.2002 година за специјалистичко образование од машинска струка со 21 образовен профил. 7. Во училиштето воспитно-образовната дејност која може да се организира и е добиено верификација од Министерството за образование и наука по следниве профили: -Решение бр.11-3313/5 од 15.11.2010 година за реализација на НПП за образовниот профил автотехничар-мехатроничар од машинска струка -Решение бр.11-910/4 од 02.04.2014 година за реализација на НПП за образовниот профил автотмеханичар од машинска струка (реформирано тригодишно образование)

	-Решение бр.11-4389/2 од 12.06.2007 година за реализација на НПП за образовниот профил машински техничар и машинско-енергетски техничар од машинска струка, електротехничар за електроника и телекомуникации, електротехничар за комјутерска техника и автоматика и електротехничар-енергетичар од електротехничка струка и техничар за транспорт и шпедиција од сообраќајна струка -Решение бр.11-3201/4 од 02.07.2012 година за реализација на НПП за образовниот профил техничар за комјутерско управување од машинска струка -Решение бр.11-665/4 од 26.05.2011 година за реализација на НПП за образовниот профил келнер и готвач од угостителско-туристичка струка. Наставните програми во паралелките за дуално образование се разликуваат од наставните програми за паралелките со модуларно образование во тоа што имаат зголемен број на часови по практично образование. Практичната работа на учениците во овие паралелки е платена кај дел од фирмите, овие ученици имат подршка и од страна на Министерството за образование и наука како стипендија, учениците од дуалното образование се со можност за вработување по завршување на нивното образование во фирмата во која ја изведувале практична настава. За работа со ученици кои имаат помал капацитет за совладување на наставните содржини наставниците планираат дополнителна настава, а за учениците кои учествуваат на Општински, Државни и меѓународни натпревари, наставниците планираат додатна настава. Распоредот за дополнителна и додатна настава за секој предмет се истакнува на почетокот на секоја учебна година. Планирањата на наставниците се следат од страна на Директорот, педагошко-психолошката служба и Државниот просветен инспекторат. Најмалку два пати годишно се врши следење на планирањата на наставниците од страна на Директорот и педагошко-психолошката служба и при тоа се користи пропишана процедура за следење и вреднување на планирањата и подготовките за наставните часови. Стручната служба е достапна за консултативни разговори со цел подобрување на наставниот процес преку користење на интерактивни техники и методи и примена на ИКТ во наставата. Директорот на училиштето на наставниците приправници им одредува ментори кои преку свои програми го следат воспитно-образовниот

	процес на приправниците и нивниот напредок. Наставниците планираат и разменуваат искуства и идеи во рамките на стручните активи во однос на: реализација на наставната програма, примена на ИКТ во наставата, примена на еко-содржини во наставата, дополнителна и додатна настава, заедничка подготовка на тестови за натпревари, размена на наставни материјали и сл. Секој актив во училиштето има најмалку 6 состаноци годишно. Наставниците при изработката на планови за реализација на наставниот процес разменуваат искуства и идеи и со советниците од Центарот за стручно образование и обука, посебно во насока на планирањата на новите модуларно-дизајнирани наставни програми. Вонредните ученици кои се запишани во прва година од 1.09. 2021 годинапа наваму, наставата ја реализираат според модуларно дизајнираните наставни планови и програми, со исклучок на оние кои што го продолжуваат своето веќе започнато образование.Во училиштето за премин од трет во четврт степен на образование се користат изработени планови и програми за вертикална проодност од Центарот за стручно образование и обука, според кои учениците полагат одреден број на предмети. Во учебната 2024/2025 година во училиштето има еден ученика со попреченост, односно ученик со пречки во развојот, и тоа во паралелките 2-9. На почетокот на учебната 2025/2026 беше запишан уште еден ученик со попреченост во развојот (во паралелката 1-5 **Освен тоа, училиштето има потреба од вработување на дефектолог, кој ќе се грижи за постојано следење на работата со учениците со попреченост, како и со континуирано оспособување на наставниот кадар за работа со учениците со попреченост** Училиштето изборот на изборните предмети го врши согласно Наставниот план и програма од Центарот за стручно образование и наука, при што наведените изборни предмети се утврдени врз основа на лична определба на учениците, односно на нивните родители. Изборни предмети се изучуваат во четиригодишното стручно образование.Во учебните 2024/25 и 2025/26 година наставата се изведува според наставни планови кои се модуларно дизајнирани според кои секој ученик

има право да избере еден изборен предмет во трета и четврта година. Определбата е направена според претходно спроведена анкета. Во паралелките со мал број на ученици не постои можност за формирање на групи за сите понудени изборни предмети,па изборот на учениците е ограничен. Беше спроведена анкета за ученици и родители во машинската, сообраќајната, електротехничката и угостителската струка за избор на наставни предмети. Од понудената листа на предмети според наставниот план за наведените образовни профили, учениците се одлучија за наставните предмети кои се наведени во табелата дадена подолу:

2024/2025

Изборни предмети – според наставен план изборни предмети се изучуваат во трета и четврта година од образованието. Изборот на предмети се врши по пат на анкета во месец мај.

Паралелка	Образовен профил	Изборен предмет
3-1	Машински техничар	Физика
	Техничар за производно машинство	Организациско однесување
3-2	Техничарзакомпјутерскоуправување	Организациско однесување
	Машински техничар за моторни возила	Организациско однесување
3-5	Техничар за транспорт и шпедиција	Безбедност во патниот сообраќај Транспорт и животна средина
3-6	Електротехничар за компјутерска техника и автоматика	Мултимедија
3-7	Електротехничар за компјутерска техника и автоматика	Веб програмирање/Мултимедија
3-8	Електротехничар за електроника и телекомуникации	Компјутерски системи Обновливи извори на енергија
3-9	Електротехничар енергетичар Техничар за индустриска мехатроника	Енергетска ефикасност

Паралелка	Образовен профил	Изборен предмет
4-1	Машински техничар	Организациско однесување
	Техничар за производно машинство	Организациско однесување
4-2	Техничар за компјутерско управување	Бизнис и претприемништво
	Машински техничар за моторни возила	Бизнис и претприемништво
4-3	Техничар за транспорт и шпедиција	Интилигентни транспортни системи
4-4	Електротехничар за компјутерска техника и автоматика	3Дмоделирање/Програмски јазици
4-5	Електротехничар за компјутерска техника и автоматика	3Д моделирање/Програмски јазици
4-6	Електротехничар енергетичар	Бизнис и претприемништво
	Електротехничар за електроника и телекомуникации	Снимање и монтажа на аудио и видео материјали
4-7	Хотелско туристички техничар	Одржлив развој во туризмот

2025/2026

Изборни предмети – според наставен план изборни предмети се изучуваат во трета и четврта година од образованието. Изборот на предмети се врши по пат на анкета во месец мај.


Паралелка	Образовен профил	Изборен предмет
3-1	Машински техничар	Организациско однесување
3-1	Техничар за производно машинство	Организациско однесување
3-2	Машински техничар за моторни возила	Организациско однесување

3-3	Техничар за компјутерско управување	Физика
3-6	Техничар за транспорт и шпедиција	Транспорт и животна средина
3-7	Електротехничар за компјутерска техника и автоматика	Веб програмирање/Мултимедија
3-8	Електротехничар за компјутерска техника и автоматика	Мултимедија
3-9	Електротехничар за електроника и телекомуникации	Компјутерски системи
3-10	Електротехничар енергетичар Техничар за индустриска мехатроника	Обновливи извори на енергија

Паралелка	Образовенпрофил	Изборенпредмет
4-1	Машински техничар	Физика
	Техничар за производно машинство	Бизнис и претприемништво
4-2	Техничар за компјутерско управување	Бизнис и претприемништво
	Машински техничар за моторни возила	Бизнис и претприемништво
4-3	Техничар за транспорт и шпедиција	Сообраќајнакултура/интелегентни транспортни системи
4-4	Електротехничар за компјутерска техника и автоматика	3Д Моделирање/Програмски јазици
4-5	Електротехничар за компјутерска техника и автоматика	3Д Моделирање/Програмски јазици
4-6	Електротехничар енергетичар	Електрични возила

	Електротехничар за електроника и телекомуникации	Снимање и монтажа на аудио и видео материјали
4-7	Техничар за индустриска мехатроника	Енергетска ефикасност
4-8	Хотелско туристички техничар	Одржлив развој во туризмот

Според направената анкета за наставници, ученици и родители, на прашањата кои се однесуваат на овој индикатор добиени се следните резултати:




На прашањето: Дали новите модуларно дизајнирани наставни планови и програми

кои се применуваат во нашето училиште, одговараат на новите современи тековиво технологијата и општеството, добиени се следните одговори:

Наставници: 47 Ученици:276

Родители:165




На прашањето:Учениците со посебни образовни потреби се прифатени од

нивните соученици, добиени се следните одговори:

Наставници: 47 Ученици:276

Родители:165



На прашањето:Учениците се добро информирани во врска со начинот на изборот

на изборните предмети во трета и четврта година, добиени се следните одговори:
Наставници: 47 Ученици:276
Родители:165




На прашањето:Наставните програми по предметите во соодветните образовни

профили се реализираат и спроведуваат целосно, добиени се следните одговори:

Наставници:47 Ученици:276

Родители:165





На прашањето:Во училиштето се одржуваат работилници кои би допринеле за

развивање на самодовербата, иницијативноста, одговорноста, почитувањето на различноста и основните човекови права на учениците за припадност во мултикултурно општество, добиени се следните одговори:


Наставници: 47 Ученици:276


Родители:165





	6. На прашањето:Во училиштето се прави анализа на интегрирање на локалната средина во наставните планови и програми, добиени се следните одговори: Наставници:47 Ученици:276 Родители:165 

	7. На прашањето:Училиштето има стратегија за препознавање на талентирани ученици и организира додатна настава за нив, добиени се следните одговори: Наставници:47 Ученици:276 Родители:165 

	8. На прашањето:Дополнителната настава придонесува за подобрување на резултатите од учење кај учениците со послаб успех, добиени се следните одговори: Наставници:47 Ученици:276 Родители:165 


	9. На прашањето:Учениците активно и во доволна мера се вклучуваат во натпреварите кои се организираат на општинско, државно и меѓународно ниво, добиени се следните одговори: Наставници:47 Ученици:276 Родители:165 

	
	10. На прашањето:Учениците активно и во доволна мера се вклучуваат во воннаставните активности кои се организираат од страна на училиштето за презентирање и маркетинг на училиштето, добиени се следните одговори: Наставници:47 Ученици:276 Родители:165



42,6%
51,1%
20,7%
46,4%
24,6%
28,5%
56,4%
12,7%
1 – воопшто не се согласувам
2 – делумно не се согласувам
3 – неутрално
4 – се согласувам
5 – целосно се согласувам


11. На прашањето:Наставниците имаат подеднаков пристап кон сите ученици без разлика на нивниот пол, религија и етничка припадност, добиени се следните одговори:

Ученици:276



Родители:165





Јакистрани • Запознавање на родителите и учениците со наставните планови и програми на почетокот на секоја учебна година; • Доброопременикабинетисо информатичка технологија зареализација на стручните предмети, како и на ИКТ во останатиот дел од наставата; • Реализација на практичната настава од дуалното образование во фирми и компании со кои училиштето има склучено договори; • *Наставниците изготвуваат Индивидуален образовен план за учениците со попреченост;*	
Слабистрани; • Потребен е дефектолог за континуирана работа со учениците со попреченост и давање насока на предметните наставници за работа со овие ученици; • Во однос на изборните предмети, во паралелките или групите со помал број на ученици нема можност за индивидуален избор поради Правилникот за минимален број на ученици во група ;	

ПРИОРИТЕТИ

- Реализација на вежбите според наставните програми на стручните предмети во кабинети со соодветна лабораториски уреди и опрема;
- Континуирана едукацијананаставниоткадар и присуствонаобуки за стручни предмети;
- Обука на професорите за работа на ученици со попреченост;

Област: 1. Наставни планови и програми	
Индикатор: 1.2. Квалитет на наставните планови и програми	
Кои се извори и документи за увид	**Информациикоисесобирани**
• Наставни планови и програми • Е-дневник • Годишни, тематски и дневни подготовки • Записници од работилници, дебати, трибини, предавања • Родителски средби • Хронологија на активности за учебната 2024/25 година • Хронологија на активности за учебната 2025/26 година • Анкета за мислење на наставниците • Анкета на ученици • Анкета за мислење на родители • Наставни планови и програми донесени од МОН • Годишна програма за работа на училиштето • Педогошка евиденција и документација • FB и интернет страница	Наставните планови и програми се усогласени со образовните стандарди и компетенции.Тие се дизајнирани за постигнување на јасно дрфинирани исходи во согласност со националните образовни стандарди.Наставните планови имаат соодветен опсег на содржини и концепти организирани логично и по прогресивни нивоа на сложеност. Наставните планови овозможуваат прилагодување и диференцијација за да може да одговараат на различни потреби на учениците.Преку новите наставни содржини и новите поставени цели доста добро го помагаат и личниот и општествениот развој на сите ученици, без разлика на родовата и етничката припадност, тука се вклучени и учениците со попреченост во развојот, со ставање акцент на: јакнење на самодовербата, секојдневна соработка, меѓусебно договарање, разрешување на конфликтите на најсоодветен начин. Во наставните планови и програми издадени од МОН, а кои се реализираат во нашето училиште нема содржини кои потикнуваат родова и етничка нерамноправност. Училиштето планира и реализира содржини од родовата рамноправност меѓу учениците во програмата за час на класниотраководител. Исто така, предметните наставници работат на подигнување на свеста кај учениците дека секој образовен профил е подеднакво добар како за машкиот, така и за женскиот пол, а доказ за тоа е се поголемата застапеност на девојчиња во сите образовни профили во нашето училиште,особено големо зголемување на бројката на ученици од женски пол во машинската струка. Педагошко-психолошката служба во текот на учебната година зема учество на дебати на кои се разгледуваат проблемите во врска со насилството врз учениците и потоа истото се пренесува на учениците преку работилници и предавања. Во нашето училиштето подолго време веќе слободно може да се каже успешно се спроведува и реализира проектот “Меѓуетничка интеграција на младите во образованието” преку кој учениците од различни националности од нашето и од училиштето “Наце Буѓони” од Куманово се запознаваат, другаруваат и учествуваат во подигнување на свеста за етничка и мултикултурна сензитивност. Истовремено, преку наставните програми, учениците учат да ја почитуваат различноста, се


на училиштето	запознаваат со своите права, како и со своите обврски и одговорности кога станува збор за почитување на основните човекови права на другите. Кај нив се јакне свеста за припадност на Република С.Македонија како мултикултурно општество и се запознаваат со традицијата, обичаите и религиите на сите етнички заедници што живеат во Македонија. Учениците се вклучени во проектни активности, истражувачки задачи и работилници по разни наставни предмети, преку кои кај нив се развива чувство за тимска работа, меѓусебна соработка и преземање иницијатива за разрешување на проблемски ситуации. Со набавка на опрема во училиштето за потребите на општообразовните и стручните предмети од електротехничката струка се изврши подобрување на квалитетот на реализација на наставните планови и програми. Во ноември 2025 год училиштето набави дидактичко ЦНЦ струг и пропратна опрема за машинскиот актив, во кабинетите по математика инсталирани се СМАРТ табли и др опрема.Истотака тековно се обезбедуваат и потрошни средства за потребите на часовите по практична настава на учениците од машинската и угостителската струка. Сето ова значително добро се одразува на квалитетот на организирање и реализација на наставните содржини. При изработка на годишните планирања на предметите и Годишната програма на училиштето, акцент се става на интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми. Се поголем број на фирми и компании од локалната средина, како што се Маркарт, Ронтис, Метал рафт, Пескара Вел, Ветекс, Дервен, Прва книга, Смелт инг, Брзеви, Романтик, Гарденија, Глориус, како и повеќе приватни автомеханичарски сервиси (мора да се напомене дека со компанијата БРАКО е раскинат договорот за соработка во однос на УПР и изведување на феријална пракса) Тие се вклучуваат во реализација на наставните програми по предметот Учење преку работа кај работодавач и ги отвараат вратите за учениците од сите образовни профили во нашето училиште. Во овие компании учениците од нашето училиште можат да ја изведуваат и Феријалната пракса во летниот период, која според новите модуларно дизајнирани наставни планови се изведува во прва, втора и трета година . Вреди да се напомене и дека на барање на компаниите кои се наши социјални партнери се отвараат образовни профили од дуалното образование кои практичната настава и феријалната пракса учениците ќе ја изведуваат токму во тие компании.Исто така и родителите преку нивната професионална определба земаат учество во организацијата и посетата на учениците во правни субјекти од локалната средина кои се од значење за образовниот профил на учениците.

Според направената анкета за наставници, ученици и родители, на прашањата кои се однесуваат на овој индикатор добиени се следните резултати:


- Се согласувам
- Делумно се согласувам
- Не се согласувам

На прашањето дали наставниците имаат подеднаков пристап кон сите ученици без разлика на нивниот пол и етничка припадност, добиени се следните одговори:

Ученици: 26





Родители:165




На прашањето дали во училиштето се одржуваат работилници кои би допринеле за развивање на самодовербата, иницијативноста, одговорноста, почитувањето на различноста и основните човекови права на учениците за припадност во мултикултурно општество, дадени се следните одговори:

Наставници: 47 Ученици: 276 Родители:165










	Училишен натпревар по англиски јазик за ученици од прва година, учество на општински, регионален и државен натпревар организиран од страна на ЕЛТАМ за ученици од прва, втора и трета година, , учество на МАСУУМ -интервју за работа на англиски јазик. Училиштето учествуваше на меѓународен натпревар Best in English, на кој што учество земаа околу 60 ученици од прва до четврта година. **Ликовна секција** Во рамките на слободните ученички активности успешно работи и ликовната секција под раководство на професор по предметот Ликовна уметност. Во неа учениците пројавуваат интерес и афинитет кон создавањето на ликовни творби и учество на разни проекти и натпревари. Активноста на учениците се проширува и преку организирани работилници, на кои редовно се поканууваат и останатите училишта од општината, како и со учество на изложби и разни други активности. Членовите на секцијата редовно учествуваат на распишаните литературни конкурси и често ги освојуваат првите награди, што е уште еден доказ дека секцијата успешно работи. Учество во подготовките на просторот и паноата за изложување во мултимедијалната сала. Активности поврзани за ликовни конкурси рипрема на просторот и декорациите за новогодишните базаари. Припрема на активност по повод празникот 8ми Март. Организирање на работилица по повод празникот Прочка. Естетско уредување на дворот. Организирање на интерна работилница и подготовка за изработка на штафелаи. Реализирање на изложба од работилницата по повод 15ти Април, светскиот ден на уметноста. Подготовка за државни конкурси ,,Мал формат,, Подготовка на платна за цртеж/слика за декорирање на училишниот ходник. **Математичка секција** Квиз натпревар по математика „Чекор по чекор со знаење до посветла иднина“ традиционално беше одржан Квиз натпревар по математика. Овој пат квизот беше во чест на нашиот драг колега

	Љупчо Николовски, професор по математика кој со своето работење има дадено голем придонес во нашето училиште за математиката, токму за овие математички квизови како и пошироко за организирање и спроведување на математичките натпревари во училиштето и општината Во организација на СММ во просториите на нашето училиште се одржа Општински натпревар по математика во кој учество земаа ученици од прва: Гавевска Бојана,Ефтимова Миа,Јованов Стефан,Саздовска Кристина, Ивана Милошева; од втора: Мелани Трајковска, АлександарЈордановски, Виолета Влахчева,Никола Бабунски и трета година: Симона Атанаскова, Бојана Стојановска. Во организација на едукативниот центар „ New Korner “ од Тетово се одржа онлајн натпревар по информатичко размислување во организација на едукативниот центар „ New Korner “ од Тетово. Учество на овој онлајн натпревар зема ученикот Таневски Филип од 4 – 4 клас под менторство на професорката Мира Ташкова и се здоби со трета награда. Учество на на 47 регионален натпревар по математика кој се одржа во СОУ,,Гоце Делчев,, Валандово. Учество на државен натпревар по математика со ученикот Александар Јордановски и освоена пофалница под менторство на наставник Магдалена Иванова. **Фотографска секција** - Учениците кои покажаа интерес кон изработка на фотографија и видеа. Учествуваа на натпревар МАССУМ, изготвуваа видеа за промоција на училиштето,видео реклами во соработка со социјални партнери за промоција на образовни профили , учество на конкурсот на фотографија, на тема ,, Разгледница од нашето место“ со нашето збратимено училиште Zespół Szkół im.Stanisława Staszica од Nowogard , R.Polska.Одговорни професори Јордан Палашев и Сашко Ѓоргов и Снежана Софијанова **Секција по физика** - учениците заедно со одговорни професори Силвана Петрова и Надица Теова учествуваа во изготвување на експерименти од областа на физиката, припрема за учество на натпревари по физика и Народна техника. **АРДУИНО** - одговорен професор Марјанчо Малинов- учениците учествуваа во изработка на проект со Ардуино и Разбери Пи, учествуваа на Државни натпревари на ЕМУЦ, натпревари организирани од народна техника, натпревар организиран од ФЕИТ и Логинг електроник. **Дебатен клуб** Дебатата е успешна и популарна метода во образовните институции бидејќи ги анализира проблематиките на денешницата (актуелностите) низ спротивставени ставовии овозможува да се збогати знаењето на учениците и унапредување на разбирањето за реалноста во која живееме.

	Работилниците се одржуваа еднаш неделно по сопствена координација со заинтересираните ученици од прва година – членови на Дебатен Клуб. **ОПШТЕСТВЕНО КОРИСНА И ХУМАНИТАРНА РАБОТА** Општествено-корисната работа создава кај учениците чувство за припадност и инклузија, како и одговорност кон просторот во кој што живеат и опстојуваат. Ваквиот вид на активности се реализираа со цел да создадат работни и културно-хигиенски навики кај учениците, да развиваат емпатичност со луѓето од опкружувањето, да ја издигнуваат еколошката и социјална свест, да ја подобрат и унапредат соработката со родителите и институциите од локалната самоуправа. Во таа насока во текот на учебната 2024/25 година во училиштето се реализираа следните активности: крводарителски акции, еколошки акции во организација на училиштето, Општина Велес, Јавно комунално претпријатие Дервен и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, хуманитарни акции, учество на базари и штандови од продажен карактер, уредување на училишен простор и др. **УЧЕНИЧКИ ЕКСКУРЗИИ** Во учебната 2024/25 година се реализираа ученички екскурзии за учениците од прва и втора година при што беа реализирани програмите за ученички екскурзии. За учениците од трета година е спроведена постапка за ученичка компанија на на предлог на Совет на родители истата треба да се реализира на почетокот на учебната 2024/25 година. **НАТПРЕВАРИ** Ученичките натпревари се вид на активност преку кои еден ученик или група на ученици се трудат што подобро или што побрзо да постигнат што подобри воспитно-образовни резултати. Со цел да се презентираат постигнувањата во наставно-воспитната работа и воннаставните активности, училиштето организира вакви активности на ниво на училиштеи и зема активно учество на натпревари на ниво на регион и во рамките на државата, огранизирани од страна на ЦСОО, Здружението на електромашински и сообраќајни училишни центри, акредитирани здруженија од областа на математиката, физиката, странските јазици и др. Учениците од нашето училиште земаат учество на сите натпревари, како и на

	приредби, манифестации, конкурси и други организирани активности. Во текот на учебната 2024/25 годинаучениците од нашето училиште учествуваа на натпревари, кои беа организирани на училишно, општинско, регионално и државно ниво:Општински натпревар, Регионален натпревар,Државен натпревар, Општински – математика, Регионален – математика, Државен – математика, Регионален – одбојка, Зонско – одбојка, Општински натпревар – одбојка, Државен натпревар,Училишен/Општински/Регионален/Државен,Државен (Технологија за тебе),Регионален натпревар, Државен натпревар, Државен натпревар по иновации UPSHIFT, Општински натпревар по англиски јазик, Регионален натпревар по англиски јазик, Државен натпревар по англиски јазик,Општински натпревар – ракомет, Регионален натпревар ЕКТА, Државен натпревар ЕКТА, Државен наптревар, , МАССУМ 2025 – категорија најдобра веб страна, МАССУМ 2025 – маркетинг план на македонски јазик, Општински натпревар одбојка, Општински натпревар кошарка, Зонски натпревари кошарка, Државен натпревар, Општински натпревар,Регионален натрпевар, Општински натпревар по математика,Регионален натпревар по математика, Натпревар по информатичко размислување во организација на едукативниот центар „ New Korner “. **УНАПРЕДУВАЊЕ НА МУЛТИКУЛТУРАЛИЗМОТ/ИНТЕРКУЛТУРАЛИЗМОТ И МЕЃУЕТНИЧКАТА ИНТЕГРАЦИЈА** • Предавање на тема „ РАСТКО НЕМАЊИЌ - Свети Сава " организирано по повод одбележувањето на Денот на Српската заедница во Р.С. Македонија на 27 јануари - Денот на Св.Сава 29.01.2025 год. ДСУ РЦСОО„Коле Неделковски“ - Велес Мира Ташкова – професор по математика - координатор на тимот за училишна интеграција, Снежана Софијанова – професор по електро стручни предмети, Бојана Темелкова -професор по електро стручни предмети. Број на присутни ученици: 25 (од прва и трета година од различна етничка припадност) • 21.03.2025 ДСУ РЦСОО„Коле Неделковски“ - Велес Ученици и професори од ДСУ РЦСОО ,,Коле Неделковски“ – Велес Одбележан 8 – ми Април, Меѓународен ден на Ромите 08.04.2025 год. ДСУ РЦСОО„Коле Неделковски“ - Велес Одговорни наставници: Мира Ташкова – професор по математика - координатор на тимот за училишна интеграција, Василија Јорданова-училишен психолг - член на тимот за училишна интеграција Валентин Елисковски – професор по

машински стручни предмети - член на тимот за училишна интеграција, Игор Теов – професор по електро стручни предмети- член на тимот за училишна интеграција, Илија Трчилов – професор по машински стручни предмети. Број на присутни ученици: 32 (од прва и трета година од различна етничка припадност)

- Одбележан големиот муслимански празник Рамазан Бајрам - работилница на која учениците ги презентираа обичаите за одбележување на Рамазан Бајрам и Курбан Бајрам.10.04.2025 год. ДСУ РЦСОО„Коле Неделковски“ – Велес Одговорни наставници: Мира Ташкова – професор по математика - координатор на тимот за училишна интеграција Јордан Палашев – професор по англиски јазик – член на тимот за училишна интеграција. Број на присутни ученици: 24 (од прва и трета година од различна етничка припадност)
- Меѓуетничка интеграција на час по физика со учениците од 2 - 2 паралелката од различна етничка припадност 15.04.2025 год. ДСУ РЦСОО„Коле Неделковски“ – Велес. Одговорни наставници: Мира Ташкова – професор по математика - координатор на тимот за училишна интеграција Силвана Петрова – професор по физика Ученици од 2-2 клас од различна етничка припадност. Работилница на тема: „ Справување со стрес“(заедничка со партнер училиштето).

Придобивките од воннаставните активности се многубројни: соработка, другарување, лична надоградба и усовршување во одредена област, зголемување на самодовербата и натпреварувачкиот дух на учениците, стекнување на дипломи и благодарници за вложен труд и постигнати резултати.Постојат и се користат средства за афирмирање на воннаставните активности во училиштето преку медиуми,посета на училишта, веб страна на училиштето итн.

УЧЕСТВО ВО ПРОЕКТИ ВО УЧЕБНАТА 2024/25 ГОДИНА

Проект за меѓуетничка интеграција на младите во образованието

Во рамките на Проектот за меѓуетнична интеграција на младите во образованието во учебната 2024/25 година беа реализирани активностите планирани со годишната програма на училиштето како и активностите планирани со добиениот грант од МОН, како самостојни така и заеднички со партнер училиштето ОСТУ „Наце Буѓони“ од Куманово. Активностите се реализираа со физичко присуство.

Носител на активностите беше Тимот за училишна интеграција. Во активностите беа вклучени ученици од сите профили од прва до четврта година од различна етничка припадност и пол, наставници


	и родители. **Проект Junior achievement-Macedonia-бизнис план** Националниот центар за развој, иновации и претприемништво -зелен безнис и оваа година распиша конкурс за зелена бизнис идеја. Две групи на ученици од трета годона под менторство на наставникот Елена Јосифоска аплицираа со свои бизнис идеи со што ги развиваа своите претприемачки вештини и се поттикнаа да размислуваат за зелени бизниси **Предизвик за млади истражувачи** **UpShift** е програма за социјални иновации која се базира на решавање на потребите на средните училишта и локалната заедница во делот на климатските промени и зелената одржливост. Учениците под менторство на наставник Симонче Мајсторов учествуваа со проект за спречување на загадувањето на воздухот. **Проект за меѓународна соработка** Соработката со средното училиште Станислава Сташица од Република Полска. Соработката се одвиваше преку онлајн комуникација.Соработка со средно техничко училиште од Власотинце од Република Србија. **ИЗВЕШТАЈ ЗА МЕЃУНАРОДНАТА СОРАБОТКА СО Р.ПОЛСКА 2024/2025** • 01.09.2024 – 31.08.2025 Континуирани активности, поврзани со празнувањето на празниците како Божиќ, Нова Година, размена на традиции, значајни за културите на Полскиот и Македонскиот народ (континуирано) преку фб страниците на Новогард и Велес. Размена на искуства поврзани со организација на отворен ден на училиштата. Одговорен наставник за Меѓународната соработка на училиштето со Р.Полска: Снежана Софијанова Ученици и наставници од двете училишта. Годишен извештај од реализирани активност од меѓународна соработка со Техничко училиште од Власотинце Република Србија. Со преставници од двете училишта остварени се неколку работни средби со физичко присуство,каде што е дискутирано за панатамошни активности во насока на организација на размена на ученици и придружба на одговорни наставници помеѓу двете училишта. Целта на оваа активност би била запознавање меѓусебно како и проширување на знаењата и одредени


	струки и занимања во двете училишта. Размената би се организирала во времетраење од 7 дена и учениците би биле сместени во семејства на учениците кои учат во двете училишта. Одговорен наставник: Катерина Стојадиновиќ, ученици и наставници од двете училишта **ПОСТИГНУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ** Во текот на учебната година постигањата на учениците континуирано се следеа и вреднува по класификациони периоди(постигнат успех на крајот на прво тромесечие, крај на прво полугодие, крај на трето тромесечие и крај на наставна/учебна година). За учениците кои покажуваа слаб успех или имаа тешкотии во учењето беше организирана дополнителна настава, а за учениците кои имаа посебен интерес кон одредена област се организираше додатна настава. Родителите редовно беа информирани за напредокот на учениците.Се применуваа соодветни инструменти за вреднување и следење на постигањата на учениците а беа организирани и натпревари преку кои дојде до израз способноста и знаењата на учениците. Учениците кои постигнаа резултати беа пофалени и наградени од страна на училиштето. **ПРЕВЕНТИВНИ ПРОГРАМИ** Во училиштето се реализираат активности за информирање и превенирање од насилно однесување и видови на насилство, последици и злоупотреба на дрога и алкохол, превенција од преносливи болести. Еден од приоритетите во нашето училиште е да обезбедиме колку што е можно поголема заштита и безбедност на учениците и на вработените. Постојат пропишани мерки за безбедност на учениците кои се однесуваат на безбедноста во самата училишна зграда, како и безбедноста во училишниот двор, за време на одморите. Редовно се одвиваа дежурства на учениците и наставниците,според однапред направен распоред. Учениците и наставниците беа запознати со Планот за заштита и спасување и во соработка со ТППЕ Велес беа организирани показни вежби. Исто така посебен акцент беше ставен на подобрување и грижа за ментално здравје на учениците и вработените преку одржување на работилници и предавања од страна на педагошко спихолошка служба.


	ПОЗИТИВНА СОЦИО-ЕМОЦИОНАЛНА КЛИМА Еден од приоритетите на училиштето беше создавање на позитивна социоемоционална клима како помеѓу вработените така и помеѓу учениците. Позитивна социоемоционална клима во паралелката се постигна со континуирана работа на класниот раководител, предметните наставници и стручната служба со учениците. Се реализираше програмата за класен час на кои беа обработени теми за создавање на позитивен однос кон учењето, подигнување на самодовербата на учениците преку пофалување и наградување. Секој предметен наставник заедно со учениците поставија јасни правила на однесување во училницата и нивно почитување, учество на учениците во донесување на одлуки и др. Секој предметен наставник тежнееше кон тоа да постои натпревар, меѓусебна соработка и помагање помеѓу учениците. **ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО** Реализацијата на програмата за грижа на здравјето се оствари преку следните активности: предавање на теми како да го оставиме пушењето и зошто, дрога и човечката психа, алкохол и сообраќај,сексуално репродуктивно здравје, Систематски прегледи на учениците, вакцина Тетанус за ученици родени 2007 година, антропометриско мерење на учениците од прва година – висина и тежина на телото, предавања и работилници за ментално здравје, Во рамките на Европската недела на мобилност учениците од ДСУ РЦСОО „Коле Неделковски“ – Велес земаа учество на рекреативната пешачка и велосипедска тура до Вршник со што го одбележаа 22 – ри Септември – Меѓународниот Ден без автомобили, За време на зимскиот распуст беше организирана планинарска тура на релација Нежилово - Чеплес - Нежилово. Учениците успешно ја поминаа предвидената маршута од селото Нежилово до планинарскиот дом Чеплес, Предавање на тема "Крводарителство и млади крводарители" во пресрет на првата крводарителска акција во ова учебна година. На предавањето беа присутни ученици од 4 та година, потенцијални крводарители,Голема и успешна крводарителска акција во ДСУ РЦСОО „Коле Неделковски. На традиционалната есенска акција даруваа 46 крводарители. Голем дел од нив или 38 даруваа за прв пат и станаа крводарители. Учениците од ДСУ РЦСОО „Коле Неделковски“ на двете крводарителски акции во 2023 година даруваа вкупно 103 крвни единици, учество на 7- то традиционално искачување на врв Клепа(1150) кое последните пет години се организира во знак на почит на трагично загинатите планинари Калина и Александар учество зема и нашето училиште со 24 ученици и професори, Натпревар во Прва помош и заштита во организација на Црвениот крст од Велес. Тимот од нашето училиште ДСУ РЦСОО Коле Неделковски составен од учениците: Викторија

	Ристовска, Леа Богоевска, Катерина Гушева, Баже Николов, Ѓоре Трајков и Филип Арсовски го освои третото место , Учество на ученици и наставници од нашето училиште на 35-от традиционален планинарски марш “Димитар Илиевски - Мурато 2024“ Активностите се реализираа со учество на ученици, наставници, педагошко психолошка служба а во соработка со Црвен кртс Велес, Центар за јавно здравје Велес, Општина Велес и други институции. Според направената анкета за наставници, ученици и родители, на прашањата кои се однесуваат на овој индикатор добиени се следните резултати: Според направената анкета за наставници, ученици и родители, на прашањата кои се однесуваат наовој индикатор добиени се следните резултати:  - Се согласувам  - Делумно се согласувам  - Не се согласувам На прашањето дали училиштето има стратегија за препознавање на талентирани ученици и да организира додатна настава за нив, добиени се следните одговори:

Наставници: 47 Ученици: 267 Родители:146










На прашањето дали дополнителната настава придонесува кон подобрување на резултатите од учење кај учениците со послаб успех, добиени се следните одговори:

Наставници: 47 Ученици: 267 Родители:146










Дали ученицитеактивно и водоволнамерасевклучуваатвонатпреваритекоисеорганизираатнаопштинско, државно и меѓународнониво?

Наставници: 47 Ученици: 267 Родители:146










Дали учениците активно и во доволна мера се вклучуваат во воннаставните активности кои се организираат од страна на училиштето за презентирање и маркетинг на училиштето?

Наставници: 47 Ученици: 267 Родители:146







Јакистрани:

- Училиштето ги информира учениците и родителите за секоја воннаставна активност која што се планира во училиштето;
- Учениците со поддршка од училиштето и наставниците учествуваат во различни манифестации , воннаставни активности и натпревари од сите области на учењето;
- Секој ученик може да најде свое место во реализација на личните афинитети и постигања преку учество во разни училишни и вон-училишни активности;
- Афирмација на училиштето и учениците во локалната средина

Слабистрани:

- Намален интерес на учениците и наставници за учество на натпревари од општинско, регионално и државно ниво

ПРИОРИТЕТИ:

- Мотивирање на учениците за учество на натпревари;
- Организирање на дебати, работилници, спортски натпревари, натпревари од струките и секаков вид на воннаставни активности со цел за промовирање и маркетинг на нашето училиште во локалната средина;
- Активно вклучување на родители во воннаставните активности на училиштето;
- Вклучување на бизнис заедницата и локалната средина во реализација на воннаставни активности на училиштето;

ОБЛАСТ2

ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

Бр.	Индикаторзаквалитет	Теми:
2.1	Постигнувањанаучениците	• Следењенапостигнувањатанаучениците одразличенпол,етничкаприпадност,понаставнипредмети и по класификациони периоди; • Подобрувањенапостигнувањатанаучениците одразличенпол иетничкаприпадност; • Идентификацијанаученицисопотешкотиивоучењето, надарениученици и научениципосебниобразовнипотреби; • Подобрувањенапостигнувањатанаучениците прекуредовна и дополнителна / додатнанастава; • Следењенапостигнувањатанаучениците припреминодеденводругциклус и одедноводругонивонаобразование
2.2	Задржување / одлевањенаучениците	• Опфатнаученици; • Редовноствонаставата; • Одлевањенаученици; • Преминнаученициодедноводругоучилиште.
2.3	Повторувањенаучениците	• Ученициштонејазавршуваатгодината.
3.6	Известувањезанапредокотнаучениците	• Известувањенародителитезанапредокотнаучениците.
4.4	Следењенанапредокот	• Водењеевиденцијазаиндивидуалниотнапредокнаучениците; • Анализананапредокотнаучениците попаралелки.
5.2	Промовирањенапостигнувањата	• Промовирањеналичнитепостигнувањанаучениците; • Промовирањенапостигнувањатавоименаучилиштето.

Област:2.Постигањанаучениците	
Индикатор: 2.1 Постигањанаучениците	
Коисеизвори и документизаувид	**Информации кои се собирани**

• Полугодишни и годишниизвештаизауспехот и работатанаучилиштето,изработениодпедагошко-психолошкатаслужбазаучебната 2024/2025 и 2025/2026 год.; • Годишнапрограмазаработанаучилиштето(2024/25,2025/26); • ИзвештаиодполагањетонаДржавнаматура и Завршениспит за учебната 2024/2025 и 2025/2026 год.; • Правилник за избор на најдобар ученик и најдобра паралелка во училиштето; • Извештај за избор на најдобар ученик и најдобра паралелка за учебната 2024/2025 и 2025/2026 • Извештај од интегралната евалуација на училиштето; • Записници од педагошко-психолошката служба во училиштето; • Записници од средби со родители; • Програма за дополнителна и додатна настава;	• **Следење на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност, според наставни предмети и според класификациони периоди** Училиштето континуирано ги следи постигнувањата на учениците од различен пол и етничка припадност, и располага со детални статистички податоци за нивните постигања по сите наставни предмети за сите класификациони периоди по образовни профили, години и вид на образование, паралелки, во текот на целата учебна година.Не се прави полова диференцијација на постигнувањата по наставни предмети.Училиштето изготвува полугодишни и годишни извештаи, како и споредбени анализи за постигањата на учениците. Во учебната 2024/25 година, запишани се вкупно 924 ученици, а во наредната учебна 2025/26 година, се запишале поголем број на ученици за разлика од претходната, 978 ученици. Направената споредба на бројот на запишани ученици по пол во последните две учебни години укажува на заклучокот дека во училиштето најмногу се запишани ученици од машки пол повеќе од 70%. Зголемен е интересот за упис во нашето училиште и на ученици од женски пол. Споредбено со останатите години, во последниве две учебни години се запишани најголем број на девојчиња, односно околу 30 %. Според етничката припадност, најголем процент од запишаните ученици се Македонци 88,2%, потоа Албанци 5,4 %, Бошњаци 3,47 %,Турци 1,49 %, Роми 0,3 %, и ученици од други етнички заедници 0,51 %. Од прегледаните полугодишни и годишни извештаи за успехот по предмети за изминатите две години, може да се констатира дека кај најголем дел од наставните предмети се забележува подобрување на успехот на учениците на крајот од наставната година споредено со крајот на првото полугодие од истата учебна година. Најголем интерес кај учениците има за стручните предмети и за практичната настава. Средниот успех на учениците на ниво на училиштево последните

	две учебни години бележи мало подобрување.Имено, во учебната 2024/2025 просечниот успех изнесува 3,47 и нешто повисок во 2025/2026 , кога изнесувал 3,67. Во просек во учебната 2024/2025, одлични ученици се 34,54% , многу добри 27,41%, со добар успех 28,86%, и со доволен успех 8,44%.Во учебната 2025/2026, одлични ученици се 35,28% , многу добри 26,74%, со добар успех 25,91%, и со доволен успех 11,97%. За постигањата на Државната матура и завршен испит , се води комплетна евиденција и се прават анализи и споредби. Покрај редовните ученици, право на полагање на Државна матура и завршен испит имаат и вонредните ученици кои се запишале во нашето училиште. Во 2024/2025, државна матура пријавиле 121 ученици, а положиле 119 ученици.Во 2025/2026, државна матура пријавиле 126 ученици, а положиле 122 ученици.Државна стручна матурапријавиле 28 ученици, а положиле 28 ученици. Училишна стручна матурапријавиле 80 ученици, а положиле 77 ученици. Завршен испит од трет степен во учебната 2024/25 година пријавиле 46 ученици, а положиле 45 ученици, додека во учебната 2025/26 година пријавиле 52 ученици, а положиле 52 ученици. Од оваа учебна година за првпат имаме различни видови матура и е малку потешко да се направи споредба. Учениците покажуваат добри резултати при полагање на истите.Мал е бројот на ученици кои не положиле Државна матура и завршен испит во двете учебни години, односно не се стекнале со диплома за завршено средно стручно образование. • **Подобрување на постигнувањата на учениците** Училиштето има стратегија и презема конкретни активности за подобрување на постигањата на учениците . За зголемување на мотивацијата и интересот кај учениците за постигање на повисоки резултати, наставниците користат разновидни

	и современи форми и интерактивни методи, формативно оценување, се организираат дебати,дискусии, се користи ИКТ во наставата , се изработуваат проекти, презентации, истражувања, се организираат посети на институции и сл. Најголем број на наставници ги запознаваат учениците со програмите за работа и со критериумите за оценување на почетокот на учебната година и даваат насоки за реализација на активности во текот на учебната година, за да се воочат интересите и постигањата кои би требало да се движат во нагорна линија (подобри резултати) . Во однос на активностите за подобрување на успехот на учениците во училиштето, се планираат и реализираат дополнителна и додатна настава, според претходно изготвена програма и распоред за реализација на истите.Ова се реализира според потребите на секој ученик, како и советување на учениците (индивидуално и групно), од страна предметниот наставник и стручната служба. Родителите редовно се известуваат за постигањата на учениците преку електронскиот дневник, родителски состаноци со давање на евидентни листови за успех и поведение, преку консултации со наставниците во индивидуалните средби. Доколку учениците покажат намалување на успехот и несоодветно однесување и подолго отсуство од наставата, нивните родители се повикуваат на консултативен разговор, ако и тоа не вроди со плод,тогаш родителите се упатуваат на советување во училиштето кај педагошко-психолошката служба. Во училиштетосекогаш се вложуваат напори кон поефективно следење на учениците и нивниот успех, притоа редовно се презентираат податоците пред наставничкиот кадар, пред самите ученици и пред родителите. Резултатите се обработуваат статистички и се претставуваат табеларно, притоа во текот на главните класификациони периоди се презентираат споредбени податоци за претходните четири учебни години. Истовремено се следат и се презентираат и резултатите на учениците од нивното учество на општински, регионални, државни натпревари, како и натпревари од меѓународен карактер.Во учебната 2024/25 година учениците го постигнаа следниот успех: на државните натпревари од

	електротехничка, машинска и сообраќајна струка Петар Петковски и Мирче Дамјановски трето место,Државен натпревар за образование и вештини на ЕІТ Ангела Здравковска, Ивана Милошева, Марија Михајлова и Марија Настасова– I место, на државниот натпревар по англиски јазик Линда Костовска - втора награда, Михаела Смилевска - трета награда, Ивана Милошева - втора награда, Миа Ефтимова - трета награда, Кристина Костова - трета награда, додека во учебната 2025/26 година на државните натпревари од електротехничка, машинска и сообраќајна струка Фесаљ Муареми – III место; Давид Трајковски – II место; Ирфан Мехмедовиќ – III место; Стефан Трпков – II место; Стефан Димовски – II место; Миа Ефтимова – III место, додека на државниот натпревар во вештини – Skills Competition Фесаљ Муареми – I место, Стефан Димовски – II место. Прикажани се само дел од учениците кои учествувале на државните натпревари во различни области. **•Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на учениците со посебни образовни потреби и на надарени ученици** Учениците со потешкотии во учењето, како и учениците со посебни образовни потреби (тројца ученици) се идентификуваат уште на почетокот на учебната година, а нивниот напредок се следи континуирано и систематски од страна на класните раководители, предметните наставници и стручните соработници. Секој ученик има свој образовен асистент. Училиштето има процедура за следење и изработка на индивидуален образовен план за учениците со посебни образовни потреби, спроведувана од наставниците и стручната служба.Со нив се работи со диференцирани задачи на ниво соодветно на нивните можности. За постигнување на подобри резултати се одржува дополнителна настава.Во двете претходни учебни години, се запишани двајца ученици со посебни образовни потреби, кои имаа помош за совладување на одредени тешкотии во

	прочувањето на наставната материја, од двајца образовни асистенти.Најголемиот број наставници им обезбедуваат поддршка во редовната настава на учениците кои имаат потешкотии во учењето, на учениците со посебни образовни потреби, избирајќи активности соодветни на нивните можности и потреби со што допринесуваат за нивниот напредок. Надарените ученици се идентификуваат од страна на предметните наставници преку оценување и лична евиденција и проценка на секој наставник одделно. За сите надарени и заинтересирани ученици, со цел да се прошири и да се подобри знаењето по одделни подрачја, се организираат часови за додатна настава. Овие ученици го претставуваат училиштето на натпревари, манифестации, проекти во земјата и надвор од земјата. • **Подобрување на постигнувањата на учениците преку редовна и дополнителна/ додатна настава** Во текот на целата учебна година се реализира дополнителна и додатна настава, по сите наставни предмети, за што се изготвува распоред и истиот се истакнува во рамките на распоредот на часови на информативното катче (огласна табла) за родителите и учениците, како и на веб-страната на училиштето. Наставниците преку дополнителната настава работат со учениците на кои им е потребна поголема помош во совладувањето на знаењата. Преку реализација на истата, зголемен е успехот кај послабите ученици. Додатната настава интензивирано се реализира пред учеството на учениците на манифестации, приредби и натпревари. Учениците редовно учествуваат на литературни конкурси, литературни читања, организирани натпревари по одредени предмети на општинско, регионално и државно ниво и имаат освоено значителен број награди, пофалници, пехари и дипломи. Така, во

	рамките на одржани општински, регионални и државни натпревари по соодветни струки, во учебната 2024/25 год.на ниво на училиште освоени се вкупно 33 први места,13 втори места и 23 трети места. 8 ученици се стекнале со пофалници и сертификати за учество на натпревари. Во уч. 2025/26 година пак,освоени се вкупно 11 први места, 6 втори места и 12 трети места. 30 ученици се стекнале со пофалници и благодарници за учество. Тука треба да се напомне дека со цел да се задоволат потребите, интересите и афинитетите на учениците се организираат и спортски натпревари на кои нашите ученици покажуваа извонредни резултати. За учеството и постигањата на учениците на разни натпревари, конкурси и слични манифестации се води документација. Нивните постигања се составен дел на годишниот извештај за воспитно-образовна работа на училиштето. Како мотивација и награда за нивните постигнувања, на училишниот патронат и манифестациите кои ги организира училиштето, овие ученици добиваат пофалници од училиштето за постигнатиот успех. Во училиштето постои Правилник за избор на ученик на генерација и на најдобра паралелка. Изборот на ученик на генерација и на најдобра паралелка го врши комисија составена од наставници од училиштето.Оваа комисија го врши изборот врз о снова на критериумите во Правилникот (континуиран одличен успех, изостаноци и поведение, учество во натпревари, учество во воннаставни активности и позитивно мислење од наставници) и врз основа на доставените предлози од страна на секој класен раководител. Предлогот за ученик на генерација и најдобра паралелка во училиштето комисијата го доставува до Наставничкиот совет на училиштето кој го избира ученикот на генерација и најдобрата паралелка за тековната учебна година. Изборот на најдобар ученик од секоја година на образование и

најдобра паралелка за изминатите две години е даден во табелите подолу.

Најдобар ученик		
Година на образование	**2024/2025**	**2025/2026**
прва	**Бузалковски Борјан 1-8 клас**	**Ангелески Дамјан 1-7 клас**
втора	**Милошева Ивана 2-8 клас**	**Димовски Кристијан- 2-8 клас**
трета	**Ангелов Марко од 3-6 клас**	**Милошева Ивана од 3-8 клас**
четврта	**Атанаскова Симона 4-5 клас**	**Јордановски Александар 4-4**

-За најдобар ученик на ниво на училиште за учебната 2024/2025 година е избрана **Милошева Ивана*****, а за учебната 2025/26 година е избрана ученичката Ивана Милошева.***

Најдобра паралелка		
Година на образование	**2024/2025**	**2025/2026**
прва	1-8	1-7
втора	2-7	2-8
трета	3-6	3-7
четврта	4-5	4-4

-За најдобара паралелка на ниво на училиште за учебната 2024/2025 година е избрана паралелката 1-8, а за учебната 2025/26 година е избрана паралелката 3-7.

Со анализа на табелите може да се воочи дека избраните најдобри

	ученици и паралелки за двете претходни учебни години, се од електротехничката струка. **•Следење на постигнувањата на учениците при премин од еден во друг циклус и од едно во друго ниво наобразование** Континуирано се следат постигањата на учениците при премин од еден во друг циклус, почнувајќи со уписот на учениците во училиштето, од нивниот успех во основното училиште, па сè до полагање на матурските испити. Училиштето има процедура и пропишана политика за следење на хоризонтално и вертикално движење на учениците што им овозможува премин од еден образовен профил од иста или сродна струка (хоризонтална проодност) и продолжување на образованието на повисоко ниво доколку за истото постои интерес и барање (вертикална проодност). ➢Компаративната анализа покажува опаѓање на успехот на учениците од основно образование, со оној кој го постигнуваат на крајот од прва година. Тоа се должи на адаптационите потешкотии (промена на средината во која доаѓаат, нови предмети, нови предметни наставници, новини во однос на струката и образовниот профил), слабите предзнаења, примена на различни критериуми за оценување во основно и средно образование, недоволно изградени работни навики,непознавање на методите и техниките за рационално учење. ➢Средниот успех на учениците се подобрува во трета и четврта година. Тоа се должи на адаптирањето на учениците во средината, поголема зрелост на учениците, изборот на подрачјето кое сакаат да го учат и др. **• Подобрување на интеркултурните компетенции кај учениците**

	Во училиштето не се прави негативна дискриминација кај учениците во однос на било кој облик на определување и учениците се вклучуваат во активности, наставни и воннаставни во мешани групи според нивниот интерес.Се реализираат заеднички активности (наставни и воннаставни) со ученици од мешан етнички состав во училиштево и во рамките на проектот за меѓуетничка интеграција во кој сме вклучени во партнерстсво на училиштето ОСТУ „Наце Буѓони“ од Куманово.

Јаки страни:

- Континуирано следење на постигањата на учениците по предмети, пол, етничка припадност, паралелки и класификациони периоди.
- Зголемен број на запишани ученици – од 924 во 2024/25 на 978 во 2025/26 година, што укажува на зголемен интерес за училиштето.
- Зголемен интерес од ученици од женски пол, со околу 30% учество во последните две учебни години.
- Подобрување на средниот успех – од 3,47 на 3,50.
- Многу добри резултати на државната матура – 119 од 121 пријавени ученици положиле во 2024/25, а 122 од 126 во 2025/26.
- Примена на современи и интерактивни методи – ИКТ, проекти, презентации, истражувања, дебати и дискусии.
- Организирана дополнителна и додатна настава според потребите на учениците.
- Добра поддршка на учениците со потешкотии и ПОП, вклучително и образовни асистенти и индивидуални образовни планови.
- Поддршка на надарените ученици преку додатна настава, натпревари, проекти и манифестации.
- Значајни успеси на натпревари – освоени први, втори и трети места на општинско, регионално и државно ниво.
- Постоење на систем за информирање на родителите преку електронски дневник, родителски состаноци и консултации.
- Развиена вертикална и хоризонтална проодност на учениците.
- Добра инклузивност и интеркултурна соработка преку мешани групи и заеднички активности.
- Електротехничката струка покажува одлични резултати, бидејќи најдобрите ученици и паралелки во двете години се од оваа струка.

Слаби страни:

- Опаѓање на успехот при преминот од основно во средно образование.
- Недоволни предзнаења кај дел од учениците при запишување во средно образование.
- Недоволно развиени работни навики кај дел од учениците.
- Непознавање на ефикасни методи и техники на учење кај дел од учениците.

- Потешкотии во адаптацијата на учениците во прва година поради новата средина, новите предмети и предметни наставници.
- Различни критериуми за оценување меѓу основното и средното образование, што може да влијае врз почетниот успех на учениците.
- Просечниот успех и понатаму е на умерено ниво (3,50), иако бележи подобрување.
- Натпреварувачките резултати бележат намалување во 2025/26 – од 33 први места во 2024/25 на 11 први места.
- Изразена доминација на ученици од машки пол – над 70%, што покажува простор за дополнително привлекување на девојчиња во стручното образование.
- Потреба од уште посистематско идентификување на надарените ученици, бидејќи идентификацијата се врши претежно преку проценка на предметните наставници.

ПРИОРИТЕТИ

- Подобрување на постигањата и успехот на учениците
- Пронаоѓање на начини и облици за полесна адаптација на учениците од прва година
- Развивање на вештини за учење и самостојна работа кај учениците
- Унапредување на системот за идентификација и поддршка на надарени ученици

Област:2. Постигања учениците	
Индикатор: 2.2. Задржување/одлевање на учениците	
Кои се извори и документи за увид	**Информациикоисесобирани**
• Е-дневници заработа на паралелките; • Годишна програма за работа на училиштето; • Записници од наставнички совет на училиштето; • Записници од педагошко-психолошката служба во училиштето;	• **Опфат на ученици** Основната стратегија за опфатот наученици во училиштето се активностите кои ги врши училиштето во текот на целата наставна година:Активно учество на ученици на натпревари(општински,регионални, државни) по сите предмети и постигања на истите; Промоција и постигања на ученици кои имаат одредени афинитети кон некои предмети,надарениученици и сите активности кои вклучуваат училишни и вонучилишни активности.Активноста се заокружува со посета и соработка со основните училишта начасови по иновации и одделни маркетинг претставување нанашетоучилиштеза ОТВОРЕН ДЕН наистото. Преку дневниците за работа на паралелките во училиштето се изготвуваат компаративни анализи за постигањата на учениците за учебните години. Анализите содржат податоци за вкупен број на ученици по пол, етничка припадност, наставни предмети, паралелки и класификациони периоди. Имаме податоци за опфат на ученици од општината и реонот за активности и тоа: посети на семејства, соработки со надлежни институции, локална заедница и сл.За да ги опфати учениците за упис и образование во реонот, училиштето обезбедува услови за запишување на ученици од Велес и подрачни училишта,а и од други

- Записници од средби со родители;
- Полугодишни и годишни извештаи за успехот и постигањата на учениците изработени од класните раководители;
- Анализи на успехот ;
- Извештаи од педагошко-психолошката служба во училиштето;
- Извештај од интегралната евалуација на училиштето;
- Извештај заработата на училиштето во учебната 2024/2025 и 2025/2026 година;
- Маркетинг план и извештај од истиот за промоција на училиштето во

општини од РС Македонија. За учениците од подрачните училишта има обезбеден бесплатен посебен и линиски превоз на учениците, а во соработка со ОУД „Лазар Лазаревски“ во Велес се обезбедува сместување во домот на ученици од други општини, а најпозитивната страна е што истиот е во непосредна близина на нашето училиште.

- **Редовноствонаставата**

Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците (според полот,етничката припадност и социјално потекло), ги анализира причините за отсуство од наставата (оправдано/неоправдано) и навреме превзема конкретни активности што обезбедуваат зголемување на редовноста.Се соработува со родителите за да се имаат во предвид причините за изостанувањето и зголемување на редовноста. Класниот раководител заедно состручната служба - педагог/психолог и директорот ги повикуваат учениците кои имаат поголем број на изостаноци заедно со родителите на разговор.За истите се води строга евиденција преку записници за водени разговори,изречени педагошки мерки и известување за истите.
Показател за редовноста на учениците е табелата наведена подолу, според која може да се види вкупен број на ученици по години, изостаноци и поведение. Во продолжение во табелата има и компарација со претходната година и изразено во проценти би било дека во учебна 2025/26 год. од
вкупно запишани 972 ученици, направени се 44045 изостаноци од кои 39197 оправдани , 4848 неоправдани или 45 изостаноци по ученик.Од нив

примерно поведение имаат 849 или 87,3%
добро поведение имаат 113 ученици или 11,6%
незадоволително поведение имаат 10 ученици или 1,03%

Година на образование	Изостаноци				Поведение			
	Оправдани	Неоправ-дани	Вкупно	Просек	Примерно	Добро	Незадо-волително	Вкупно ученици
ПРВА ГОДИНА	8053	1123	9176	34,1	240	27	4	271
ВТОРА ГОДИНА	11405	1423	12828	46,7	215	37	2	254
ТРЕТА ГОДИНА	11156	1263	12419	51,5	230	24	1	255
ЧЕТВРТА ГОДИНА	8583	1039	9622	52,4	164	25	3	192

општината и регионот; (број 9 -тто одделенци, ученици кои би се запишале во нашето училиште)

ВКУПНО 2025/26	**39197**	**4848**	**44045**	**46,2**	**849**	**113**	**10**	**972**
ВО%					**87,3**	**11,6**	**1,03**	
ВКУПНО 2024/25	**41927**	**4490**	**46417**	**50,89**	**809**	**87**	**16**	**912**
ВО%					**88,7%**	**9,5%**	**1,75%**	

Со оглед на фактот дека во изминатата година имаме 972 , а во учебна 2024/25 година 60 помалку или 912 ученика, состојбата со поведението на учениците е следна:
Од вкупно запишани 912 ученика , направени се 46417 изостаноци од кои 41927 оправдани , 4490 неоправдани или 49,31 изостаноци по ученик.Од нив
примерно поведение имаат 809 или 88,7 %
добро поведение имаат 87 ученици или 9,5%
незадоволително поведение имаат 16 ученици или 1,75 %

- **Одлевање на ученици**

Во учебната 2024/2025год. Од училиштето се осипале,односно се отпишале 13 ученика, а во учебната 2025/2026год. се отпишале 10 ученика(заради заминување востранство, префрлање како вонредни ученици и запишување во други училишта). Или вкупно зарадизаминување во странство или префрлање како вонредни и запишување во други училишта во последните две години , се осипале,односно се отпишале 23ученици.

- **Задржување наученици**

Задржувањето – редовноста на учениците е зголемена, а осипувањето на учениците бележи опаѓање во текот на овие две учебни години,токму благодарение на вклученоста на повеќе значајни фактори:
- Наставните планови и програми се еднакви за ситеученици без разлика на нивното етничко потекло и полова разлика. Секој ученик може да најде свое место во реализација на личните афинитети и постигања преку учество во разни училишни и вонучилишни активности;
- Воспоставена е добра училишна клима како резултат на добрите меѓучовечки односи на релација наставник-

	ученик-родител. Честите дружења меѓу учениците и учениците и наставниците преку различни културно- забавни манифестации се добра основа за одржување на добра училишна клима; Но, најголем придонес сепак има квалитетниот и стручнооспособен наставен кадар, кој нуди современа настава, како и опременоста на кабинетите со компјутери и друга стручна опрема во кабинетите зависно од стручната програма за секој ученик. Примената – инкорпорираноста на останатите подрачја има свој удел во реализацијата на задржувањето,односно осипувањето на училиштето Училиштето има систем за идентификација на ученици надарени, ученици кои имаат тешкотии во учењето и со донесување на Законот за инклузија, за учениците со посебни образовни потреби. Со донесувањето на законот за инклузуија, ученици со посебни потреби кои се запишаа во нашето училиште ја имаа помошта од образовни асистенти. И за нив преку педагошко –психолошката служба,соработката со образовните асистенти и родителите се води грижа за редовноста и поведението на овиеученици и нивната поголема инклузивност во воспитно образовниот процес. • **Премин на ученици од едно во друго училиште** Училиштето ја почитува постапката при премин на учениците од едно во друго училиште, ги доставува информациите за воспитно образовниот развој на ученикот во училиштето каде што се запишува, а при прием на ученик од друго училиште ги имаме истите информации и се земаат во предвид при понатамошната работа со ученикот. Преку разработен систем за собирање на податоци располагаме со детални информации за тоа кои ученици по завршувањето на средното образование се запишале во високо образовните установи во РС Македонија. Училиштето ги следи активностите на учениците,редовноста, но и упис и одпис на ученици во текот на нивното образование.
	Adriatic South at Volvo Serbia; Vanco Cicakovski – Commercial Director Volvo Trucks Macedonia; Vladimir Velevski - Workshop Manager, Volvo Trucks Macedonia) и претставници од RECONOMY програмата имплементирана од Helvetas. • Континуираното инвестирање во знаење, вештини, опрема и ресурси за подобро формално и неформално образование е заедничка цел. Можност за соработка и инвестиција. Учесници: директор Весна Стојанова Богоевска, педагог – Пандорче Јованова; наставници – Иле Танев, Зоран Пасламушков, Иванче Иванов и Стојанче Иванов. • Домаќини на манифестациите Макинова и Еконова. Меѓународна изложба на пронајдоци, иновации, патенти, нови технологии и производи, истражувачки проекти и младинско творештво. • Посета од претседател на Влада на Р.С.Македонија Христијан Мицковски, Министер за образование, пратеници, Градоначалник. Учесници: директор Весна Стојанова Богоевска; Педагог Пандорче Јованова; наставници од училиштето. • Учество на трибина со тема "Го заслужуваме ли Црвениот поет", во рамките на Детски Рацинови Средби. Средношколците од Дебатен клуб на ДСУ РЦСОО "Коле Неделковски" со дебатен клуб на СОУ Гимназија „Кочо Рацин“ Велес говореа за Рацин. Учесници: наставник Марија Јанушева со ученици од Дебатен клуб. • Одбележување на 85-годишнината од објавувањето на стихозбирката „Бели мугри“ на Коста Солев Рацин. Прикажување на видеозаписот „Бесмртниот“, каде наратор е ученикот Лука Панов од 2 - 8 клас при ДСУ РЦСОО „Коле Неделковски“ Велес. Учесници: наставник Мариче Стојанова со ученик Лука Панов 2 - 8 клас, ученици. • Учество на работилница за образование на возрасни на тема “Adult Learning in VET: the role of Centres of Vocational Excellence (COVEs)”, организирана од ETF (European Training Foundation) EU. Учесник: наставник Јордан Палашев. • Медиумска обука за средношколци под покровителство на ПИНА – Платформа за истражувачко новинарство. Обучувањето е спроведено од страна на новинарката Убавка Јаневска.

	Учесници: наставник Мариче Стојанова со ученици од новинарски клуб - Анабела Николовска, Катерина Гушева, Петар Атанасовски од 2-8 клас. • Работилница во рамките на Проектот за меѓуетничка интеграција на младите во образованието. Учениците од двете партнер училишта ДСУ РЦСОО „Коле Неделковски“ - Велес и ОСТУ „Наце Буѓони“ - Куманово реализираа работилница на тема: „Изработка на геометриски фигури и геометриски тела“, прошетка по сокаците во Велес и посета на спомен куќата на Кочо Рацин. Учесници: директор Весна Стојанова Богоевска; наставници – Мира Ташкова, Валентин Елисковски, Бојана Темелковска, Горан Бузалковски, Марина Костадиновска Филипова, Наталија Ашикоска и ученици од прва и втора год. од различна етничка припадност. • Проект „Безбедна училишна средина“. Проектот е спроведуван од Коалиција СЕГА во партнерство со Македонски центар за граѓанско образование(МЦГО), Првата детска амбасада Меѓаши и SmartUp-Social Innovation Lab. Учесници: претставници на ученичката заедница. • Учество на панел дискусија во рамките на кампањата 16 дена активизам против родово базирано насилствои посета на уметничката изложба @martina__spasovska. Учесници: наставник Марија Јанушева со ученици. • Снимен поткаст со музичката ѕвезда Мики Секуловски. Учесници: наставници: Оливер Петков, Мариче Стојанова и Тања Пауновска. Ученици: Симона Ѓурова 2-7, Андреј Теов 2-8, Анѓела Колодезни 1-8, Марија Петровска 2-6, Антонија Ристова 2-6, видео монтажа: Благој Наковски 1-10, камера и режија: Димитар Андонов 2-10 • Предавање на тема: „Организација на производството на возила за чистење на улици“, предавач - г-дин Ангел Анѓушев, технички директор на Green Machines во БРАКО. Учесници: наставници од Машински актив, ученици од прва и втора година. • Работилница - Јавно говорење. Темите на кои се говореше се : "Социјалните медиуми во модерното живеење“, „Насилството како феномен во секојдневието“ и „Пренос на генерации – пренос на вредности“. Присуство и учество имаше од сите општински основни училишта и средното училиште Гимназија "Кочо Рацин" Велес. Повод за овој настан е чествувањето на патрониот празник на училиштето. Учесници: наставник Марија Јанушева со учениците од Дебатен Клуб при ДСУ

	РЦСОО „ Коле Неделковски “- Велес. • Панел дискусија на тема „ Да зборуваме за спортското здравје“ со акцент на женскиот спорт и здравјето на жените - спортистки. Учесници: наставници Златко Здравковски и Горан Богоевски со ученичките Ана Панова и Деспина Грданова. • Предавање на тема„Штетноста и последиците од употреба на пиротехнички материјали“. Предавачи: д-р Викторија Ончева, главна сестра Ивана Драгевска при одделот за пластична и реконструктивна хирургија и началник за превенција од МВР Велес Ненад Колев. • Посета на идниот партнер во дуалното образование – МАГНА-Штип. Делегација од училиштето и преставниците за дуално образование при делагацијата на германското стопанство, ја посетиле фабриката и било разговарано, учениците од образовниот профил „Техничар за индустриска мехатроника“ да започнат со изведување на феријална практика и учење преку работа кај работодавач во оваа компанија. Учесници: директор, психолог и наставници Сашо Ѓоргов, Мајсторов Симе • Годишна презентација на ФЕИТ, во просториите на ИНОФЕИТ на студентскиот проект „Што дишеме“, кој е поддржан од меѓународната организација IEEE од програмата EPICS (Engineering Projects in Community Service). Учесник: наставник Елена Јосифоска • Учество во работилница на тема: Практично учење преку симулација на игра за подобрување на вештините на сајбер безбедност, во INNOX.MK – иновативниот центар за технолошки развој во Скопје. Учесници: наставници Наталија Ашиковска и Славица Карбева Стојковиќ • Учество на настан - одбележување на раѓањето на патронот на Библиотеката „Гоце Делчев“ - Велес. Учесници: наставници Мариче Стојанова, Цветанка Ѓакова Панова; учениците Марија Настасова, Лука Панов • Кариерна работилница во рамки на проектот „Еднакви можности за девојчиња и жени во Северна Македонија“, организирана од Националниот младински совет на Македонија во соработка со Мрежа Стела, со поддршка од Британската амбасада во Скопје. Учесници: Психолог Василија Јорданова; Ученици од прва и трета година. • Работилница на тема: Иднината на наставата: Претприемништво,

	филантропија, дигитални алатки и вештачка интелигенција. Во организација на APHO-Organization for Social Innovation и LEAD-Здружение Лидери за Едукација, активизам и развој. Учесници: наставници Марина Костадиновска - Филипова и Наталија Ашиковска. • Учество на предавање и работилница на тема „Безбеден интернет“ . Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ - Скопје, како единствена воено-образовна институција во државата е реализатор на проектот MK Safe NET, под покровителство на Министерството за Дигитална Трансформација, кој има за крајна цел да обезбеди побезбедно дигитално искуство за децата, младите, родителите, наставниците и старателите, истовремено нудејќи алатки и знаење за одговорно навигација во дигиталните технологии. Учесници: наставници и 80 ученици • Хуманитарен базар – Подготовка за празникот Прочка. Угостителската струка во соработка со Здружението на пензионери – жени успешно ја спроведоа акцијата вредни и хумани. Учесници: наставници и ученици од угостителската струка • Учество во настан „Her Story, Her Path, Her Power: Women Who Paved the Way“. Во настанот учествуваше и Амбасадорката на Кралството Шведска во С. Македонија, г-ѓа Ami Larsson Jain, која исто така беше дел од дискусиите. Учесници: наставник Марија Јанушева со ученици • Конференција на тема: Internationalising vocational excellence: “Making excellence meaningful for all learners”, во организација на ETF (European Training Foundation). Учесник: Наставник Јордан Палашев • Посета на збратименото училиште Техничка школа Власотинце, од Власотинце Р. Србија. При посетата беа договорени понатамошни активности за заеднича соработка на двете училишта и беа презентирани ресурсите со кои располага училиштето, како и опремата и реновираните објекти добиени од страна на RCF. Учесници: директор Горан Богоевски; Наставници Кристина Пачукова; Маријан Панов • Предавање на тема: „ Демонстрација на својства на функции со примена на динамички софтвер “, организирано од „Здружението на математичари – Велес“ од Велес. Предавањето го реализираше професор д-р Зоран Трифунов,

	редовен професор на Факултет за технички науки, Универзитет Мајка Тереза – Скопје. Учесници: предметни наставници и ученици • Учество во работилница во соработка со Амбасадата на Кралството Шведска и Europe House Veles. Интерактивна игра-натпревар „Electionville“ (Елекшнвил). Учесници: наставник Марија Јанушева со ученици • Учество во одбележање на Светскиот ден на здравјето преку предавањето на нутриционистот Антонио Велковски, автор на книгата ,, Ајде да јадеме". Учесници: наставник Кристина Пачукова со ученици • Учество во активност во организација на Здружението на Акцијаши-ветерани. На костурницата се засадија 60 дрвца чемпреси во спомен на трагично загинатите во Кочани. Учесници: директор Горан Богоевски; наставник Златко Здравковски; учениците Александар Ангелевски, Александар Јанков и Леон Митиќ од 2-3 клас **2025/2026** • Поетско читање “Навраќање кон коренитe“ во организација на Локална Библиотека “Гоце Делчев“, ЛУ Народен музеј Велес и Клубот на писатели “К.С.Рацин“, повод- 84 години од смртта на поетот Коле Неделковски. Учесници: психолог Василија Јорданова, наставници м-р Ангелче Гушев и Леонид Таневски. • Годишно собрание на МАССУМ. Учесници:наставници Оливер Петков и Мариче Стојанова. • Учество во процесот на изработка на новата Стратегија за образование 2026–2032. Учесници:наставници Валентина Шкрекова и помошник директор м-р Ангелче Гушев • Промоција на мрежата UWC колеџите (23 средни училишта со меѓународен карактер), чија мрежа на средни училишта е на повеќе континенти. Учесници: наставник Снежана Софијанова и ученици од трета година Компјутерска техника и автоматика • Посета на гости од збратименото училиште Власотинце Одговорни наставници: Христина Трајкова, Марјан Малинов, Бузалков Горан,

	Јане Гонев, Кристинка Пацукова, Пандорче Јорданова, Влатко Панов, Илија Танев, Марија Јанушева, Тања Паунова • Свечено доделувањето на сертификати за успешно завршено дуално образование според германски стандарди. Учесници:наставници Сашо Ѓоргов и Зоран Пасламушков со ученици • Форумот за жени и девојки во STEM 2025. Посебни работилници за учениците и менторите на тема LinkedIn и критичко размислување, како и посета на Музејот за стрипови.Панел дискусија на тема Сајбер кариери, каде говорници беа Магда Лилиа Чели, CEO на RiskImmune AI платформата и основач на Жените во Сајбер и Доминик Колер, еден од сопствениците на KONE. Учесници: наставник Гордана Мулева со ученици • Четиридневна обука дизајнирана да ги зајакне нивните капацитети за водење значајни младински размени под етикетата „Superschools“. Учесници:наставници Даниел Здравевски и Верица Анѓушева • Во рамките на Проектот за меѓуетничка интеграција на младите во образованието се реализираше заедничка активност на двете партнер училишта ДСУ РЦСОО Коле Неделковски – Велес и ОСТ Наце Буѓони – Куманово. Учениците накратко ги запознаа присутните ученици, наставници, родители со трите најзастапени видови на музика - народна, странска и поп музика, нивните карактеристики и познати изведувачи. Учесници:наставници Мира Ташкова, Душан Банев, Бојана Темелковска, Гушев Ангелче, Марјан Малинов со 14 ученици од различна етничка припадност • Обука за потребните компетенции кои треба да ги поседуваат учениците за натпреварите SKILLS COPETITION во соработка со ментор од фирмата ПЕСКАРА Учесници:наставници Стојанче Иванов и Иванче Иванов • Гастрономската манифестација „Копиријада 2025“ во Кратово, нашите талентирани ученици Ивана Стојановска, Стефанија Бојковска и Лорета Лазаревска под менторство на професор Кристина Пачукова го освоија првото место за најдобар специјалитет. Учесници:директор Горан Богоевски и наставник Христинка Пачукова со ученици • Презентација на швајцарската компанија FISCHER. Учениците имаа можност да научат како иновацијата, прецизноста и визијата создаваат бренд што инспирира.

	Учесници:директор, наставници и ученици • Едукативна презентација во ДСУ РЦСОО „Коле Неделковски“ од страна на ПОРШЕ Македонија. Учесници:наставници и ученици • Посета на нашето училиште од страна на делегација од стопанственици од Германија - Фулда, во рамки на делегациска посета, составена од Управен одбор на Стопанската комора на регионот Фулда од Германија со македонски преставници од АХК. • Посета на станицата за Технички преглед на АВТО МОТО СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА. Презентација на комплетен технички преглед на едно моторно возило. • Камп на иновации во организација на Junior Achievement Macedonia. На кампот кој имаше натпреварувачки карактер учествуваа 40 ученици кои на зададена тема Паметен град Велес разработија сопствени бизнис идеи. Воедно беше потпишан и Меморандум за соработка меѓу ДСУ РЦСОО „Коле Неделковски“ Велес и Junior Achievement Macedonia.Одржана сесија со наставници. Наставник Елена Јосифоска со ученици • На свечената седница по повод 81 година слободен Велес, во Народниот театар во Велес нашето училиште ДСУ РСЦОО “Коле Неделковски“ од страна на Советот на Општина Велес и Градоначалникот Марко Колев, беше наградено со Благодарница 9ти Ноември за 60 години придонес во развојот на образовната дејност во градот. Учесници:директор Горан Богоевски/ Наставници • Во организација на Junior Achievement Macedonia се одржано е предавање на тема „Примена на проектен менаџмент во програмата за ученичка компанија“. Наставник Елена Јосифоска • Учество во одбележувањето на 58. Детски Рацинови средби, посветени на Коста Солев Рацин – таткото на современата македонска поезија, народниот глас и совест на своето време.Учениците беа дел од свечената поворка што започна од Спомен-костурницата, продолжи низ централните градски улици и заврши пред споменикот на Кочо Рацин. Учесници:наставник Оливер Петков со ученици • Работилница „Пронајди се во светот околу тебе - идентитет, култура и разбирање“.Настанот се организира во рамки на регионалниот проект “Млади за инклузија, еднаквост и доверба“ организиран од страна на Младински

	образовен форум и Фондот за население на Обединетите Нации - УНФПА. Наставник Марија Јанушева со ученици • Присуствуво на свечена манифестација. Симболична книжевна креативна симулација - со потенцијал за творење и цртање во чест на Рацин. Учесници:наставник Сара Бочваров со ученици • Рецитаторски натпревар на ниво на држава. Одбрани 12 учесници од вкупно 46 ученици. Во вториот круг Лука Панов од 3-8 клас при ДСУ РЦСОО ,,Коле Неделковски" го освои третото место. Наставник ментор м-р Мариче Стојанова, ученик Лука Панов 3-8 клас • Средба со писателот Горјан Петревски. Учесници:наставник ментор м-р Мариче Стојанова со ученици • Учество во претстава. На завршната манифестација од 58 - те Рацинови средби свој перформансимаа учениците: Лука Панов, Андреј Теов - ученици при ДСУ РЦСОО ,,Коле Неделковски" Велес. • Информативна средба за државни грантови за унапредување на мултикултурализмот/интркултурализмот и меѓуетничката интеграција во училиштата. Учесници:наставник Мира Ташкова, психолог Василија Јорданова • Промоција на стихозбирката „Стиховна градина“. Учесници:наставници Тања Пауновска и м-р Мариче Стојанова ученици Давид Танев 2-5 клас, Марија Настасова 2-7 клас Теодор Петковски 3-9 клас • Едукативна посета на компанијата Јомак-Ком. Учесници:наставник Христина Трајкова, Олгица Минова, ученици • Учество на форумот во рамките на проектот „Регионално партнерство за подобро спроведување на Зелената Агенда на локално ниво“, поддржан од Embassy of Switzerland in North Macedonia, преку Civica Mobilitas, Foundation for Local and IT Development - Gevgelija Eco Action Tetovo National Roma Centrum Eco-Green Movement, Berovo Екотуризам Охрид / Ecotourism Ohrid Регионално географско друштво „ГЕОСФЕРА“ – Битола • Учество на манифестацијата НОЕМВРИ – МЕСЕЦ НА НАУКАТА. Тимот - Михаела Ангелова и Ева Димова со експериментот - Примена на тригонометријата при решавање на практичен проблем, го освоија второто место во втора година; и тимот Дамјан Ангелески и Ива Тодороска со експериментот - Кога струјата и воздухот размислуваат логички го освоија првото место во прва година.

	Учесници: наставници / ментори Мира Ташкова, Славица Карбева Стојковиќ и поддршка од стручните професори Гордана Мулева и Сашо Ѓоргов • Активност – Младите и природата. Престојување во планинарскиот дом Чеплес. Учениците двата дена со движење по планинарски патеки совладаа нови планинарски вештини. Учесници:наставници Златко Здравковски, Илија Танев и Марјан Панов • Училишна размена со Средното училиште Херман Гмајнер од Тирана, Албанија. Размената се реализира со помош на проектот RYCO Superschools, финансирано од ЕУ. Учество на едукативно предавање на тема „Важноста на физичката активност и развојот на човекот“. Предавач на ова едукативно предвање беше проф.д-р Горан Никовски, универзитетски професор на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје - Скопје. Учесници: триесетина ученици од втора и трета година предводени од наставниците м-р Ангелче Гушев и Леонид Таневски. • Предавање на теми „Сообраќајни студии и симулации“ и „Студирање техника - можност за привлечна професија и успешна кариера“ Предавањето го реализираа професорите од Факултетот Мајка Тереза Скопје Проф. Д-р. Јован Христоски, проф. Д-р. Зоран Трифунов, проф. доц. Оливера Петровска, проф. Д-р. Стеван Ќосевски Учесници: ученици и наставници по сообраќајни стручни предмети при ДСУ РЦСОО „Коле Неделковски“- Велес. • Ликовна работилница на тема „Поетски слики” во соработка со ученици од основните училишта „Васил Главинов“, „Кирил и Методиј“, „Панко Брашнаров“ и „Маца Овчарова“. Тие преку креативно изразување, размена на идеи и заедничка работа создадоа уметнички дела кои ја истакнуваат важноста на соработката и уметноста. Учесници: наставник Сара Бочваров, ученици • 60 години машинска струка. Предавање од страна на проф. д-р Ташко Ризов, продекан за настава при УКИМ Машински факултет – Скопје кој даде осврт на реалната состојбата на пазарот на трудот во денешно време, односно „машинските инженери се најдефицитарниот и најбараниот кадар во реалниот сектор“. Учесници: наставник Зоран Пасламушков со ученици • Вебинар на тема Законски обврски и стратегии за справување со насилство и

	ученичко учество. Вебинар наменет за наставници и стручни соработници од средни училишта, во организација на ЕдуЛаб. Учесници: наставник м-р Ангелче Гушев. • Едукативен настан за правилно управување со отпад од текстил за деца и млади. Учесници: наставник м-р Ангелче Гушев. • Активност STEM Escape Room. Одговорен наставник: Славица Карбева Стојковиќ. Присутни наставници: Мира Ташкова, Билјана Ивева, Магдалена Иванова, Надица Теова. Ученици Стефан Поповски, Ивана Милошева, Ангела Здравковска, Димитри Кочов, Марија Михајлова и Лука Панов • Централна манифестација по повод 60 год. ДСУ РЦСОО „Коле Неделковски“ - Велес. Години на традиција, знаење и успех, одбележани со фимска проекција на документарниот филм „Патоказ кон знаењето“. Во документарниот филм беше прикажано целокупното работење на училиштето. Пред проекцијата на филмот значајни творби од патронот Коле Неделковски презентираа наши ученици, а пред полната сала на киното поздравен говор имаше и директорот на училиштето Горан Богоевски. Учесници:колектив на ДСУ РЦСОО „Коле Неделковски“ Велес, поканети гости • Во рамките на Проектот за меѓуетничка интеграција на младите во образованието, а по повод Патрониот празник на нашето училиште беше распишан литературен конкурс на тема: 60 – години „Коле Неделковски“ - патоказ на знаењето на кој зема учество нашето партнер училиште ОСТУ „Наце Буѓони“ од Куманово со ученичката Дарија Трендафиловска и ментор Лидија Цветковаи и освои трето место. Учесници:наставник Мира Ташкова - координатор на тимот за училишна интеграција наставник Мариче Стојанова • Во соработка со МОН и Хелветас се одржа Хакатон (повеќечасовен настан посветен на кодирање и тимско создавање на софтверско или хардверско решение) за изработка на бизнис план за реални училишни компании во Регионалните центри. Учесници: директор Горан Богоевски; наставник Елена Јосифоска и ученичките Ангела Новакова и Кристина Саздовска од 3-7клас. Учество на ликовниот конкурс на тема „Мајката на Рацин – тивка сила за гласен збор“. Повод Патрониот празник на СОУ „Гимназија Кочо Рацин“,


освоена III награда за ученикот Љупче Неделковски – ДСУ РЦСОО „Коле Неделковски“ - Велес.
Учесници: наставник Сара Бочваров со ученик Љупче Неделковски

- Присуство на традиционална манифестација Компиријада.
Учесници: директор Горан Богоевски; педагог Пандорче Јорданова

Анкета за наставници ги покажа следните резултати:

17. Партнерските односи со родителите и локалната заедница позитивно влијаат врз работната клима во училиштето.


47 responses



Од анкетата за родители ќе ги издвоиме следните прашања:


14. Имам можност да учествувам во активности и иницијативи поврзани со училиштето.


165 responses




15. Моето мислење и предлози се земаат предвид при донесување одлуки во училиштето.

165 responses



	17. Партнерските односи со родителите и локалната заедница позитивно влијаат врз работната клима во училиштето. 165 responses  **Учениците во спроведената анкета се изјасниле дека:**

	8. Практичната настава и посетите на компании ми помагаат подобро да ја разберам мојата идна професија. 276 responses 

РЕЗИМЕ И ЗАКЛУЧОЦИ ПОДРАЧЈЕТО УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО

Клучнијакистрани

- Училиштето континуирано обезбедува безбедна, пријатна и инклузивна средина на сите ученици и вработени без дискриминација на било каква основа
- Во училиштето систематски се негуваат и унапредуваат добрите меѓучовечки односи, толеранцијата и меѓусебната почит меѓу сите инволвирани страни во воспитно – образовниот процес
- Училиштето обезбедува рамноправна вклученост и активно учество на учениците во процесот на донесување одлуки и решавање прашања од нивни интерес
- Училиштето ги промовира личните постигања на учениците
- Училиштето ги промовира професионални постигања на вработените
- Училиштето доследно ги применува Кодексот на однесување, куќниот ред и правилниците за педагошки мерки, со навремено и соодветно постапување при несоодветно однесување
- Училиштето го поттикнува прифаќањето и промовирањето на мултикултурализмот, успешно го реализира проектот за меѓуетничка интеграција;

- Во училиштето се негува хуманоста и солидарна помош кон ученици од социјално загрозени семејства.
- Наставниците реагираат кога ќе забележат дискриминација или неправеден однос
- Родителите се редовно вклучени и информирани за образовниот напредок на учениците
- Партнерските односи со родителите и локалната заедница позитивно влијаат врз работната клима во училиштето
- Училиштето соработува со социјалните партнери
- Училиштето соработува со други училишта од државава и странство**.**

Клучнислабистрани:

- Родителите немаат доволно мотивација да учествуваат во активности и иницијативи поврзани со училиштето
- Мислењето и предлозите на родителите во мал процент се зимаат во предвид при донесување одлуки во училиштето
- Мал процент од учениците сметаат дека наставниците не се однесуваат еднакво кон сите ученици
- На часовите не се разговара доволно за почитување и прифаќање на различностите
- Учениците не се доволно вклучени во активности поврзани со локални компании и институции
- Практичната настава и посетите на компаниите на учениците не им помага доволно на учениците да ја разберат нивната идна професија
- Намалена соработката помеѓу колегите со директни средби
- Во училиштето недостасуваат активности за тим билдинг

Идни активности: Приоритетни потподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето

- Да се превземат повеќе активности во кои активно ќе се вклучат родителите во наставниот процес, како и во воннаставните активности.
- Да се поттикнуваат учениците, слободно да разговараат со своите наставници и стручната служба кога се за нешто загрижени.
- Изборот на фирми за практична работа да биде соодветен на струката на учениците

ПРИОРИТЕТИ

- Поголема соработка на ниво на активи.
- Поголема соработка со компаниите каде учениците реализираат практична настава со цел нивно понатамошно вработување
- Ротирање на наставниот кадар кога се во прашање некои функции во училиштето.
- Ротирање на наставниот кадар при формирање на тимови за работа
- Организирање на различни форми на дружење меѓу наставниците
- Промовирање на еднаквост и правичност помеѓу сите субјекти во училиштето

ОБЛАСТ 6

РЕСУРСИ

	ИНДИКАТОР	Теми
6.1	**Сместување и просторни ресурси**	• Просторни услови • Искористеност на просторните капацитети
6.2	**Наставни средства и материјали**	• Опременост со стручна литература наставни средства и помагала • Училишна библиотека • Потрошен материјал
6.3	**Обезбедување на потребниот наставен кадар**	• Број на вработени и соодветност на наставен кадар • Ефективност и распоредување на кадарот • Стручна служба како поддршка на наставниот кадар
6.4	**Следење на развојните потреби на наставниот кадар**	• Следење на развојните потреби на наставниот кадар
6.5	**Финансиско работење во училиштето**	• Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива на финансиското работење • Транспарентност во планирање и трошење на училишниот буџет

Област Ресурси	
Индикатор 6.1Сместување и просторни капацитети	
Теми	***Просторни услови***

	Искористеност на просторните капацитети
Кои се извори и документи за увид	**Информациикоисесобирани**
• Градежен план на училиштето • Пописни листи • Анкети за наставници	Просторни услови Број на училишни згради 1. Вкупна површина 6800 m^2. Училишна зграда Училишната површина е 5182 m^2. Училишната зграда се состои од два дела, кои покрај подрумот и приземјето имаат уште два ката. По пристапната рамка на самиот влез, ходниците и скалишниот простор се соодветно офарбани и уредени со уметнички дела, слики и фотоалбуми. Сите прозори се пвц и најголем дел од просториите се климатизирани. На кровот, училиштето има самостојно поставено фотоволтаици. Направена е комплетна дренажа на подрумските простории за да се намали влагата во нив. Училиштето се наоѓа во непосредна близина на ученичкиот интернат, што го олеснува доаѓањето на учениците. Училишната зграда има пристапна патека, но нема лифт за првиот и вториот кат и нема надворешни противпожарни скали. Исто така училиштето нема кантина за потребите на учениците и наставниците. Кабинетите се опремени со соодветен училишен мебел, табли, ЛЦД проектори, смарт табли, телевизори и нагледни сретства со цел обезбедување на стимулативна средина за учење. Над 85% од наставниците сметаат дека просторните капацитети во училиштето се користат оптимално и можат да ги користат сите во училиштето. Училишен двор Училиштето располага со комплетно оформен двор со проширена поплочена површина пред влезот на училиштето, во која целосно се вклопува амфитеатарот и клупите вдолж патеките за движење, дизајнирани со мурали и осветлување. Поставени се големи жардињери во кои е посадено ново зеленило и цвеќе. Во рамките на патроните активности на 16.12.2025 се реализираше еколошка акција на пошумување на училишниот двор, каде беа засадени 11 садници на јапонска цреша од видот PRUNUS KANZAS, донирани од страна на општествено одговорната фирма ФИТО БЕСТ од Струмица, со помош на ЈП Национални шуми ПШС Бабуна од Велес. Исто така беше спроведена и пролетна акција за пошумување на дворот во рамките на проектот „Зелен двор“ под покровителство на ДМ маркети, кога беа посадени 10 садници од Catalpa Nana и 15 садници од Prunus Pissardii, украсна црвенолисна слива, со стручна помош

	на одговорни лица од Дервен и од ПШС Бабуна од Велес, кои се вклучија во определување на видот на садниците и подготовка на местото за садење. Во тек е поставување на рампа, за контрола на влезот на паркинг просторот на училиштето. Безбедноста на учениците и зградата е обезбедена со видео надзор и со чуварска служба.
• Преглед на училишен простор во кој се изведува образовно–воспитна дејност и последните направени пописни листи • Интервјуа со наставници	***Училишен простор*** ***Преглед на наставни простории во училиштето*** • Училиштето располага со 35 кабинети според стандардите пропишани од МОН (подрум+приземје+2 ката); • 1 специјализирана машинска работилница со помошни простории; • 11 кабинети од машинска, електротехничка, сообраќајна и угостителска струка за практична настава; • Маркарт-Тренингцентар; • Спортска сала со фитнес катче ***Училници, кабинети*** Наставно-образовниот процес во ДСУ РЦСОО "Коле Неделковски" се изведува во специјализирани училници–кабинети, кои се нумерички обележани. Опремата во специјализираните кабинети е во согласност со спецификите на наставниот предмет и според реалните можности на училиштето. Кабинетите се опремени со табли, ЛЦД проектори, смарт табли, телевизори или sидни платна. Во зависност од наставниот предмет и можностите на училиштето, поголем број од кабинетите се опремени со визуелни средства како што се цртежи од предмети, процеси, макети, системи, географски и историски карти како и каталози од производители на одредена опрема. Кабинетите, каде се изучува теоретска настава имаат нагледни средства изработени од наставниците во соработка со учениците. Од искуството се покажува дека тие даваат позитивни резултати и затоа и оваа учебна година ќе се продолжи со зголемување на нивниот број. ***Кабинети за електро-технички наставни предмети и опрема за изведување на наставата*** Во електротехничката струка опфатени се следните функционални простории со

	специфична опрема: - еден кабинет со 17 компјутери за изведување на теоретските часови по предметите од програмирање во образовниот профил електротехничар за компјутерска техника и автоматика; - два помали кабинети со 8 компјутери за изведување на вежби по предметите од програмирање во образовниот профил електротехничар за компјутерска техника и автоматика; - еден кабинет со нови 14 компјутери и еден лаптоп за изведување на теоретско-практична настава за профилот електротехничар за компјутерска техника и автоматика; - два кабинета за испитување на електрични машини опремени со пултови (пултовите се опремени со статични амперметри, волтметри, фрекфенциометри и електрични броила). Напојувањето е со еднонасочен, еднофазен и трифазен напон и со сите пропратни инструменти за соодветните профили. Во овој кабинет во учебната 2025/26 се набави и термална камера. - Автоелектричарскаработилница; - кабинет за електроника, со програмибилни единици за контрола и водење на работни процеси во индустрија; - 4 кабинети за теоретска настава. ***Кабинети за машински наставни предмети и опрема за изведување на наставата*** Во машинската струка опфатени се функционални простории со специфична опрема. Машинскаработилницасоставенаод: - Стругарскоодделение; - машино-браварскоодделение; - заварувачкоодделение; - ковачкоодделение; - училницазатеоретсканастава; - автомеханичарскаработилница; - кабинет за заварувачи; - кабинет за автомеханичари - кабинет за НУМА со одделение за роботика; - 2 кабинети со комплетна информатичка опрема во мрежна врска со интернет конекција; - 4 машински кабинети - магацин со алатница

	Во овие функционални простории ја има следната опрема и машини: стругови, глодалки, дупчалки, рендосалки, брусилки, заварувачки апарати, механички преси, машински прибор и алат, автомеханичарски алат и прибор, роботи, NC-струг, NC-глодалодупчалка, CNC машина, 3Д штампач, графоскопи, табли за цртање, компјутери и други видови опрема и машини, маси, ормани, полици, табла за пишување, флипчарт, метална количка, брусалка, статичен циркулар, убодна пила, рачен циркулар, бормашина, дигитален и обичен шублер, микрометар, менгеме, гранитна плоча, заштитни очила и слушалки, модел на мотор со внатрешно согорување и мултифункционален принтер. ***Кабинет за угостителски стручни предмет и опрема за изведување на наставата*** Кабинетот за изведување на практична настава е опремен со: Печка дувалка, машина за сечење на сувомесни производи, вертикален фрижидер, аспиратор, мијалник, електричен шпорет, кујнски мебел, sидни и подни плочки, дополнителен ситен инвентар, климатизација и пвц врата, обезбедени преку Германската амбасада. Исто така во кабинетот има лцд телевизор, компјутер и печатар. За квалитетно изведување на наставата во иднина во овој актив, наставниците имаат потреба од кабинет за теоретска настава и кабинет за угостителство. ***Кабинет за сообраќајни стручни предмети и опрема за изведување на наставата*** Оваа струка располага со 1 кабинет опремен со 17 компјутери, сервер, ЛЦД проектор и смарт табла. За теоретска настава користат неколку кабинети заеднички со другите струки. ***Кабинети за природно-математички и општествени наставни предметии опрема за изведување на наставата*** Опременоста на кабинетите во кои се изучуваат природно-математички и општествено-јазични предмети постојано се подобрува. Секој од нив е опремен со опрема специфична за предметот кој се изучува. Сите кабинети се климатизирани. Во сите се поставени ЛЦД проектори, покрај тоа во двата кабинети по математика има дополнително поставено и смарт табли и лцд екрани во кабинетот по историја, музичко образование и македонски јазик. Кабинетот по информатика е опремен со 18 десктоп компјутери. Сите четири активи располагаат со посебна опремена просторија со мебел и компјутер со интернет конекција. За подобрување на условите за работа во училиштето, во повеќе кабинети има потреба од

	менување на подот и инвентарот – клупи и столови, од кои подот во едниот кабинет по математика е во најлоша состојба. Наставата по ликовно образование во моментот се реализира во салата за презентации, која не ги задоволува потребните услови за реализација на настава. ***Спортска сала*** Во училиштето има спортска сала во која се реализира наставата по предметот Спорт и спортски активности. Опремена со спортска опрема и реквизити. Во склопот на спортската сала функционира и фитнес сала, опремена со справи за вежбање и пинг понг табла. Оваа опременост допринесува не само за развојот на редовната настава, туку и за подобри предуслови за воннаставна воспитно-образовна дејност, особено преку слободните ученички активности. Салата нема простор за публика.
• Преглед на училишен простор кој се користи за останата педагошка, административна и финансиска работа поврзана со образовно–воспитна дејност и последни пописни листи	Од останати простории за педагошка, административна и финансиска работа, училиштето располага со: • 1 просторија за директор; • 1 просторија за стручна служба (педагог, психолог и социјален работник); • 1 просторија за менаџер за формално образование • 1 просторија за секретар; • 1 просторија за книговодител и комисија за јавни набавки • 1 просторија за чуварите во ноќната смена; • 1 наставничка канцеларија, во која во учебната 2025/26 година беше реновиран и прилагоден простор за кујна за потребите на наставниците, беше поставен телевизор и беа набавени дополнителни столови; • 1 сала за презентација; • 1 библиотека; • 10 санитарни јазли. • Централно топловодно греење со сопствена котларница, која е автоматски управувана; • Сопствен бунар за наводнување на градината, кој во моментов не е во функционална состојба Оваа учебна 2025/26 год. ходникот пред наставничката канцеларија, како простор кој го

	користат надворешни посетители, беше опремен со маса и столови. ***Сала за презентација*** Просторија која се користи за презентации, работилници и за реализирање на настава по ликовно образование. ***Просторија за дебати*** Мала просторија, прилагодена преку проектот „Безбедна училишна средина“, која се користи за реализирање на дебати, проектни активности, подготовка за натпревари и видео поврзувања. ***Мултифункционална сала*** Уреден простор кој се користи за организирање на настани, трибини и свечености, во кој централно има поставено Телевизор - 80” Smart 4K. ***Библиотека*** Училиштето поседува сопствена библиотека, опремена со книги од областа на македонскиот јазик и култура, со стручна литература и речници. Со донации училиштето обезбедува солиден број на стручни списанија од областа на енергетиката, електротехниката и машинството. Во библиотеката има еден библиотекар кој работи во двете смени. Во склоп на библиотеката се користат два фотокопира, скенер, компјутер и голема маса, кои се поставени во истата просторија. Недостасува соодветен дополнителен простор, кој учениците би го користеле како читална, особено пред и по наставата, додека чекаат превоз. ***Котларница*** Во училиштето има систем за централно топловодно греење со три постоечки котли на нафта, од кои два се стари, а еден е заменет со нов со топлински капацитет од 900 KW, комплет со горилник и останата инсталација за него. ***Санитарни јазли*** На секој спрат има санитарни јазли за учениците за кои има потреба од реновирање и само еден санитарен јазол за наставниците во просторот пред канцеларијата, за кој исто така има потреба од проширување и реновирање. Во 2026 год. тоалетот за вработени на приземје е целосно реновиран.

Јакистрани

- Училиштето рационално ги користи сите кабинети, преку соодветен распоред, кој се прилагодува на променетите потреби на дневно ниво;
- Мултифункционалната сала има потенцијал за реализирање на настани од секаков вид, со помал и поголем број на учесници;
- Соодветно и добро опремени кабинети за одржување на теоретска настава, вежби и практична настава;
- Услови за интерактивна настава со помош на дигитална опрема во кабинетите;
- Користење на обновливи извори на енергија;
- Користење на фитнес сала за потребите на наставниците и учениците и надвор од редовната настава;
- Училиштето е во непосредна близина на интернатот.

Слабистрани

- Недостаток од простории за реализација на одредена кабинетска настава (ликовно образование, угостителство и др.);
- Потреба од реновирање на санитарните јазли и подовите во училниците;
- Недоволна организација на искористување на можностите на техничката вода;
- Спортската сала нема простор за публика;
- Недостасува кантина за исхрана во училиштето и читална;
- Недостасуваат метални скали за евакуација, од секој кат на двата дела на училиштето и лифт.

ПРИОРИТЕТИ

- Реновирање на санитарните јазли
- Подобрување на условите во кабинетите преку поставување на климатизери, нов под и инвентар.
- Поставување на надворешни противпожарни скали
- Определување и опремување простори за кантина и читална;
- Поголемо користење на алтернативни извори за обезбедување на енергија и вода (техничка и атмосферска вода)

Област Ресурси
Индикатор: 6.2 Наставни средства и материјали

Теми	***Опременост со стручна литература, наставни средства и помагала***
	Училишна библиотека
	Потрошенматеријал
Кои се извори и документи за увид	**Информации коисесобирани**

О

• Годишна програма на училиштето за учебната 2024/2025 и 2025/2026 година; • Документација за набавување на стручна литература и наставни средства за 2024/2025 и 2025/2026 година ; • Анкетирање на ученици и наставници; • Интервју со директор • Увид во библиотечна евиденција; • Документацијазапланирани и набавенипотрошниматеријали • Записник од интегрална инспекција • Фактури за набавка на материјали и книги	***Опременост со стручна литература, наставни средства и помагала*** Врз основа на увидот во расположливата документација, реализираните набавки, планот за утврдување на потребата од наставни средства и помагала, библиотечната евиденција и резултатите од спроведените анкети, може да се констатира дека училиштето располага со разновидни наставни средства, материјали и техничка опрема, кои во значителна мера овозможуваат успешна реализација на воспитно-образовниот процес. Училиштето континуирано ги следи потребите што произлегуваат од наставните програми, практичната настава и потребите на наставниците и учениците. Согласно утврдените потреби и расположливите финансиски средства, се врши обновување и дополнување на постојните ресурси. Во однос на опременоста со ИКТ, во училиштето има два кабинети со 17 компјутери, еден кабинет со 14 компјутери, еден кабинет со 18 компјутери и три помали кабинети со по 8 компјутери. Освен ова, во кабинетите по математика и англиски јазик се користат 8 таблети. Секој од наставниците има на располагање лап топ компјутер, а во дел од кабинетите има поставено десктоп компјутер за наставникот. Од аудио визуелните средства, во секоја училница има поставено ЛЦД проектор, покрај тоа во двата кабинети по математика има дополнително поставено и смарт табли и телевизори во кабинетите по историја, музичко образование, македонски јазик, елекро стручни предмети и угостителски стручни предмети. Сите четири активи располагаат со посебна опремена просторија со мебел и компјутер со интернет конекција. Во сите простории има на располагање жичана интернет конекција, но за непречено одвивање на предвидените активности, потребна е и дополнителна безжична покриеност во одредени простории. Во 2025 година се реализирани набавки за одржување на училишната зграда, потрошни материјали за потребите на угостителската струка и проектори. Набавени се и 24-инчен Gaming монитор, 25-инчен IPS монитор, 27-инчен 4К монитор, Гејмерска тестатура,

Надворешен хард диск, HDMI кабел 10m, 20m , 3м, 5м, Проектор, Мрежен свич - 8 порти Gigabit, Телевизор - 80” Smart 4K, Телевизор - 65” Android Smart 4K, Саунд бар и HDMI extender repeater.

Соредбата на одговорите на наставниците и учениците за користењето на ИКТ во наставата е следна:




Високи 83% од наставниците (од вкупно 47) се изјасниле дека во училиштето постојат услови за примена на ИКТ во наставата. Од анкетираните ученици 52,9% (од вкупно 276) сметаат дека има услови за примена на ИКТ во наставата, 39,5% делумно сметаат дека има услови, останатие сметаат дека нема.

Училиштето располага и со разглас, преку кој во сите негови простории се соопштуваат соопштенија од директорот на училиштето, миксета која се користи за различни настани во училишната зграда или надвор од неа и микрофон.

Во кабинетите и работилниците за изведување на настава и пракса по електро стручни предмети има соодветни наставни сретства и помагала, како пултови со статични амперметри, волтметри, фрекфенциометри и електрични броила, со сите пропратни инструменти, а од

2025/26 и термална камера, програмибилни единици за контрола и водење на работни процеси во индустрија, ардуино уреди; роботи; во кабинетите и работилниците за изведување на настава и пракса по машински стручни предмети има стругови, глодалки, дупчалки, рендосалки, брусилки, заварувачки апарати, механички преси, машински прибор и алат, автомеханичарски алат и прибор, роботи, NC-струг, NC-глодалодупчалка, CNC машина, 3Д штампач, табли за цртање, метална количка, брусалка, статичен циркулар, убодна пила, рачен циркулар, бормашина, дигитален и обичен шублер, микрометар, менгеме, гранитна плоча, заштитни очила и слушалки, модел на мотор со внатрешно согорување. Во иднина потребни се модерни склопови кои заменуваат повеќе функции во едно наставно средство. За изведување на практична настава од угостителска струка има на располагање печка дувалка, машина за сечење на сувомесни производи, вертикален фрижидер, електричен шпорет, кујнски мебел, ситен инвентар, инвентар за сервирање. За изведување на настава по природно-математички предмети има геометриски прибор за цртање, за наставата по историја има на располагање историски карти и прибор за цртање по ликовно образование. Спортската сала е опремена со соодветни спортски реквизити,справи за вежбање и пинг понг табла. За електро и машинско стручните предмети се користат и соодветни софтвери кои се неопходни за изведување на вежби по соодветните предмети.


Околу половина од анкетираните 47 наставници (или околу 57%) одговориле дека стручната литература и наставните помагала ги задоволуваат нивните потреби, додека другата половина (43%) само делумно ги задоволуваат нивните потреби.



Директорот во интервју истакна дека, училиштето ги утврдува потребите за наставни сретства и материјали, со информирање на стручните активи за потребите од наставни средства и материјали. Потоа, претседателите на стручните активи, во соработка со

	членовите на активот, изготвуваат документ со преглед на потребните средства и материјали, кој се доставува до директорот за понатамошно разгледување и постапување. Додека, училиштето ја следи ефективната и ефикасната употреба на наставните средства и материјали преку посета и следење на наставните часови од страна на стручната служба и директорот, непосреден увид во нивната примена, како и преку разговори со наставниците и учениците. На тој начин го согледува степенот на искористеност и соодветноста на наставните средства во реализацијата на наставниот процес. ***Училишна библиотека*** Библиотеката во училиштето располага со голем број на книги од сите жанрови-стручна литература за наставниците, лектирни изданија, билтени, списанија и енциклопедии. Со донации, училиштето обезбедува солиден број на стручни списанија од областа на енергетиката, електротехниката, машинството и природно математичката област. Дел од фондот на книги е збогатен и со лични донации на поединци од градот, а дел и со набавки од училиштето. Во увидот направен во библиотечната евиденција (броено од главна книга II до 08.03.2024 год.) библиотеката располага со вкупен книжен фонд од 11 710 книги, од кои 2784 се стручна литература (790 од машинска струка, 511 од електротехничката струка и 10 книги од сообраќајна струка), 6926 се лектирни изданија, 2000 општа литература. Книгите се од различно говорно подрачје и тоа - македонско 10481, српско 804, хрватско 217, англиско 146 и босанско 62. Постојано се обновува библиотечниот фонд на книги. Библиотечната евиденција се води во интерна книга, но и електронски. Библиотеката работи на современ начин со примена на софтвер за евиденција на библиотечен фонд инсталиран на посебен лап топ компјутер, а во нејзината работа е вклучен библиотекар кој се грижи за евиденција и збогатување на фондот на книги. Библиотеката е добро уредена, располага со компјутер и пристап до интернет, како и два фотокопира кои се користат за потребите на наставниците за настава и за документација. Истата е отворена за користење од страна на учениците и наставниците во текот на целиот училишен ден, согласно претходно изготвен распоред за работа. Училишната библиотека претставува значаен ресурс во поддршката на наставата и учењето. Таа располага со фонд од лектирни изданија, стручна и општа литература, енциклопедии, списанија и други публикации. Фондот се збогатува преку набавки и донации, а библиотечната евиденција се води во интерна и електронска форма. Според резултатите од спроведената

анкета, 76,4% од учениците сметаат дека училишната библиотека ги задоволува нивните потреби,




што претставува позитивен показател за нејзината улога и достапност во училиштето. Сепак, постои простор за понатамошно збогатување и осовременување на библиотечниот фонд, особено со нови и современи стручни изданија, нејзино доопремување со уште еден компјутер и обезбедување на простор за читална.

Потрошен материјал

Планирањето и набавката на потрошниот материјал се вршат согласно потребите на училиштето, планираните активности и расположливите финансиски средства. Се обезбедуваат материјали потребни за секојдневната работа, наставата, практичната настава, административните активности и одржување на училиштето. Потрошниот материјал за потребите на сите струки и канцеларискиот материјал е неопходен за непречена реализација на предвидените активности. Честата набавка на прехрамбени намирници е особено важна за угостителската струка.

Резултатите од анкетата покажуваат високо ниво на задоволство кај наставниците: 85,1% од наставниците дале позитивен одговор дека набавениот потрошен материјал ги задоволува потребите на училиштето.



Ова покажува дека училиштето во голема мера успешно ги препознава и обезбедува потребните материјали за непречено реализирање на наставните и воннаставните активности.
И покрај позитивните резултати, потребите од потрошен материјал се менуваат и се зголемуваат, особено во делот на практичната настава, поради што е потребно континуирано следење на потребите и навремено планирање на набавките.

Јаки страни

- Во училиштето постојат услови за примена на ИКТ во наставата;
- Обезбедениот потрошен материјал ги задоволува тековните потреби на училиштето;
- Училишната библиотека ги задоволува потребите на училиштето;
- Тековно се обезбедуваат наставни материјали, опрема и стручна литература согласно потребите на наставата и практичната работа.
- Постои размена на искуства во набавка и користење на современи наставни средства со партнер -училишта, во и надвор од државата.

Слаби страни

- Потреба од континуирано обновување и технолошко осовременување на наставните сретства и опрема за одделни наставни предмети и стручни подрачја;
- Неможност да се следи брзиот развој на технологијата кој доведува до застарување на постојната ИКТ и аудиовизуелна опрема;
- Ограничените финансиски средства влијаат врз ненавременото обновување и дополнување на опремата и материјалите;

- Недостаток на нагледни средства, материјали и специфични помагала за учениците со попреченост.

ПРИОРИТЕТИ

- Обновување и осовременување на компјутерската и аудиовизуелната опрема во училиштето и обезбедување на одговорност при користење на постоечката;
- Вклучување во проекти и програми за обезбедување современи наставни средства и помагала;
- Обезбедување на специфични помагала за учениците со попреченост;
- Збогатување на библиотечниот фонд со нови стручни изданија и дополнителна компјутерска опрема во библиотеката.

<table>
<tr><td colspan="2">Област: Ресурси</td></tr>
<tr><td colspan="2">Индикатор: 6.3 Обезбедувањенапотребниотнаставенкадар</td></tr>
<tr><td rowspan="3">Теми</td><td>Број на вработени и соодветност на наставниот кадар</td></tr>
<tr><td>Ефективност и распоредување на кадарот</td></tr>
<tr><td>Стручна служба како поддршка на наставниот кадар</td></tr>
<tr><td>Кои се извори и документи за увид</td><td>Информациикоисесобирани</td></tr>
<tr><td>• Годишна програма на ДСУ РЦСОО „ Коле Неделковски “ - Велес (2024 - 2025год.)
• Годишна програма на ДСУ РЦСОО „ Коле Неделковски “ - Велес (2025 -2026год.)

• Лични досиеја на вработените

• Досиеја на вработени

• Програма за работа на стручната служба

• Анкета за наставници

• Анкети со ученици


• Интервју со директор</td><td>Број на вработени и соодветност на наставниот кадар
Бројот на наставен кадар во училиштето е 56 од кои 31 се од машки пол и 25 од женски пол.
Број на вработени од други училишта е 10.
Освен директор има и еден помошник директор, 4 стручни соработници од кои 1 педагог, 1 психолог, 1 социјален работник и 1 библиотекар и техничка служба 11 вработени од кои 7 се од машки пол и 4 од женски пол. Во училиштето има и двајца образовни асистенти.

Наставниот кадар во училиштето е групиран во 4 стручни активи и тоа машински, електротехнички, општествено-јазичен и природно–математички актив. Секој актив има свој претседател кој ги застапува интересите на активот.


Според степенот на образование на наставниот кадар: со високо образование се 61 вработен, од кои 4 вработени се со магистерски студии и 2 вработени со VI – 1 степен на образование.


Ефективност и распоредување на кадарот
Наставниците успешно работат како тим во рамки на стручните активи и придонесуваат за ефективно работење на училиштето.
При ангажирање на наставничкиот кадар се земаат предвид соодветната квалификација согласно нормативот, искуството и професионалниот развој на наставникот. Во случаи на пократко или подолго отсуство на наставничкиот кадар, училиштето има механизми за брза и соодветна замена.
Од интервјуто со директорот, најважен критериум за вработување на наставник е да ги исполнува условите согласно законот.
На прашањето дали се исполнуваат условите предвидени со законот за средно образование за изведување на наставата, директорот смета дека сите наставници ги исполнуваат условите. Освен</td></tr>
</table>

• Интервју со секретар	дел од наставниците кои се почетници и тековно ги полагаат соодветните предмети за да се стекнат со доквалификација и стручен испит. Според ставот на директорот, распределбата на часовите на наставниците треба да биде рамномерна и притоа да се води сметка сите наставници да добијат полн фонд на часови. ***На прашањето дали наставниците се дообучуваат*** за изведување на наставата, одговорот на директорот е дека има надоградувања на знаењето, преку различни семинари, обуки и слично. За работата со ученици со посебни потреби нашата педагошко - психолошка служба е оспособена, во училиштето има двајца образовни асистенти кои се задолжени за тројца ученици, двајца во прва и еден во втора година. ***Стручна служба како поддршка на наставниот кадар*** Училиштето има стручна служба (училишен психолог, педагог, социјален работник и библиотекар) која им помага на наставниците во организацијата и реализацијата на наставата, следењето на напредокот на учениците, справувањето со проблемите на индивидуално и групно ниво и давање советодавна помош на учениците. Стручната служба во својата програма за работа планира и спроведува разновидни активности за работа со учениците и наставниците и е секогаш отворена за соработка. Во прилог следува анализата направена врз основа на анкетни прашалници за наставниот кадар (вкупно анкетирани 47 наставници), учениците (276 ученици) и Директорот на училиштето. Од анкетираните наставници, најголем дел 91.5% одговориле дека добиваат насоки од стручната служба за водење на педагошката евиденција, останатите 8,5% одговориле дека делумно добиваат поддршка.



Споредбата на одговорите на учениците и наставниците на прашањето дали стручната служба помага во разрешување на настанатите конфликти во училиштето е следната:



	Можеме да забележиме дека поголем процент на наставници 91,5% сметаат дека стручната служба помага во разрешување на настанатите конфликти во училиштето, а од учениците 65,6%, додека 8,5% од наставниците сметаат дека делумно помага, наспроти 27,9% од учениците. Од анкетираните наставници 91,5 % одговориле дека стручната служба е активно вклучена во работата со учениците со ИОП, 8,5% одговориле делумно. Од анкетираните ученици 65,6% одговориле дека учениците добиваат советодавна помош од стручната служба во училиштето, 29,3% се на мислење дека делумно добиваат советодавна помош, останатиот мал процент, одговориле со не или незнам. 

Јакистрани

- При изборот на наставниот кадар се применуваат законските акти и законски прописи;
- Наставниот кадар во училиштето е стручен и обучен за извршување на дејноста;
- Активна вклученост на стручната служба во разрешуавње на конфликтите со учениците;
- Стручност и професионалност на стручната служба при поддршка на наставниците.

Слабистрани

- Голем обем и сложеност на административните задолженија кај наставниците;
- Потреба од назначено техничко лице за одржување на компјутерската опрема;
- Потреба од рамномерна распределба на работните обврски.

ПРИОРИТЕТИ

- Привлекување на стручен кадар во училиштето;
- Зголемување на соработката со занаетчискиот и бизнис секторот и со државните институции како Центар за стручно образование и обука и Биро за развој на образование, со цел да се подобрат условите за работа на наставниците и на стручните активи;
- Рамномерна распределба на работните обврски кај кадарот.

Област: 6. Ресурси	
Индикатор: 6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар	
Кои се извори и документи за увид	**Информации кои се собирани**
• Програма за професионален развој на наставниците за учебната 2025-2026 • Хронологија на настани за 2025-2026 учебна година • Професионално досие на наставници • Програма за менторство на наставници-приправници • Сертификати за посета на обуки, семинари и работилници	Во училиштето има изработено програма за професионален развој на наставниците, врз основа на потребите на наставниците кои ги имаат наведено во програмите на стручните активи, од страна на Тимот за професионален развој во училиштето. Потребите на наставниците се следат преку планирањата и активностите на стручните активи и преку посета на часови од страна на стручната служба и директорот, неколку пати во година. Исто така се земаат во предвид и индивидуалните интереси на наставниците за учество во одредени проекти и иницијативи. Училиштето е член на Здружението на електро машински и сообраќајни училишни центри и континуирано е учесник на сите состаноци, каде се добиваат информации за сите промени а подобрување на воспитно образовниот процес. Исто така наставниците се членови и на други здруженија како што се Здружение на математичари Велес, Здружение на историчари, Здружение на наставници по Англиски јазик и други здруженија, преку кои учествуваат во низа активности за професионален

	развој на наставниците. Училиштето со својот спортски клуб припаѓа на Федерацијата на училишен спорт на Македонија. Во училиштето има еден наставник ментор Славица Карбева Стојковиќ, 11 наставници, сертифицирани советници и проценувачи: Валентина Шкрекова, Пандорче Јорданова, Верица Анѓушева, Мира Ташкова, Весна Стојанова Богоевска, Мариче Стојанова и Јордан Палашев; Симе Мајсторов, Мимоза Пановска-Тодорова, Зоран Пасламушков и Илија Трчилив. Исто така во училиштето има пет кариерни советници Верица Анѓушева, Пандорче Јорданова, Весна Стојановска Богоевска, Маја Живанова и Василија Јорданова. Наставниците од различните активи учествуваат на различни обуки, кои се од нивниот предмет на интерес, а ефектите од нив ги следи стручната служба преку посета на часови и работилници. Од обуките кои ги организира БРО, сите наставници во училиштето во учебната 2025/26 ја имаат проследено обуката - *Поттикнување на одржлив начин на размислување кај учениците за решавање на глобални еколошки предизвици*, организирана во соработка со ЦЕС Академија. Сите наставници од електро и машинскиот актив имаат учествувано на обука *Основи на вградливи системи со Ардуино*. Одредени наставници имаат тековно учествувано на различни стручни обуки, вебинари и работилници како што се: Законски обврски и стратегии за справување со насилство и ученичко учество, Валидациска работилница на тема: “Патеки кон зголемени вештини и инклузија во секторот за управување со отпад“, Камп за сајбер безбедност, CybHer, Academic English Workshop, обука на тема „Развој на бизнис план и трансформација на зелени идеи во реалност“, обука за Економска педагогија за наставници, Обука за обучувачи за безбедност и заштита при работа за натпреварите во вештини Skills и многу други. Најголемиот дел од овие обуки се организирани во склоп на

	проектот „Промоција на безбедна училишна средина“, поддржан од Детската фондација Песталоци, во партнерство со МЦГО, Првата детска амбасада во светот МЕЃАШИ и СМАРТ АП и СЕГА; Центарот за стручно образование, XYZ Green Gen, Impact Hub, Digital Green Mapping, Натпреварувањето Skills Competition во духот на EuroSkills, „Зелена младина, зелен раст“ а во организација на Junior Achievement Macedonia и др. Училиштето овозможува на наставниците да учествуваат и на форуми и конференции сродни на нивните подрачја. Меѓународната размена со ученици во последниве две учебни години е застапена со размена на ученици со средното училиште Херман Гмајнер од Тирана, Албанија, во склоп на проектот RYCO Superschools и Техничката школа Власотинце од Власотинце, Србија. Мал број на наставници имаат проследено обуки во странство, како посета на Форумот на ЕТФ мрежата во Лион, Франција, од страна на четворица наставници; обука Future in Progress: Exploring AI and digital skills in VET, во Виена од еден наставник, посета на обука "Roots and wings" во Клаффер Австрија од страна на двајца наставници и Форумот за жени и девојки во STEM 2025., Брисел Белгија од страна на еден наставник. И покрај активното учество на наставниците и стручната служба на соодветни обуки, работилници, семинари, настани и соработка со колеги во државата, во нивните професионални досиеја, не задоволува учеството на интернационални обуки, проекти и соработка со колеги од други држави.
Клучнијакистрани • Стручен наставен кадар кој е професионален во својата струка; • Стручната служба им помага на наставниците во нивните развојни потреби; • Училиштето го поддржува посетувањето на обуки, работилници и конференции кои се од областа на работа на наставниците.	
Слаби страни	

- Мал број на наставници се вклучени во интернационални обуки и соработки со колеги од други држави;
- Слаба вклученост во Ерасмус проекти;
- Дел од наставниот кадар се соочува со неможност да посетува стручни обуки кои се од индивидуален интерес.

Приоритети

- Подобрување на компетенциите на наставниците преку учество на интернационални обуки, мрежи и соработка со колеги од други држави;
- Поактивно вклучување во Еразмус проекти.

Индикатор: 6.5 Финансиско работење во училиштето	
Теми	*Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиското работење* *Транспарентност во планирањето и трошењето на училшниот буџет*
Кои се извори и документи за увид	**Информации кои се собирани**
Интервју со директор **Постапка за јавна набавка, Материјални предмети, услуги и работи – анализа на документација / 2024** - Број на огласот за кој се однесува известувањето: 20677/2024, Предмет на договорот за јавна набавка:Научна размена на наставниот кадар, Име на носителот на набавката: Друштво за автотранспорт, трговија и услуги ПАН-ПРОМЕТ извоз-увоз ДООЕЛ Велес, https://www.e-nabavki.gov.mk/PublicAccess/home.aspx#/dossie-acpp/0ed0687b-241c-46ae-acb1-e57f978be896 - Број на огласот за кој се однесува известувањето: 16492/2024, Предмет на договорот за јавна набавка:Набавка на компјутери, Име на носителот на набавката: Друштво за производство промет услуги и посредување ЗОТЕБРОС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, https://www.e-nabavki.gov.mk/PublicAccess/home.aspx#/dossie-acpp/bd3f0f51-d657-44ee-ae1a-a0263f634733	Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиското работење Во реализираното интервју со директорот на училиштето, тој истакна дека постапките со кои се обезбедува финансиското работење во училиштето да биде добро спроведувано и контролирано се следните активности : Финансиското раководење се спроведува редовно преку финансиските извештаи, поточно преку квартални извештаи за МОН (сектор за финансии); изработка на годишни финансиски планови; Годишни планови за јавни набавки и одлуки и извештаи на Училишниот одбор. Во училишната документација има 17документи со следење на постапката за јавна набавка на материјални предмети согласно закон. Вредност на договорот :450.000,00 ден, во поедноставена отворена постапка. Вредност на договорот со ДДВ:161.335,44 ден., во поедноставена отворедна постапка; Вредност на договорот со ДДВ :177.000,00 ден., во поедноставена отворена постапка;

- Број на огласот за кој се однесува известувањето: 16349/2024, Предмет на договорот за јавна набавка: Набавка на средства за одржување на хигиена, Име на носителот на набавката: Трговско друштво за производство, трговија и услуги МАКОТЕХНА ДООЕЛ увоз-извоз Битола, https://www.e-nabavki.gov.mk/PublicAccess/home.aspx#/dossie-acpp/df23de12-a49b-4e3e-b14d-7f50e28c1969 - Број на огласот за кој се однесува известувањето: 16139/2024, Предмет на договорот за јавна набавка: Набавка на канцелариски материјал и тонери, Име на носителот на набавката: Друштво за производство,трговија и усуги ИВА 2003 ДООЕЛ експорт-импорт Велес, https://www.e-nabavki.gov.mk/PublicAccess/home.aspx#/dossie-realized-contract/815ae6f3-6884-47bd-9fd4-28b8ca829d08 - Број на огласот за кој се однесува известувањето: 14357/2024, Предмет на договорот за јавна набавка: Набавка и транспорт на ЕЛ-екстра лесно гориво за греење, Име на носителот на набавката: Друштво за производство, трговија и услуги ПАЦИФИК ПЕТРОЛЕУМ увоз – извоз ДООЕЛ Скопје, https://www.e-nabavki.gov.mk/PublicAccess/home.aspx#/dossie-realized-contract/a3c80161-2241-45fe-ba89-6e7f24e20adc - Број на огласот за кој се однесува известувањето: 11241/2024, Предмет на договорот за јавна набавка: Превоз на ученици за учебната 2024-25, Вид на договорот за	Вредност на договорот : 504.624,11 ден., во поедноставена постапка; Вредност на договорот : 3.167.308,80 ден., во поедноставена постапка;

јавна набавка: Услуги - Услуги за копнен транспорт, вклучувајќи и услуги за транспорт со блиндирани возила и курирски услуги, освен услуги за транспорт на поштенски пратки (освен услугите за железнички транспорт, кои се опфатени во категорија 18), Име на носителот на набавката: Такси ЛА-БИ Арсовски Лазо Љупчо ТП Чашка, https://www.e-nabavki.gov.mk/PublicAccess/home.aspx#/dossie-realized-contract/c8c0ee55-06df-4d54-9cf7-b6a1013d242d - Број на огласот за кој се однесува известувањето: 10936/2024, Предмет на договорот за јавна набавка: Хортикултурно уредување на двор, Име на носителот на набавката: Друштво за производство,трговија и услуги ПОДОДЕКОР ДОО увоз-извоз Велес, https://www.e-nabavki.gov.mk/PublicAccess/home.aspx#/dossie-acpp/63c3d22d-b9e9-442c-a16c-e832c393eb35 - - Број на огласот за кој се однесува известувањето: 05533/2024, Предмет на договорот за јавна набавка: Превоз на ученици за учебната 2023-24 (Лисиче , Владиловци) II.2) Вид на договорот за јавна набавка: Услуги - Услуги за копнен транспорт, вклучувајќи и услуги за транспорт со блиндирани возила и курирски услуги, освен услуги за транспорт на поштенски пратки (освен услугите за железнички транспорт, кои се опфатени во категорија 18, Име на носителот на набавката: Друштво за автотранспорт и трговија МАРО-ТУРС извоз-увоз ДООЕЛ Чашка, https://www.e-nabavki.gov.mk/PublicAccess/home.aspx#/dossie-acpp/bae7f689-1295-48cb-aa51-d2c6820a8457	Вредност на договорот :430.920,00 ден во поедноставена постапка; Вредност на договорот: 486.693,36 ден., во поедноставена постапка; Вредност на договорот: 210.000,00 ден, во поедноставена постапка;

• **<u>Постапка за јавна набавка,Материјални предмети, услуги и работи – анализа на документација / 2025</u>** - Број на огласот за кој се однесува известувањето: 06185/2025, Предмет на договорот за јавна набавка: Набавка за одржување на зграда(бои и лакови и прибор за работа,метални производи и производи од жица,водоинсталатерски материјал,градежен материјал и електроинсталатерски материјал), Име на носителот на набавката: Друштво за трговија и услуги ЕВРОСТИЛ извоз-увоз ДОО Велес, https://www.e-nabavki.gov.mk/PublicAccess/home.aspx#/dossie-acpp/a54ef7f2-637f-48f0-bfba-16c95f757c5f -Број на огласот за кој се однесува известувањето: 06248/2025, Предмет на договорот за јавна набавка: Осигурување на училишна зграда и имот II.2) Вид на договорот за јавна набавка: Услуги - Финансиски услуги, и тоа: осигурителни услуги и банкарски и финансиски услуги (освен услугите во врска со издавањето, тргувањето или преносот на хартии од вредност или други финансиски инструменти, брокерските услуги и услугите на Народна банка на Република Македонија и услугите кои за предмет имаат купување или изнајмување земјиште, згради или друг недвижен имот и права кои произлегуваат од истите, освен при доделувањето на договори за јавна набавка на финансиски услуги поврзани со договорите за купување или изнајмување), Име на носителот на набавката: Национална групација за осигурување АД ОСИГУРИТЕЛНА ПОЛИСА Скопје, https://www.e-nabavki.gov.mk/PublicAccess/home.aspx#/dossie-acpp/d96447e9-81ab-4153-ace0-e74578df44c1	Вредност на договорот:377.600,00 ден., во поедноствена постапка; Вредност на договорот: 69.459,00 ден.,во поедноставена

- Број на огласот за кој се однесува известувањето: 09186/2025, Предмет на договорот за јавна набавка: Набавка на електрична енергија, Име на носителот на набавката: Друштво за трговија и услуги ЕНЕРЏИ ДЕЛИВЕРИ СОЛУШНС АД Скопје, https://www.e-nabavki.gov.mk/PublicAccess/home.aspx#/dossie-acpp/f02e2c5b-e599-4853-92c7-dd1627b3c0b6	постапка;
- Број на огласот за кој се однесува известувањето: 21768/2025, Предмет на договорот за јавна набавка: Набавка на други материјали II.6) Подетален опис на предметот на договорот за јавна набавка: Набавка на ЛЦД проектори и ТВ за потребите на наставата, , Име на носителот на набавката: Трговско друштво за вработување на инвалидни лица-заштитно друштво за производство,трговија и услуги ФИЛАДЕЛФИЈА ДООЕЛ Кочани, https://www.e-nabavki.gov.mk/PublicAccess/home.aspx#/dossie-acpp/d05e4dec-95c5-43f7-af40-12cfeeaa632b	Вредност на договорот:1.770.000,00 ден., во поедноставена постапка; Вредност на постапката :191.750,00 ден, набавки од мала вредост;
Број на огласот за кој се однесува известувањето: 14286/2025. Предмет на договорот за јавна набавка: Превоз на ученици за учебната 2025-26 г II.2) Вид на договорот за јавна набавка: Услуги - Услуги за копнен транспорт, вклучувајќи и услуги за транспорт со блиндирани возила и курирски услуги, освен услуги за транспорт на поштенски пратки (освен услугите за железнички транспорт, кои се опфатени во категорија 18,	

Назив на договорните органи ДАТУ ПАН-ПРОМЕТ ДООЕЛ ДТТУ БЛЕКИ ТРАНС ДООЕЛ ДТТУ БЛЕРО ТРАНС ДООЕЛ ТП ФАТИ ИЕЛ ТРЕЈД https://www.e-nabavki.gov.mk/PublicAccess/home.aspx#/dossie-acpp/b278f29d-ff50-44d5-aedd-b01e97668fd2 - Број на огласот за кој се однесува известувањето: 17807/2025.) Предмет на договорот за јавна набавка: Набавка на нагледни средства и потрошен материјал за угостителска струка, https://www.e-nabavki.gov.mk/PublicAccess/home.aspx#/dossie-acpp/f58ec6a0-d471-4331-bece-8b6f0496614e Број на огласот за кој се однесува известувањето: 19625/2025,) Предмет на договорот за јавна набавка: Превоз на ученици за учебната 25-26 год -дополнителни релации II.2) Вид на договорот за јавна набавка: Услуги - Услуги за копнен транспорт, вклучувајќи и услуги за транспорт со блиндирани возила и курирски услуги, освен услуги за транспорт на поштенски пратки (освен услугите за железнички транспорт, кои се опфатени во категорија 18. https://www.e-nabavki.gov.mk/PublicAccess/home.aspx#/dossie-acpp/46bf8526-e545-48f0-83d9-58c33b676128 • **Постапка за јавна набавка,Материјални предмети, услуги и работи – анализа на документација / 2024/25**	Вредност на постапката :5.074.000,00ден, набавки од мала вредост; Вредност на постапката :236.000,00, набавки од мала вредос

• Годишен план за јавни набавки во 2024 година во ДСУ РЦСОО Коле Неделковски, Велес https://e-nabavki.gov.mk/PublicAccess/home.aspx#/dossie-annual-plan/a0d1ff0b-fc3e-4a54-9458-af9b00c8a663/5 • Год ишен план за јавни набавки во 2024 година во ДСУ РЦСОО Коле Неделковски, Велес Велес https://e-nabavki.gov.mk/PublicAccess/home.aspx#/dossie-annual-plan/2b4185d7-2d8c-4734-92f9-b10700a69bc7/4 • Годишен финансов извештај за период од 01.01.2024 до 31.12.2024 на ДСУРЦ СОО,, Коле Неделковски" Велес на жиро сметка за наменска блок дотација на МОН 711010800190310. • Годишен финансов извештај за период од 01.01.2025 до 31.12.2025 на ДСУРЦ СОО,, Коле Неделковски" Велес на жиро сметка за самофинансирање бр.711010800178715 Сметки, копии за потрошена електрична енергија од дистрибутерот ЕВН Македонија за период 01 – 12 2024 и 2025 (збирно за сите броила за електрична енергија во училишната зграда)	Вредност на постапката :695.671,20 набавки од мала вредост; Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на стоки 17, Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на услуги 9, Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на работи 3 Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на стоки 18, Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на услуги 11 Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на работи 5 Транспарентност во планирањето и трошењето научилишниот буџет

За 2024 година

Конто	Назив	Вкупно износ
421110	Електрична енергија	571.193
421120	Вода и канализација	634.695
421240	Течни горива	3.167.308
423710	Средства за хигиена	62.126
424210	Одржување на згради	202.297
424440	Одржување на опрема	195.147

жиро сметка 160010800160328:
Вкупни приходи 74.985.743
Вкупно исплатени плати и придонеси 49.696.237
Телефон 150.000
Превозни услуги 18.000.000
Сметка за сопствени сретства 160010800178725
Вкупни приходи 2.327.136
Приходи од вонредни испити полагање 1.878.736
Расходи за други образовни услуги 996.269
Правни услуги 0

За 2025 година

Конто	Назив	Вкупно износ
421110	Електрична енергија	564.707
421120	Вода и канализација	605.513
421240	Течни горива	3.304.000
423710	Средства за хигиена	37.281
424210	Одржување на згради	681.512
424440	Одржување на опрема	139.191

	жиро сметка 160010800160328 : Вкупно приходи 84.234.745 Вкупно исплатени плати и придонеси 56.177.212 Телефон 107.140 Превозни услуги 19.319.995 Сметка за сопствени сретства 160010800178725: Вкупно приходи 2.687.138 Приходи од вонредни испити полагање 868.638 Приходи од упис 422.100 Расходи за други образовни услуги 843.449 Правни услуги 12.886
Интервју со директор **Анкета со наставници**	Директорот истакна дека за училишниот буџет и за трошоците е информиран МОН и членовите на Училишниот одбор, на кој им се достапни комплетни информации за училишниот буџет и за трошоците. Исто така директорот наведува дека училиштето обезбедува планирањето на финансиските сретства и работењето правично да ги одразува потребите на сите активи, преку анализа за потребите, записниците и извештаите. Половина од наставниците се изјасниле дека сметаат дека распределбата се прави врз основа на барања, предлози, анализа и годишен финансиски план, а останатата половина дека не знаат.
Јаки страни • Трошоците за струја се одржале на еднакво ниво во 2024 и во 2025 со разлика од 6486 денари, помалку во 2025 година; • За вода разликата од 2024 година во 2025 година е 29182 денари помалку; • Постапката за набавки е целосна, одделот на планирањето на постапката, процедурата на усвојување и спроведување на планот за јавни набавки како и постапката на набавките согласно закон; • Постоење на правилник за наградување на вработените.	
Слабости • Зголемување на трошоците за греење за течните горива (во 2025 година потрошени 3.304.000 денари за разлика 3.167.308 денари во 2024); • Видно аголемување на трошоците за одведување на смет од 2024 г. во 2025 г. (се наплаќаат освен според квадратура на	

затворен и отворен простор и според трошоци по тура, чија динамика ја одредува Јавното комунално предпријатие Дервен); • Не е ажуриран правилникот за наградување на вработените согласно условите на работа на училиштето во моменталното опкружување и последниот важечки статут на училиштето.
Приоритети • Намалувањенатрошоцитезаелектричнаенергијапрекузаштеди и инсталирањенапроизводнирешенијазаелектричнаенергија; • Планзаинвестицискоодржувањеназградата (динамички и финасискипланнамин. 3 години), којќесепроектиравопланотзајавнинабавкиодтековнатагодина; • Објавување на правилниците и финансискиот извештај на училишниот веб сајт; • Изработка на нов правилник согласно важечки статут за наградување на вработените; • Работа во рамките на училиштето надвор од наставата, во позиции регулирани со правилник да биде доделувана на утврден рок, транспарентно врз база на интерен конкурс, согласно утврдени критериуми.

1. **Славица Карбева Стојковиќ**
2. **Елена Јосифоска**
3. **Марјанчо Малинов**
4. **Митхат Мемиќ**
5. **Сара Бочваров**
6. **Љубе Бабунски**
7. **Емил Петрушев**
8. **Марјан Малинов**
9. **Јованче Талаков**

ОБЛАСТ 7

УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ

Подрачје 7.1. **Управување и раководење со училиштето**
Опис /Резиме на подрачјето 1. Воспоставување и формализирање на соработката 0д 01. 01. 2024 средното стручно училиште „Коле Неделковски“ е трансформирано во Регионален центар за стручно образование и обука. Согласно новиот концепт во ДСУ РЦСОО „Коле Неделковски“ е воспоставена структура на управување и раководење која овозможува планирање, организирање, координирање, следење и унапредување на работата на училиштето. Управувањето и раководењето се реализираат преку директорот, надлежниот орган на управување, Наставничкиот совет, стручната служба, раководителите на сектори, стручните активи, Советот на родители и другите тимови, комисии и работни тела формирани

согласно потребите на училиштето и важечките акти.

Во периодот опфатен со самоевалуацијата организациската структура се менува и дополнително се усогласува со потребите на училиштето. Со измените во организацијата на работата се предвидуваат и раководители на сектори, со што се создава основа за појасна распределба на одговорностите и подобра координација на работата.

Во структурата на училиштето е опфатено и работното место **социјален работник**, со што се зајакнува стручната поддршка на учениците и семејствата и се создава можност за посистематско постапување во случаи поврзани со социјалните, воспитните и образовните потреби на учениците.

Во период од една година во училиштето функционира работното место **помошник директор**, преку кое дел од раководните и организациските задачи беа дополнително распределени и координирани. Искуството од функционирањето на ова работно место претставува основа за согледување на потребите од соодветна распределба на раководните задачи и одговорности.

Организациската структура и распределбата на работните задачи се уредуваат преку Правилникот за систематизација и другите интерни акти. Во тек е дополнително усогласување на систематизацијата со организациските и кадровските потреби на училиштето и со важечката законска регулатива.

Во тековното работење се забележува **недостаток на административен кадар, особено на работните места секретар и сметководител**. Недоволната кадровска обезбеденост создава дополнително оптоварување на постојниот раководен кадар и може да влијае врз навременоста и ефикасноста на административното, правното и финансиското работење.

Комуникацијата меѓу раководството и вработените се реализира преку седници на Наставничкиот совет, состаноци, записници, известувања, електронска комуникација и други форми на информирање.

Раководството обезбедува комуникација и со учениците и родителите преку класните раководители, стручната служба, Советот на родители, електронски средства за комуникација и веб-страницата на училиштето.
Раководството иницира и поддржува формирање тимови, комисии и работни групи за реализација на активности од интерес за училиштето. На тој начин се обезбедува вклучување на вработените во различни сегменти од работењето и се поттикнува тимската работа.

При донесувањето на одлуки се користат податоци од годишното планирање, извештаите, самоевалуацијата, состојбите во воспитно-образовниот процес и потребите идентификувани од вработените, учениците и родителите.

Организациската структура и распределбата на работните задачи се уредуваат преку Правилникот за систематизација и другите интерни акти. Во тек е дополнително усогласување на систематизацијата со организациските и кадровските потреби на училиштето и со важечката законска регулатива.

Во тековното работење се забележува **недостаток на административен кадар, особено на работните места секретар и сметководител**. Недоволната кадровска обезбеденост создава дополнително оптоварување на постојниот раководен и административен кадар и може да влијае врз навременоста и ефикасноста на административното, правното и финансиското работење.

Комуникацијата меѓу раководството и вработените се реализира преку седници на Наставничкиот совет, состаноци, записници, известувања, електронска комуникација и други форми на информирање.

Раководството обезбедува комуникација и со учениците и родителите преку класните раководители, стручната служба, Советот на родители, електронски средства за комуникација и веб-страницата на училиштето.

Раководството иницира и поддржува формирање тимови, комисии и работни групи за реализација на активности од интерес за училиштето. На тој начин се обезбедува вклучување на вработените во различни сегменти од работењето и се поттикнува тимската работа.

При донесувањето на одлуки се користат податоци од годишното планирање, извештаите, самоевалуацијата, состојбите во воспитно-образовниот процес и потребите идентификувани од вработените, учениците и родителите.

Силни страни

-Постои воспоставена структура на управување и раководење.

-Постои континуирано унапредување и прилагодување на организациската структура согласно потребите на училиштето.

-Се формираат тимови, комисии и работни групи за реализација на активности од интерес за училиштето.

-Постои комуникација со учениците и родителите преку повеќе канали.

-Раководењето е насочено кон подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес.

-Училиштето развива соработка со релевантни институции, локалната заедница и партнери од стручното образование.

ПРИОРИТЕТИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ

Приоритет 1 – Кадровско зајакнување

Цел: Обезбедување целосна административна и стручна кадровска поддршка.

Мерки:

- завршување на постапката за усогласување на систематизацијата;
- создавање услови за пополнување на работните места секретар и сметководител;
- следење на кадровските потреби и обезбедување соодветни согласности;
- рационална распределба на задачите до целосно кадровско екипирање.

Приоритет 2 – Унапредување на комуникацијата и транспарентноста

Цел: Подобра двонасочна комуникација меѓу раководството и сите засегнати страни.

Мерки:

- подобро документирање на повратните информации;
- редовно информирање на вработените за донесените одлуки;
- вклучување на вработените во процесите на планирање и подобрување;
- подобрување на комуникацијата со учениците и родителите.

Приоритет 3 – Развој и афирмација на РЦСОО

Цел: Зајакнување на позицијата на училиштето како регионален центар за стручно образование и обука.

Мерки:

- проширување на соработката со работодавачите;
- развивање на нови партнерства;
- учество во меѓународни проекти;
- развивање на мобилности и меѓународна соработка;
- промовирање на успешните практики и резултати на училиштето.

Резиме за подрачје 7.1


Врз основа на извршената анализа може да се констатира дека ДСУ РЦСОО „Коле Неделковски“ има воспоставен систем на управување и раководење и континуирано презема активности за негово унапредување.
Измените во организациската структура, предвидувањето на раководители на сектори и зајакнувањето на стручната поддршка преку социјален работник создаваат основа за поефикасно и пофункционално работење.
Вклучувањето на социјален работник во структурата на училиштето претставува значајно зајакнување на стручната поддршка на учениците и семејствата и придонесува кон поцелосен пристап во следењето и решавањето на социјалните, воспитните и образовните потреби на учениците.
Истовремено, недостатокот на административен кадар, особено секретар и сметководител, претставува значаен предизвик кој бара приоритетно внимание. Завршувањето на усогласувањето на систематизацијата и создавањето услови за кадровско екипирање се клучни предуслови за подобрување на ефикасноста, законитоста и континуитетот на административното и раководното работење.
Во наредниот период училиштето треба да продолжи со развивање на распределено и тимско раководење, зајакнување на стручните капацитети, унапредување на внатрешната комуникација и проширување на соработката со институциите, работодавачите и меѓународните партнери.

Област 7:Управување и раководење	
Индикатор за квалитет: 7.2 Цели и креирање на училишната политика	
Коисеизвориидокументизаувид	Информациикоисесобирани
• Законзасредно стручно образование • Статут на училиштето • Развоенпланнаучилиштето • Годишна програма за работа на училиштето 2024/25 и 2025/26 • Годишен извештај за работата на училиштето за учебната 2024/25 и 2025/26 • Записницiодстручниактиви • ЗаписницiодУчилишен и Управен одбор • ЗаписницiодСоветнародители • ЗаписницiодНаставничкисовет • Записници од стручна служба за работа со ученици • Записници од родителски средби • Интерен правилник за изрекување на педагошки мерки • Договори/Меморандуми за соработка со фирми • Правилници од МОН	• *Јасност и соодветност на целите* Целите на училиштето се јасно дефинирани во Развојниот план и тие преставуваат мисија и визија на училиштетоа. Тие се насочени кон обезбедување квалитетно стручно образование, развивање на компетенции кај учениците за продолжување на образованието и успешно вклучување на пазарот на трудот, како и кон јакнење на соработката со локалната заедница и бизнис секторот.Целта на училиштето е тоа да биде препознатливо по својот успех и квалитет не само во градот туку и пошироко во регионот.Бројот на запишани ученици потврдува дека училиштето поседува висок рејтинг. Се запишуваат ученици не само Вардарскиот регион туку и од други региони а со тоа училиштето станува препознатливо во целата држава. Потврда за тоа е прераснувањето на училиштето од општинско во државно училиште – Регионален центар за Варсдарски регион . Учениците се оспособуваат и стекнатото знаење да го преточат во пракса и во разни области од човековото живеење. Поставните цели овозможуваат пристапот на учење да биде соодветен на потребите, интересите и возраста на учениците. Учениците се стекнуваат со знаења, умеења и вештини потребни за продолжување на образованието или вклучување во процесот на трудот, односно да обезбеди основа за доживотно учење. За да може да се постигне сето тоа училиштето има голема соработка со локалната зедница и бизнис заедницата. Големиот број на потпишани меморандуми и договори за соработка со компании е потврда за тоа дека на учениците им се овозможува своето теоретско знаење да го продлабочат и во реални услови во компанија, а со тоа се зголемува интересот за својата идна професија. Училиштето континуирано работи на подобрување на квалитетот на наставата, модернизација на условите за работа и зголемување на можностите за практична обука на учениците преку склучени договори и меморандуми за соработка со компании. Посебно внимание се посветува на поддршка на учениците, развој на нивните способности, подготовка за натпревари и вклучување во проекти. Во поглед на практичната настава наставниците ги дале следниве одговори

8. Во училиштето се нуди добро организирана практична настава преку која учениците се стекнуваат со практични вештини значајни за конкуретноста на пазарот на труд.

Copy chart

47 responses




Додека пак родителите на истото прашање ги дале следниве одговори

8. Во училиштето се нуди добро организирана практична настава преку која учениците се стекнуваат со практични вештини значајни за конкуретноста на пазарот на труд.

Copy chart

165 responses



Учениците на истото прашање ги даваат следниве одговори



Според резултатите може да согледаме дека родителите и наставниците искажуваат поголемо согласување со организираната практична настава за разлика од учениците чиј процент изнесува 57,2% од анкетираните


Со зголемување на интересот за учење кај учениците се остварува и целта за подобрување на успехот кај учениците, но се забележува благо зголемување на бројот на изостанување на учениците. Регулирањето на изостаноци на учениците се врши согласно Правилник за изрекување на педагошки мерки. Соработката со родителите се одвива континуирано и непречено. Соработката го олеснува следењето на напредокот на учениците и лоцирањето на причините за изостанување од наставата, во насока на подобрување на успехот и поведението на учениците.

Во насока на енергетска ефикасност и искористеност на природните ресурси, училиштето има превземено одредени мерки:поставување на ПВЦ прозорци во холови на училишната зграда,

	замена на старо осветлување со нови штедливи светилки, замена на стари завеси со нови и поставување на фотоволтаици на кои е приклучена електричната инсталација на училиштето. По направена анализа на констатирано е дека училиштето има доволна искористеност на природните ресурси поврзани со заштеда на електрична енергија **Процедури за креирање на училишната политика** Училиштето располага со утврдени процедури за креирање, следење и унапредување на училишната политика. Во процесот активно се вклучени директорот, стручните органи, Наставничкиот совет, Училишниот/Управен одбор, Советот на родители и претставниците на учениците. При креирањето на политиките се земаат предвид националните образовни политики, потребите на учениците, мислењата на наставниците и родителите, како и барањата на пазарот на трудот. Предлозите се разгледуваат на состаноци на стручните активи, Наставничкиот совет, Советот на родители и Училишниот/Управниот одбор, по што се усвојуваат согласно законските прописи. Училиштето ги следи политиките за развој на образованието од страна на државата и локалната и бизнис заедницата. Училиштето континуирано работи на подобрување на квалитетот на наставата, модернизација на условите за работа и зголемување на можностите за практична обука на учениците преку склучени договори и меморандуми за соработка со компании. Посебно внимание се посветува на поддршка на учениците, развој на нивните способности, подготовка за натпревари и вклучување во проекти. Според резултатите од спроведените анкети, најголем дел од наставниците (66%) сметаат дека целите на училиштето се јасно поставени и соодветни на потребите на училиштето. Кај родителите таков став имаат 51%, а кај учениците 49%. Одреден број родители (20%) и ученици (12%) оцениле дека целите не им се доволно познати или видливи, што укажува на потреба од дополнително информирање и поголема промоција на развојните цели и приоритети на училиштето.

	Училиштето постапува по соодветни процедури. Директорот на училиштето формира работни групи во кои се вклучени наставници и родители кои изготвуваат предлог. Предлогот се доставува до сите субјекти, по истиот се расправа за на крај да се усвои од Наставнички совет, Совет на родители, Училишен/Управен одбор и МОН. За сите активности во училиштето наставниците се информираат на наставнички совет или секојдневни кратки состаноци. Информирањето на родителите е преку родителски состаноци и Совет на родители, учениците преку часовите на паралелките и состаноци на Ученичката заедница, состаноци со стручните соработници и директорот со нивни претставници преку индивидуални средби и разговори, како и преку разгласот на училиштето. Училиштето обезбедува транспарентност преку редовно информирање на наставниците, учениците и родителите за донесените политики и активности. Поддршката на учениците се реализира преку работата на педагошко-психолошката служба, одделенските раководители и наставниците, со посебен акцент на учениците кои имаат потешкотии во учењето, проблеми со адаптација или покажуваат исклучителни постигања. Резултатите од анкетирањето покажуваат дека поголем дел од наставниците, учениците и родителите ги препознаваат целите и политиките на училиштето, но истовремено укажуваат на потреба од поактивно вклучување на учениците и родителите во нивното планирање и евалуација. Политиката на училиштето во областа на давање поддршка на учениците, се остварува преку активности на педагошко-психолошката служба која посебно работи со ученици кои имаат проблеми со адаптација во прва година или доаѓање од друго училиште, проблеми со учење и проблеми со дисциплината, како и семејни и лични проблеми.Наставниците им помагаат на оние ученици кои имаат слаби постигања, преку дополнителна настава која е претходно планирана на годишно ниво или дополнителни термини за одговарање, поправање наоцени и планирање на материјалот за усвојување. Раководителите на паралелки даваат поддршка за поуспешно функционирање на паралелката и креирање на позитивна училишна клима на соработка и почитување во паралелките.


	Директорот дава свој придонес преку координирање на активностите на сите вклучени субјекти и соработува со нив за сите важни прашања. Политика на училиштето е да помогне за успешно интегрирање на учениците со различни способности и предиспозиции во воспитно-образовниот процес. На надарените ученици им се определуваат ментори кои ги подготвуваат за натпревари по различни предмети или се ангажираат на различни проекти или се организира додатна настава, којашто е претходно планирана на годишно ниво. Училиштето нуди широка лепеза од најразлични содржини програмирани од училиштето преку кои учениците можат да ги изразат и развијат своите способности и афинитети. За учениците кои имаат потешкотии во усвојувањето на наставните содржини, редовно еднаш неделно се одржува дополнителна настава, според однапред подготвена програма и распоред по сите наставни предмети.Учениците со различни интелектуални, здравствени или емотивни пречки и предиспозиции училиштето успешно ги вклопува во сиситемот, секако со индивидуален пристап кон секој ученик од страна на наставниците и педагошко-психолошката служба.Тоа може да го согледаме и од спроведената анкета според која 87,2% од анкетираните наставници позитивно се имаат изјаснето

	4. Наставниците и стручната служба врз основа на анализите вршат подобрување на слабите резултати во наставно-образовниот процес преку организирање на дополнителна настава по сите предмети за учениците со потешкотии во учењето и предавања за родителите на учениците по голем број на изостаноци и слаби оценки. Copy chart 47 responses  Родителите истотака се информирани за спроведувањето на дополнителната настава што може да го согледаме од спроведената анкета

4. Наставниците и стручната служба врз основа на анализите вршат подобрување на слабите резултати во наставно-образовниот процес преку организирање на дополнителна настава по сите предмети за учениците со потешкотии во учењето и предавања за родителите на учениците по голем број на изостаноци и слаби оценки.

Copy chart

165 responses



Училиштето води политика за продлабочување на постојната меѓународна соработка и отвара можност за соработка со нови училишта од поширокиот регион. При тоа училиштето заедно со партнерите треба да аплицира во проекти од меѓународни карактер.
Училиштето води политика за зголемување на бројот на ученички.

Јакистрани

- Јасно дефинирани цели во Развојниот план и Годишната програма за работа.
- Воспоставени процедури за креирање и усвојување на училишните политики.
- Добра соработка со локалната самоуправа и бизнис секторот.
- Голем број договори за практична обука и учење преку работа.
- Континуирана поддршка на учениците преку стручната служба и наставниците.

Слабистрани

- Дел од учениците и родителите не се доволно информирани за целите и приоритетите на училиштето.
- Недоволна вклученост на учениците во процесот на креирање на училишните политики.
- Потреба од поголема промоција на мисијата, визијата и развојните цели.
- Ограничени можности за практична обука кај одредени струки поради недоволен број партнер-компании.

ПРИОРИТЕТИ

- Зголемување на вклученоста на учениците во креирањето на училишните политики.
- Подобрување на информираноста на родителите за развојните цели на училиштето.
- Проширување на соработката со компании за реализација на практична настава и учење преку работа.
- Развивање механизми за редовно следење на реализацијата на поставените цели.
- Зголемување на учеството во проекти кои придонесуваат за развој на училиштето
- Подобрување на соработката со компании од електротехничка струка

Област 7:Управување и раководење	
Индикатор за квалитет: 7.3 Развојно планирање	
Коисеизвориидокументизауви д	**Информациикоисесобирани**
• Развоен план • Извештаи за успехот, поведението и работата на училиштето • Извештаи од маркетинг активности • Извештаи од одржани родителски средби • Годишна програма	**Цели на развојното планирање** **Развојниот план на училиштето се изготвува за периодот 2024 до 2028 година.** Целите се прецизни, јасни и ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето. Во развојниот план на училиштето опфатени се следните подрачја со своите стратешки цели: • Настава и учење – квалитет на наставата, современи методи, дигитални алатки, следење на постигањата. • Постигања на учениците – подобрување на успехот, резултати од државна матура, мотивација и поддршка на учениците. • Професионален развој на наставниците – обуки, размена на добри практики, тимска работа. • Инклузивност и еднакви можности – поддршка на ученици со различни потреби и почитување на различностите. • Училишна клима и безбедност – меѓусебни односи, превенција од насилство, психосоцијална поддршка. • Соработка со родители и локалната заедница – подобрување на комуникацијата и вклучувањето на родителите. • Материјално-технички услови – опрема, кабинети, дигитализација и подобрување на условите за работа. • Раководење и организација на училиштето – планирање, следење на реализацијата и подобрување на организацијата. Во подрачјето Постигања на учениците вклучени се следните стратешки цели: 1.Развивање на маркетинг планот, со цел придобивање и подобра структура и бројност на учениците.


	2.Педагошко психолошко следење на наставниот процес во делот на редовност, дисциплина и успех 3.Вклучување на родителите за поддршка за подобрување на редовноста и дисциплината на учениците Маркетинг планот на училиштето опфаќа промоција и презентација на училиштето, образовните профили и програми пред идните средношколци. Извештаите за бројноста на учениците по години покажува дека бројот на запишани ученици во прва година се зголемува, а извештаите за постигнатиот среден успех покажува дека се подобрува квалитетот на учениците кои се запишуваат во училиштето особено во електротехничката струка. Учениците се од Вардарскиот регион, но се запишуваат ученици и од други помали општини од другите региони. Комуникацијата на училиштето со родителите се реализира во повеќе облици(индивидуални средби, родителски средби, средби преку Совет на родители.)Оваа стратешка цел има задача поголема вклученост на родителите во работата на училиштето. Од подрачјето ресурси – опрема, кабинети, дигитализација и подобрување на условите за работа стратешка цел на училиштето во ова подрачје е континуирано унапредување на материјално-техничките услови преку набавка на соодветни апарати, инструменти и опрема потребни за успешна реализација на наставниот план и програма. Набавката и примената на современа опрема придонесуваат за осовременување на наставниот процес, поголема практична примена на стекнатите знаења и зголемување на интересот и мотивацијата на учениците за наставата. Во изминатиот период е извршена реконструкција на значаен дел од училишната зграда, вклучувајќи ги ходниците и кабинетите, како и пренамена и реновирање на одредени простории. Со реализираните активности се подобрени просторните и техничките услови за работа и се создадени поквалитетни и посовремени услови за реализација на воспитно-образовниот процес.Во делот подршка на учениците акцент се става на ученици со посебни образовни потреби. Во соработка со МОН обезбедени се образовни асистенти, спроведени обуки за работа со ученици и изработка на ИОП. Од подрачјето Раководење и организација на училиштето – планирање, следење на реализацијата и подобрување на организацијата на инфраструктурните услови, училиштето изготвува проекти за инфраструктурно уредување, кои претставуваат значаен дел од стратешките определби за унапредување на условите за работа и учење. Во соработка со

	Министерството за образование и наука (МОН),се планира целосна реконструкција на училиштето која се планира да започне по зарвршувањето на првото полугодие од учебната 2026/27 год. Реализацијата на овие активности ќе придонесе кон создавање побезбедна, пофункционална и посовремена училишна средина за учениците и вработените. **Професионаленразвој/стручноусовршувањенакадарот** Училиштето професионалниот развој и стручното усовршување на наставниот кадар го има поставено како приоритетна цел во развојното планирање, затоа што постигањата на учениците во голема мера зависат од знаењата, способностите и вештините на наставниците Стручното усовршување е во насока на подобрување и осовременување на наставата, реализацијата на практичната настава во училиште и компанија, учење преку работа кај работодавач, водењето на феријалната практика, но и во делот на финансиското работење на училиштето, канцелариското работење, јавните набавки во училиштето и заштитата при работа на вработените. Училиштето води грижа за перманентно усовршување на наставниот и ненаставниот кадар. Наставниот кадар и стручната служба изготвуваат личен план за професионален развој врз чија основа училиштето изготвува план и програма за стручно усовршување. Од анализата на посетени обуки може да се заклучи дека наставниот кадар посетува обуки организирани од страни на МОН и БРО. Но, ако го земеме во предвид фактот дека Модуларната настава вклучува предмети за кои не постои наставен материјал односно учебници, ќе дојдеме до заклучок дека недостасуваат обуки од областа на струката ,за наставниците кои предаваат стручни предмети од сите струки . Од направените анкети добиени се следните резултати: Целите и активностите во развојното планирање се јасно дефинирани Од следните анкети може да се види дека од 47 анкетирани наставници 74,5% се сложуваат дека учениците добиваат јасни и точни информации за доусовршување,а додека од истиот број на анкетирани наставници 78,7 % се согласуваат дека во училиштето се води грижа за здрав живот на учениците преку организирање на работилници.

3. Во училиштато има активности преку кои учениците добиваат јасни, точни и најнови информации за понатамошното образование, доусовршување или вработување.

Copy chart

47 responses




Во однос на соработката помеѓу ,во насока на подобрување на успехот на учениците ,по спровеената анкета на 276 ученици ,дека имаме голем процент на ученици кои не се согласуваат дека постои добра соработка помеѓу стручните служби,наставниците,родителите и учениците,што може да се види од следната анализа .

9. Во училиштето постои добра соработка помеѓу стручните служби, наставниците, учениците и родителите во насока на подобрување на успехот, дисциплината и редовноста на учениците

Copy chart


276 responses



6. Училиштето ги поттикнува учениците да се грижат за своето здравје преку предавања, работилници и кампањи за здрава храна и здрав живот на младите.

Copy chart


47 responses



4. Наставниците и стручната служба врз основа на анализите вршат подобрување на слабите резултати во наставно-образовниот процес преку организирање на дополнителна настава по сите предмети за учениците со потешкотии во учењето и предавања за родителите на учениците по голем број на изостаноци и слаби оценки.

Copy chart

165 responses





Материјално технички средства

Во однос на материјално технички средства во училиштето постои план за подобрување и осовременување на условите за работа. Обезбедена е соодветна опрема за модернизација на наставата, обезбедена е компјутерска опрема за реализација на програмата за одредени наставни предмети**.**

Пред почетокот на учебната година активите во училиштето одржуваат состаноци на кој се врши идентификација на неопходните и потребни материјално технички средства и изготвува листа на приоритети. Истата ја доставуваат до директорот на училиштето. Училиштето изготвува предлог финансиски план кој го разгледува Училишниот одбор и истиот се доставува до МОН.

Училиштето изготвува и план за јавни набавки и според него врши набавки на средства. Средствата од училиштето се обезбедуваат од МОН, сопствени средства, наменски додатоци. Набавката на средствата се врши од сопствени приходи. Исто така училиштето обезбедува материјално технички средства и преку донации односно преку проекти изработени од наставниците. Во дел од проектите се вклучени и учениците. Од увидот на пописните листи може

Програма за стручно усовршување на наставниот кадар Личен план за професионален развој Анкети и интервјуа со наставници ученици и родители	да се констатира дека училиштето е во добра материјално техничка состојба, располага со средства за реализација на практичната и теоретската настава, но истата не е доволна за реализација на практичната настава Кабинетите по практична настава поседуваат опрема која делумно ги задоволува потребите за реализација на практичната настава. Училиштето континуирано врши набавка и на потрошен материјал и континуирано ја одржува целокупната опрема со која располага. Навремено врши поправка и замена на дотрајани делови. Опремата е во добра и функционална состојба. Според анализата на резултатите од спроведената анкета може да се констатира дека Наставните средсва, опрема, алати со кои располага училиштето се во функција на наставата 8. Во училиштето се нуди добро организирана практична настава преку која учениците се стекнуваат со практични вештини значајни за конкуретноста на пазарот на труд. 47 responses  По истото прашање ,анкетирани се 276 ученици од кои 35,1 % делумно се согласуваат додека 57,2% се согласуваат дека во училиштето има добро организирана практична настава.

Годишна програма за работата на училиштето Годишен извештај за работата на училиштето Пописни листи Финансиски план Разговор со директор Анкети со наставници, ученици и родители	6. Во училиштето се нуди добро организирана практична настава преку која учениците се стекнуваат со практични вештини значајни за конкуретноста на пазарот на труд. 276 responses  **Инфраструктура** ДСУ РЦСОО „Коле Неделковски“ е лоцирано во индустриската зона УЗУС. Училиштето има подрум, приземје и два ката. Воспитно образовната дејност се реализира во 34 кабинети, специјализирана машинска работилница со помошни простории, 10 кабинети од машинската, електротехничката и угостителската струка за практична настава; 1 спортска сала со помошни простории; ,библиотека, училишен двор соспортски терени, наставничка канцеларија, 4 административни канцеларии, мултифункционална сала за одржување на културни манифестации, сала за одржување на состаноци, кабинети и други помошни простории. Според анализата на резултатите од спроведената анкета може да се констатира дека: 95,7% од наставниците одговориле дека се согласуваат со безбедноста на училишниот простор.



Исто така со безбедноста на училишните простории и истите не претставуваат потенцијална опасност за учениците се сложуваат и родителите ,што се гледа ос следната анкета спроведена кај 165 родители .



- **Јаки страни**
- Училиштето ги уважува и зема предвид ставовите и предлозите на вработените при креирањето и спроведувањето на развојните политики.
- Училиштето континуирано вложува во обезбедување и унапредување на материјално-техничките услови и потребната опрема.
- Обезбедени се соодветни услови за непречено одвивање на воспитно-образовниот процес.
- Постои подготвеност за унапредување на инфраструктурните услови и создавање современа и функционална училишна средина.
- **Слаби страни**
- Потреба од континуирано стручно усовршување и поголема вклученост на наставниот кадар во стручни обуки.

- **ПРИОРИТЕТИ**
- Реновирање и уредување на санитарните јазли во училиштето.
- Реконструкција и санација на кровната конструкција.
- Континуирано стручно усовршување и обука на наставниот кадар и стручната служба
- Подобрување на хигиенските услови и одржување на функционална и безбедна училишна средина.

ПОДРАЧЈЕ 8:

СОРАБОТКА СО ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ

Подрачје 8: Соработка со пазарот на трудот

Опис /Резиме на подрачјето

Развиена и одржлива соработка со компании и релевантни институции

1. Воспоставување и формализирање на соработката

Училиштето има воспоставено соработка со компании и релевантни институции согласно образовните сектори кои се застапени, и тоа: машинство, електротехника, сообраќај, транспорт и складирање и угостителство и туризам. Соработката опфаќа и локални и регионални компании, со тенденција на нејзино континуирано проширување.

За учениците запишани во дуални паралелки, соработката се формализира преку потпишување меморандуми за соработка(, во кои е утврден точниот број на ученици кои ќе реализираат практична обука во конкретната компанија. Покрај редовната практична настава, учениците имаат можност да реализираат и феријална пракса, при што се зголемува опфатот на компании, особено на регионално ниво.

Подолу е издвоена листа на дуалните образовни профили/ сектори и социјалните партнери (компании) со кои се потпишани меморандуми/договори за соработка

За учебната 2024/2025 година:

Сектор	Образовен профил	компании	број на компании
Сектор машинство	Техничар за производно машинство	ДПТУ Брако ДОО, ДПТ Ронтис ДООЕЛ, ДПГТУ Пескара Вел ДООЕЛ	3
	Машински техничар за моторни возила	ЈКП Дервен, ДПТ Ирена Вел; ДАТУ Пан Промет ДООЕЛ;Унка сервис ДООЕЛ, ДПТУ Доминик ДООЕЛ;	5
	Автомеханичар/Заварувач	ДПТУ Брако ДОО ,Леов компани ДООЕЛ, ДПТУ Пескара Вел ДООЕЛ	3
Електротехника	Електротехничар енергетичар	Електродистрибуција ДООЕЛ; ДПТУ Електрон ББ ДОО Велес	2
	Техничар за индустриска мехатроника	ДПТУ Лутекс ДООЕЛ, Маркарт Македонија ДООЕЛ, Јомак ком ДООЕЛ, ДПТ Ронтис ДООЕЛ	4
Угостителство и	Готвач/келнер	ДПТУ Екстра Боем ДООЕЛ, ДПТУ Џуниор Парк ДООЕЛ, ДПТУ Елби	9

туризам		Марјан, ДУУ Романтик хотели ДООЕЛ, ДУТ Санотел ДООЕЛ, Шато Сопот ДОО, ДЗТУ„ЛазарИнски туризам, Гостилница Дијана ДООЕЛ, ОУД Лазар Лазаревски	

За учебната 2025/2026 година:

Сектор	Образовен профил	компании	број на компании
Сектор машинство	Техничар за производно машинство	Маркарт Македонија ДООЕЛ; Џаневски Монтажа ДООЕЛ Велес	2
	Машински техничар за моторни возила	ДПТ Ирена Вел; ДАТУ Пан Промет ДООЕЛ; ДПТУ Доминик ДООЕЛ; ЦТП Будо Моторс; Симид Шпед Велес	5
	Автомеханичар/Заварувач	Пан Промет ДООЕЛ; Унка сервис ДООЕЛ Велес; ЈКП Дервен Велес	3
Електротехника	Електротехничар енергетичар	Електродистрибуција ДООЕЛ; ДПТУ Електрон ББ ДОО Велес	2
	Техничар за индустриска мехатроника	Магна Мекатроникс Северна Македонија ДООЕЛ Штип	1
Угостителство и туризам	Готвач/келнер	ДУУ Романтик хотели ДООЕЛ; Брод Панини ДОО; ДУТ Санотел ДООЕЛ; ДПТУ Џуниор Парк ДООЕЛ; ДУТУ Екстра Боем ДООЕЛ; ДОО Елби Марјан; Гостилница Дијана ДООЕЛ; Шато Сопот ДОО Велес	8

Во учебната 2024/25 година, училиштето нема формално назначено лице одговорно за координација и комуникација со компаниите, при што оваа улога најчесто ја реализираат стручната служба, директорот или предметните наставници. Со цел подобрување на организацијата и ефективноста на соработката, во учебната 2025/26 година се назначени две лица – координатори за практична настава. Едниот координатор е задолжен за секторите машинство, сообраќај и угостителство, додека другиот за електротехничката струка.

Училиштето има воспоставена практика со секоја компанија со која соработува задолжително да се потпишува меморандум за соработка, што укажува на систематски пристап во формализирањето и одржувањето на партнерствата.

Реализација на соработката во образовниот процес

Училиштето остварува континуирана и организирана соработка со компании и други релевантни институции со цел обезбедување квалитетно стручно образование и усогласување на компетенциите на учениците со потребите на пазарот на трудот. Соработката се реализира преку практична обука, учење преку работа кај работодавач, дуално образование, стручни посети, презентации и други заеднички активности.

Во учебната 2025/2026 година, за реализација на дуалното образование и учењето преку работа кај работодавач се потпишани меморандуми и договори за соработка со повеќе локални и регионални компании. Во машинската струка, за образовниот профил техничар за производно машинство се обезбедени работни места во компаниите Маркарт Македонија ДООЕЛ и Џаневски Монтажа ДООЕЛ Велес, додека за профилот машински техничар за моторни возила соработката се реализира со ДПТ Ирена Вел, Пан Промет ДООЕЛ, ДПТУ Доминик ДООЕЛ, ЦТП Будо Моторс и Симид Шпед Велес. За тригодишните профили автомеханичар, бравар и заварувач практичната обука се реализира во Пан Промет ДООЕЛ, Унка Сервис ДООЕЛ Велес и ЈКП Дервен Велес.

Во угостителско-туристичката струка, за профилите готвач, келнар и слаткар воспоставена е соработка со Романтик Хотели ДООЕЛ, Брод Панини ДОО, Санотел ДООЕЛ, Џуниор Парк ДООЕЛ, Екстра Боем ДООЕЛ, Елби Марјан, Гостилница Дијана ДООЕЛ и Шато Сопот ДОО Велес.

Во електротехничката струка, за профилот електротехничар – енергетичар соработката се реализира со Електродистрибуција ДООЕЛ и ДПТУ Електрон ББ ДОО Велес, додека за профилот техничар за индустриска мехатроника е воспоставена соработка со Магна Мекатроникс Северна Македонија ДООЕЛ Штип.

Континуираната соработка со компаниите и институциите претставува значаен фактор за подобрување на квалитетот на образовниот процес и зајакнување на врската помеѓу училиштето и стопанството.

Квалитет, одржливост и ефекти од соработката

Иако соработката со компаниите и институциите е развиена и континуирано се унапредува, во процесот на нејзината реализација се забележуваат и одредени предизвици кои влијаат врз квалитетот и одржливоста на партнерствата.

Кај дел од компаниите се јавуваат потешкотии во одржувањето на долгорочна соработка, поради што во поединечни случаи доаѓа до прекин или необновување на склучените договори и меморандуми за соработка. Дополнително, не сите компании располагаат со соодветно определени и обучени ментори кои континуирано би го следеле напредокот на учениците за време на практичната обука и учењето преку работа кај работодавач.

Одреден број ученици покажуваат недоволна заинтересираност за активно вклучување во практичната обука, а кај дел од нив е

забележлива недоволна мотивација за професионален развој во струката за која се образуваат. Исто така, кај дел од учениците постои ограничен интерес за понатамошно вработување во компаниите во кои ја реализираат практичната обука, што ја намалува можноста за нивно директно вклучување на пазарот на трудот по завршувањето на образованието.

Предизвик претставува и обезбедувањето доволен број компании од сите стручни области кои можат да понудат квалитетни услови за реализација на практичната обука, особено во услови на промени на пазарот на трудот и ограничени кадровски и организациски капацитети кај дел од работодавачите.

Училиштето континуирано презема активности за надминување на овие предизвици преку проширување на мрежата на социјални партнери, интензивирање на комуникацијата со компаниите, промоција на придобивките од дуалното образование и јакнење на мотивацијата на учениците за активно учество во практичната обука и нивен професионален развој.

Квалитетна реализација на практична настава и усогласеност со потребите на пазарот

1.Организација и квалитет на практичната настава

Практичната настава во училиштето се реализира преку комбиниран пристап, во зависност од образовниот профил и видот на паралелката. Кај дуалните паралелки, практичната настава претежно се изведува во компании, што овозможува директно стекнување на практични вештини во реална работна средина. Учениците се активно вклучени во работни процеси, со што се зголемува нивната подготвеност за вклучување на пазарот на труд.

Кај останатите паралелки, практичната настава се реализира во училишни услови (кабинети и работилници), но повремено се организира и во компании, со цел учениците да се запознаат со реалните работни процеси и современите технологии.

Во рамки на дуалното образование, значајна улога имаат менторите од компаниите, кои се директно вклучени во процесот на учење преку работа. Тие остваруваат континуирана соработка со наставниците задолжени за практична настава, преку координација на активностите, следење на напредокот на учениците и размена на информации. Оваа соработка придонесува за квалитетна реализација на наставата и усогласеност на стекнатите вештини со потребите на работодавачите.

Оценувањето на учениците се врши заеднички од страна на наставникот и менторот, што овозможува објективна и сеопфатна проценка на постигнувањата. Се земаат предвид и теоретските знаења и практичните вештини, како и однесувањето и ангажираноста на ученикот во работната средина.

Во компаниите се обезбедени соодветни услови за работа, вклучувајќи и задолжителна заштитна опрема, со што се гарантира

безбедноста на учениците за време на реализацијата на практичната настава. Ова придонесува за создавање професионална работна средина и развивање на работни навики и одговорност кај учениците.

2.Усогласеност на наставните програми со потребите на пазарот на труд

Наставните програми во училиштето се реализираат во согласност со националните стандарди, при што се настојува нивна континуирана усогласеност со потребите на пазарот на труд. Во таа насока, особено значајна е соработката со компаниите кои се вклучени во реализацијата на практичната настава, особено кај дуалното образование.

Преку редовна комуникација со работодавачите и менторите во компаниите, училиштето добива повратни информации за нивото на подготвеност на учениците, потребните вештини и компетенции, како и за актуелните барања во струката. Овие информации се користат за прилагодување на наставниот процес, особено во делот на практичната настава и изборните содржини.

Работодавачите, преку своето учество во дуалниот модел на образование, индиректно се вклучени во креирањето и ажурирањето на наставните содржини, преку дефинирање на работни задачи, вештини и стандарди што учениците треба да ги постигнат за време на учењето преку работа. На тој начин се обезбедува поголема релевантност на стекнатите знаења и нивна применливост во реални работни услови.

Училиштето, исто така, ги следи трендовите во струката преку соработка со компании, учество во настани, обуки и професионални развојни активности на наставниот кадар. Ова придонесува за навремено препознавање на промените во технологијата и пазарот на труд, како и за постепено усогласување на наставните содржини со современите барања.

Иако наставните програми се централизирано дефинирани, училиштето ги користи можностите за флексибилност преку практичната настава, проектните активности и изборните содржини, со цел подобро да одговори на потребите на локалниот пазар на труд и да обезбеди поголема вработливост на учениците.

3.Соработка со компании и практична примена на знаењата

Училиштето остварува континуирана соработка со повеќе компании, која претставува значаен сегмент во реализацијата на практичната настава и подготовката на учениците за пазарот на труд. Оваа соработка е особено изразена кај дуалните паралелки, каде учениците се вклучени во процесот на учење базирано на работа, односно стекнуваат знаења и вештини преку директно учество во реални работни процеси.

Преку ангажман во компании, учениците работат на конкретни задачи, користат современа опрема и се запознаваат со организацијата на работата, што придонесува за развој на практични компетенции, професионални навики и одговорност. Компаниите обезбедуваат ментори кои го следат напредокот на учениците и даваат насоки за нивно унапредување.

Повратната информација од работодавачите претставува важен елемент во подобрување на квалитетот на наставата. Таа се однесува на нивото на подготвеност на учениците, нивните практични вештини, работни навики и однесување во работна средина. Овие информации се користат за подобрување на наставниот процес и подобро насочување на учениците.

Сепак, и покрај воспоставената соработка, се забележуваат одредени слабости. Интензитетот и квалитетот на соработката не е еднаков со сите компании, при што кај дел од нив ангажманот се сведува на основно вклучување на учениците без доволно структурирано менторство. Во одредени случаи, учениците не се доволно вклучени во сложени работни задачи, туку извршуваат поедноставни активности, што го ограничува развојот на напредни вештини.

Исто така, повратната комуникација од компаниите не секогаш е систематска и навремена, што може да влијае врз квалитетот на следењето на напредокот на учениците. Постојат и предизвици во однос на обезбедување доволен број компании за сите ученици, како и усогласување на термините и обврските помеѓу училиштето и работодавачите.


И покрај овие предизвици, соработката со компаниите претставува силна основа за унапредување на практичната настава и останува приоритет за понатамошен развој.

ПРИЛОГ АНАЛИЗА НА ПРАШАЛНИЦИТЕ

- **Анкета за наставници**


1.Училиштето превзема активности за подобрување на соработката со компаниите

47 responses




2. Содржините за практична настава се усогласени со реалните потреби на пазарот на трудот

47 responses



3. Учениците стекнуваат доволно знаења и вештини за полесно вклучување на пазарот на трудот


47 responses



Анкета за родители


1. Сметате ли дека соработката со компании помага вашето дете да стекне практични вештини?

165 responses




2. Сметате ли дека треба училиштето да ја зголеми соработката со компании и институции?

165 responses



3. Сметате ли дека практичната настава во училиштето го подготвува вашето дете за идното занимање?


165 responses



Анкета за ученици


1.За време на практичната настава стекнувате нови знаења и вештини

276 responses



2.Наставниците ве поттикнуваат да развивате вештини кои се важни за идното вработување?

276 responses



Поддршка за вработливости кариерен развој на учениците

1.Поддршка за вработливост на учениците

Училиштето обезбедува поддршка за вработливоста на учениците преку соработка со компании од секторите застапени во училиштето. Информациите за можностите за вработување најчесто се разменуваат преку воспоставената соработка помеѓу училиштето и компаниите, како и преку вработените во училиштето кои одржуваат контакти со претставници на стопанските субјекти

Поголемиот дел од учениците по завршувањето на средното образование се определуваат за за вработување а помал дел за продолжување на своето образование. Според сознанијата на училиштето, најголем интерес за запишување на високообразовни установи покажуваат учениците од електротехничката струка, потоа учениците од сообраќајната струка и угостителската струка, додека помал дел од учениците од машинската струка.

За учениците кои се вклучуваат на пазарот на трудот училиштето нема воспоставен систем за следење на нивното понатамошно вработување и професионален развој. Истото е и за учениците кои го продолжуваат своето образование. Кај учениците вклучени во дуалното образование, компаниите често изразуваат подготвеност за нивно вработување по завршувањето на образованието, но само мал дел од учениците ја прифаќаат понудата и остануваат да работат во истата компанија. Поголем дел од нив се определуваат за други работни ангажмани, продолжување на образованието или се уште не донеле конечна одлука за својата професионална определба.

2. Кариерен развој и кариерно советување на учениците


Во учебната 2024/2025 година во училиштето не беше назначен кариерен советник, а активностите поврзани со кариерното насочување и советување ги реализираше стручната служба. Во рамки на овие активности се организираа индивидуални и групни разговори со учениците, работилници за кариерно планирање, запознавање со можностите за продолжување на образованието и вработување, како и обуки за изготвување биографија (CV) и подготовка за интервју за работа. Дополнително, во училиштето беа организирани презентации од високообразовни установи со цел учениците да се информираат за студиските програми и условите за упис.

Во учебната 2025/2026 година е назначен кариерен советник, наставник со полн фонд на часови, кој има завршено соодветна обука за извршување на оваа функција. Формиран е и Тим за кариерен развој кој активно работи на планирање и реализација на активности за професионална ориентација и кариерно советување на учениците.
Покрај работата на кариерниот советник и тимот, стручната служба продолжува да спроведува индивидуални разговори, советувања, работилници и други активности насочени кон развивање на кариерните компетенции на учениците, нивно информирање за

можностите за образование и вработување, како и поддршка при донесување одлуки за нивниот понатамошен професионален развој.

3.Сметате ли дека училиштето ве подготвува за идно вработување или продолжување на образованието?

276 responses



4.Дали би сакале повеќе активности во училиштето поврзани со кариерен развој и избор на професија?

276 responses

Н а ова прашање голем дел одговориле дека има доволно активности поврзани со кариерен развој , треба да се продолжи со активностите, да се организираат посети и преставувања на компании, да се организираат средби со професионалци за изготвување на CV и интервју за работа.

Силни страни

1. Воспоставена и формализирана соработка со значителен број локални и регионални компании.
2. Учениците имаат можност да реализираат практична настава и учење преку работа во реална работна средина.
3. Назначени се координатори за практична настава, кариерен советник и Тим за кариерен развој.
4. Постои континуирана комуникација и размена на информации со компаниите и работодавачите

Слаби страни

1. .Квалитетот на практичната обука и менторската поддршка не е еднаков во сите компании.
2. Недоволен број компании во одредени струки и ограничени можности за практична обука за сите ученици.
3. Нема воспоставен систем за следење на вработливоста и кариерниот развој на завршените ученици.
4. Дел од учениците покажуваат недоволна мотивираност за активно учество во практичната обука и вработување во струката.

Приоритети

1. Подобрување на квалитетот на практичната настава и менторската поддршка кај работодавачите.
2. Проширување и зајакнување на соработката со компании од сите стручни области.
3. Воспоставување систем за следење на вработливоста на завршените ученици.
4. Унапредување на кариерното советување и јакнење на мотивацијата на учениците за професионален развој и вработување

ИЗВЕШТАЈ

од самоевалуацијата за сопствената работа и постигнувањата на Државното средно училиште Регионален центар за стручно образование и обука Коле Неделковски Велес за учебните 2024/25 и 2025/26 година.

Врз основа на Законот за средно образование,ДСУ РЦСОО Коле Неделковски спроведе самоевалуација на работата ипостигнувањата за учебните 2024/25 и 2025/26 година.

За таа цел,Директорот на ДСУ РЦСОО Коле Неделковски Велес Горан Богоевски формираше комисија за спроведување на самоевалуацијата за сопствената работа и постигнувањата на ДСУ РЦСОО Коле Неделковски во следниот состав:

1.Весна Стојанова Богоевска-координатор на самоевалуација
2. Амбарков Орданче-координатор на подрачје
3.Гордана Мулева- координатор на подрачје
4.Цветанка Ѓакова Панова- координатор на подрачје
5.Верица Анѓушева- координатор на подрачје
6.Мира Ташкова- координатор на подрачје
7.Горан Богоевски- координатор на подрачје
8.Пандорче Јорданова - координатор на подрачје

Самоевалуацијата беше спроведена во периодот за 2024/25 и 2025/26.За нејзиното успешно спроведување Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот.

Со цел да обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставнички совет одржана на ден 31.08.2026 година,Комисијата ги образложи резултатите од својата работа,силните и јаки страни,како и предложените приоритети.Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување и реализација на стратешките и развојни цели во Развојната програма на училиштето.Во овој извештај ќе го презентираме описот/резимето,силните страни,слабите страни и приоритети во однос на секое подрачје.

Предлог мерки за подобрување на квалитетот на воспитно-образовната работа во средното училиште

1.Унапредување на просторните и материјално-техничките услови за квалитетна реализација на воспитно-образовната работа.
2.Унапредување и продлабочување на соработката со социјалните партнери и компаниите од локалната заедница и вардарскиот регион
3.Зголемување на мотивацијата и учеството на учениците и наставниот кадар во натпревари, манифестации и други активности за промовирање на знаењата и вештините.
4.Постепено подобрување на техничките и материјалните услови за реализација на практичната настава и наставата по стручните предмети.
5.Унапредување на соработката со компаниите и социјалните партнери со цел олеснување на преминот на учениците од образование кон вработување.
6.Развивање на систем на поддршка и мотивација за учениците со потешкотии во совладувањето на наставните содржини, преку дополнителна и индивидуализирана поддршка.
7.Зголемување на видливоста и промоцијата на ученичките достигнувања преку соодветни училишни, локални и дигитални канали.
8.Развивање на свеста кај учениците и вработените за значењето на општествената одговорност, одговорното однесување и грижата за заедничките добра.
9.Понатамошен развој, афирмација и зголемување на видливоста на РЦСОО во локалната заедница и пошироко.
10.Зголемување на учеството на училиштето во проекти, програми и иницијативи што придонесуваат за негов развој и афирмација.
11.Континуирано унапредување на професионалните компетенции на наставниот кадар и стручната служба преку плански форми на професионален развој и размена на добри практики.

Комисија за спроведување на самоевалуацијата за сопствената работа и постигнувања на ДСУ РЦСОО Коле Неделковски

1.Весна Стојанова Богоевска-координатор на самоевалуација
2.Амбарков Орданче-координатор на подрачје
3.Гордана Мулева- координатор на подрачје
4.Цветанка Ѓакова Панова- координатор на подрачје
5.Верица Анѓушева- координатор на подрачје
6.Мира Ташкова- координатор на подрачје
7.Горан Богоевски- координатор на подрачје
8.Пандорче Јорданова - координатор на подрачје